
УСТАВНИТЕ ИЗМЕНИ ВО МЕДИУМИТЕ: ДЕЗИНФОРМАЦИИ, МЕДИУМСКИ МАНИПУЛАЦИИ, ГОВОР НА ОМРАЗА

(анализи)



УСТАВНИТЕ ИЗМЕНИ ВО МЕДИУМИТЕ:
ДЕЗИНФОРМАЦИИ, МЕДИУМСКИ МАНИПУЛАЦИИ, ГОВОР НА ОМРАЗА
(анализи)

Публикација: Уставните измени во медиумите: дезинформации, медиумски манипулации, говор на омраза (анализи)

Издавач:

Институт за медиуми и аналитика ИМА Скопје

Уредници:

Петрит Сарачини, претседател на ИМА

Жарко Трајаноски, раководител на истражувања во ИМА

Автори:

Жарко Трајаноски

Зоран Бојаровски

Д-р Сефер Тахири

Петрит Сарачини

Дизајн:

Јане Стефанов

Печати: Печатница Дуле 99 Стил

Тираж: 50 примероци

Скопје, септември 2023

Оваа публикација е продуцирана со поддршка на Европскиот фонд за демократија (ЕФД). Нејзините содржини не го одразуваат официјалното мислење на ЕФД. Одговорноста за информациите и ставовите изразени во оваа публикација е целосно на авторот(ите).“

СОДРЖИНА

ВОВЕД 5

ЖАРКО ТРАЈАНОСКИ
ДЕЗИНФОРМАЦИИ, ТЕОРИИ НА ЗАГОВОР И МЕДИУМСКИ МАНИПУЛАЦИИ ЗА ПРЕДЛОЖЕНИТЕ УСТАВНИ ИЗМЕНИ 7

ЗОРАН БОЈАРОВСКИ
УСТАВНИТЕ ИЗМЕНИ ВО АЛГОРИТАМОТ ДЕЗИНФОРМАЦИИ – ОМРАЗА – ПОЛАРИЗАЦИЈА 35

СЕФЕР ТАХИРИ
МЕДИУМИТЕ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК: УСТАВНИТЕ ПРОМЕНИ, НЕОПХОДНИ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ 49

ПЕТРИТ САРАЧИНИ
УСТАВНИТЕ ИЗМЕНИ ВО МЕДИУМИТЕ И НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ: СИЛНА ПОЛАРИЗАЦИЈА И ОМРАЗА, СЛАБА ОНЛАЈН МОДЕРАЦИЈА, МАЛКУ ИСТРАЖУВАЊА И ПРЕТСТАВКИ ДО САМОРЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА 61

Вовед

Публикацијата „Уставните измени во медиумите: дезинформации, медиумски манипулации, говор на омраза (анализи)“ донесува авторски анализи, во кои истакнати истражувачи со повеќегодишно искуство во медиумите и во професионалните медиумски организации изнесуваат наоди, примери, ставови и мислења за известувањето на медиумите, дезинформациите, медиумските манипулации и говорот на омраза поврзани со предложените уставни измени, кои се услов за продолжување на преговорите за членство на Северна Македонија во Европската унија.

Преку анализирање на начините на кои се одвиваше медиумското известување и јавната комуникација по ова прашање, четирите авторски анализи во публикацијата имаат за цел да ги детектираат главните наративи и модели на дезинформирање, медиумски манипулации и говор на омраза и да укажат на можните решенија кои би придонеле за намалување на штетите од поларизацијата на јавноста во дебатата за уставните измени.

Во анализата „Дезинформации, теории на заговор и медиумски манипулации за предложените уставни измени“ авторот Жарко Трајаноски укажува на тоа дека дезинформациските наративи и манипулации кои беа препознаени за време на јавната дебата за „францускиот предлог“ во 2022 година, а и претходно за време на Преспанскиот договор, референдумот и уставните измени во 2018 и 2019 година, продолжија и во 2023 година во медиумската и јавната комуникација поврзана со уставните измени.

Преку конкретни примери, анализата на Трајаноски ги презентира главните наративи што содржеа дезинформации, теории на заговор и медиумски манипулации, меѓу кои се оние за „геноцид и етноцид“ врз македонскиот народ, „бугаризација“, дезинформациите во врска со македонскиот јазик, дезинформациите за почетокот, отворањето и продолжувањето на преговорите со ЕУ како и историските дезинформации кои беа неизбежен дел на медиумската и јавната комуникација и за уставните измени.

Во анализата „Уставните измени во алгоритамот дезинформации – омраза – поларизација“, авторот Зоран Бојаровски тргнува со хронологија на настаните и експлозијата на говорот на омраза за време на таканаречениот „француски предлог“ за надминување на спорот со Бугарија и почеток на преговорите на Северна Македонија за членство во ЕУ, чии карактеристики се пресликаа и во медиумското известување и јавната дебата за уставните измени.

Авторот укажува дека говорот на омраза беше силна „придружба“ на јавната дебатата и во оваа фаза - особено во епизодите „Протоколот“, „Бугарски клубови во Македонија“, „Утврдување на уставните амандмани од страна експертската група“ и во уште некои други. Анализа ги идентификува карактеристиките и елементите на говорот на омраза и како тие се пресликуваат во актуелниот комуникациски амбиент во земјата во контекст на предложените уставни измени.

Д-р Сефер Тахири во оваа публикација учествува со анализата со наслов „Медиумите на албански јазик: Уставните промени, неопходни за интеграција во ЕУ“. Од оваа анализа произлегува дека медиумите на албански јазик, слично како и пред една година за „францускиот предлог“, имаа претежно афирмативно известување за предложените уставни измени кои се услов продолжување на преговорите за членство на Северна Македонија во ЕУ.

Тахири укажува дека иако известувањето било главно балансирано, со простор и за ставовите на владејачките и опозициските партии од албанскиот и македонскиот политички кампус, сепак во дел од медиумите провејувале критички тонови кон ставовите на опозициската ВМРО-ДПМНЕ, а големо внимание е посветено и на прашањето на уставниот третман на албанскиот јазик како „јазик кој го говорат 20 проценти од населението“, при што уставните измени се посочуваат како можност за промени и исправање на формулацијата која политичарите и медиумите на албански јазик ја сметаат како неправда. Авторот се задржува и на случаите на сензационалистичко известување, користење верски вокабулар, како и на медиумските содржини со дезинформации.

Дел од оваа публикација е и анализата на авторот Петрит Сарачини „Уставните измени во медиумите и на социјалните мрежи: Силна поларизација и омраза, слаба онлајн модерација, малку истражувања и претставки до саморегулаторните тела“. Во неа се анализира медиумското известување за уставните измени и силната поларизација и говор на омраза што ги предизвикуваа оваа тема во јавноста но особено на социјалните мрежи, преку ставовите на неколку професионални медиумски организации.

Во изнесените ставови преовладува мислењето дека темата на уставните измени предизвикува видлива поларизација на јавноста, но од друга страна видлив е и недостатокот на посеопфатни и професионални медиумски истражувања на ова прашање, за кое и саморегулаторните тела истакнуваат дека имаат малку претставки во однос на прекршување на етичките правила во медиумското известување. Исто така, се истакнува дека малку медиуми ги модерираат коментарите на нивните постови на социјалните мрежи, а за говорот на омраза организациите посочуваат дека треба да има поконсолидиран и покоординиран одговор од страна на институциите.

Публикацијата е дел од активностите на Институтот за медиуми и аналитика ИМА, поддржани од Европскиот фонд за демократија (European Endowment for Democracy) од Брисел, и е придонес за остварување на заложбите на ИМА за унапредување на слободата на медиумите, справување со дезинформациите и говорот на омраза, развој на критичкото мислење и дебата, и потрагата по решенија за справување со овие важни предизвици.

Институт за медиуми и аналитика ИМА Скопје

1. ДЕЗИНФОРМАЦИИ, ТЕОРИИ НА ЗАГОВОР И МЕДИУМСКИ МАНИПУЛАЦИИ ЗА ПРЕДЛОЖЕНИТЕ УСТАВНИ ИЗМЕНИ

Пишува: ЖАРКО ТРАЈАНОСКИ

Условот што го доби Северна Македонија за продолжување на преговорите со ЕУ (промена на Уставот за што е потребно двотретинско мнозинство), им овозможи на разнородни политички актери да развијат и медиумски рашират наративи за оспорување на уставните измени и за подривање на довербата во институциите и властите. Дезинформациските наративи и манипулации кои беа препознаени за време на јавната дебата за „францускиот предлог“ во 2022 година, продолжија и во 2023 година во медиумската и јавна комуникација поврзана со уставните измени. Дел од овие наративи беа успешно користени во јавните кампањи против Преспанскиот договор, референдумот и уставните измени во 2018 и 2019 година, чија цел беше да се спречи полноправното членство на Северна Македонија во НАТО. Целта на кампањите со дезинформации, теории на заговор и медиумски манипулации за предложените уставни измени е да се спречи продолжувањето на започнатите преговори со ЕУ.

Анализирајќи бројни медиумски примери, кои што содржат дезинформации, теории на заговор и медиумски манипулации, можевме да детектираме неколку главни наративи: наративите за „геноцид и етноцид“ врз македонскиот народ; наративите за „бугаризација“; дезинформациските наративи во врска со македонскиот јазик; дезинформациските наративи за почетокот, отворањето и продолжувањето на преговорите со ЕУ; како и историските наративи со дезинформации и теории на заговор, кои беа неизбежен дел од медиумската и јавната комуникација и за уставните измени.

„Дебатата“ за уставни измени и овозможи и на (про)руската пропаганда да го зајакне влијанието на антизападните и анти-ЕУ наративи во македонскиот медиумски простор.

Речиси истите пропагандни мрежи, канали на комуникација и дезинформациски наративи за загрозеност на македонскиот идентитет, јазик и народ, користени во 2018 за време на Договорот од Преспа и референдумот, беа активни и во 2022 (во врска со „францускиот предлог“) и во 2023 година (во врска со уставните измени).

Заеднички именител на сите овие пропагандни наративи е што испраќаат застрашувачки и загрозувачки пораки упатени главно кон етничките Македонци – пораки дека предложените уставни измени го загрозуваат опстанокот на Македонците и македонскиот народ, дека го загрозуваат македонскиот јазик, македонскиот идентитет, македонската историја, како и опстанокот на државата. Ваквите кампањи со пропагандни наративи ги јакнат стравовите, недовербата и ги потпалуваат етнонационалистичките страсти не само кај етничките Македонци, туку и кај другите делови на народи во Северна Македонија, па и пошироко на Балканот.

Во првиот дел од оваа анализа ќе видиме како беа пропагандно воскреснати старите дезинформации и теории на заговори за „геноцид“ и „етноцид“ на македонскиот народ во контекст на предложените уставни измени во 2023 година, како услов за продолжување на преговорите со ЕУ.

1. Наративи за уставни измени: Воскреснување на старите дезинформации и теории на заговори за „геноцид“ и „етноцид“ на македонскиот народ

Дезинформациските наративи и теории на заговор за „поништување“, „исчезнување“, „уништување“, „разнебитување“, „етноцид“ и (идентитетски) „геноцид“ на македонскиот народ не се нешто ново во македонскиот медиумски простор. Ваквите теории на заговор периодично беа дисеминирани во кризни политички контексти од различни актери.

Во првиот дел, ќе ја илустрираме сродноста и континуитетот на дезинформациските наративи и теории на заговор за „поништување“, „исчезнување“, „уништување“ или „разнебитување“, „етноцид“ и „геноцид“ на македонскиот народ по потпишувањето и спроведувањето на „Договорот од Преспа“ (2018), по усвојувањето на т.н. „француски предлог“ (2022), и во тековниот процес за уставни измени во 2023 година.

Ќе наведеме бројни медиумски примери како правните изрази „геноцид“ и „етноцид“ беа злоупотребувани за етно-националистичка и политичка мобилизација и во контекст на расправиите за уставни измени (слично како што беа злоупотребувани и во контекст на „Договорот од Преспа“ и „францускиот предлог“).

1.1. Дезинформации и теории на заговор за поништување и „геноцид врз македонскиот народ“ пред и по „Договорот од Преспа“

„Спорот за името“ со Грција беше максимално користен за етно-националистичка и политичка мобилизација (особено по „грчкото вето“ во 2008 година) со злоупотреба на правните изрази „геноцид“ и „етноцид“. Радикалните националистички организации, како Светскиот македонски конгрес, уште тогаш обвинуваа за потенцијален „геноцид врз македонскиот народ“ со евентуална промена на „државното име Македонија“.[1] Провладината пропаганда тогаш заплашуваше со „разнебитување на македонскиот народ“ и „етноцид“ доколку опозицијата дојде на власт.[2] Заплашувачките анти-западни наративи за „целосно уништување на македонскиот народ и држава“ и неосновани обвинувања за „геноцид“ беа пропагирани и за време на политичката криза 2015-2017.

Оттаму, воопшто не е изненадувачки што наративите за „геноцид“ воскреснаа по најавата за постигнување на конечно решение на „спорот за името“ со Грција во јуни 2018 година. Неколку дена пред потпишувањето на „Договорот од Преспа“, јавно реагираше групата проруски интелектуалци „Македонски манифест“, која со години водеше кампања „НЕ во ЕУ“[3] и предупредуваше за „холокауст врз Македонците“, за „планот за наша идентитетска ликвидација“ и „планираниот

идентитетски геноцид“ (на крајот од 2017 му упати и писмо премиерот на новата влада, Зоран Заев со порака „Ќе бидете одговорни за геноцид (етноцид) врз сопствениот народ“). „Македонски манифест“ во јуни 2018 експлицитно го обвини премиерот дека е „идентитетски убиец на Македонија и Македонците“ и дека врши „геноцид врз сопствениот народ“.[4] Писателот и редовен колумнист на „Нова Македонија“ Ефтим Клетников, обвинуваше ем за „идентитетски геноцид“ („се прави погребување на идентитетот на еден народ“)[5], ем за „геноцид на македонскиот народ“.[6] Во медиумски настапи Клетников правеше неосновани „библиски“ споредби помеѓу Македонците и Евреите,[7] а во една подоцнежна колумна, го опиша „западниот идентитетски геноцид врз Македонците во Преспа 2018“ како „ништење на еден древен народ со неколкумилениумска длабока генеза, од Јафет најмалиот син на Ное по потопот па натаму...“.[8]

Дезинформацискиот и потпалувачки наратив за „геноцид“ беше прифатен и од страна на најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ, која на прес конференции обвинуваше за „срамниот геноцид“[9] и драматично тврдеше дека „овој таканаречен договор е акт на чистење на цела нација, ова е пострашно од геноцид, ова е геноцид врз цела една нација – ова е етноцид“.[10] Потпалувачкиот наратив за „геноцид“ беше проследен со дезинформации во врска со „Договорот од Преспа“ (дека „именката Македонија ќе биде избришана во Уставот“, дека „се забранува секаква употреба на придавката македонска, македонско, македонски во сите форми од сите институции кои што имаат изданија и кои што добиваат пари од државата“) и со инсинуации за забрана на химната.[11]

Дезинформациските наративи за „современ геноцид“ и „етнички геноцид на Македонскиот народ и бришење на сè што е македонско“[12] беа зајакнати во кампањата „Бојкотирам“ пред Референдумот во 2018 година. Оваа кампања беше прилично активна и виралнa на социјалните мрежи[13] со хаштазите „#Бојкотирам Уставни измени за бришење на Македонија и македонскиот народ од постоењето!“ и „#Бојкотирам #Геноцид“.[14]

Откако на 30 јули 2018 година Собранието донесе одлука за распишување консултативен референдум, над 30 проруски партии и здруженија повикаа на „Неизлегување и бојкот на референдумот, кој е геноциден проект врз македонскиот народ”.[15] Како предводник на кампот „Македонија бојкотира“ беше проруската партија „Единствена Македонија“ (ребрендирана по урнек на Путиновата „Единствена Русија“), која уште во почетокот на 2018 предложи автопатот кон Грција да се нарекувал „геноцид“, наместо „пријателство“.[16] „Единствена Македонија“ повикуваше на „света борба на сите нас за опстанок на цел еден народ“, го обвинуваше НАТО како „геноцидна организација“, и се залагаше за стратешки сојуз со Русија кој „го обезбедува опстанокот и иднината на Македонија“, кои биле загрозени од „геноцидот што сакаат да го направат врз македонскиот народ“.[17] И проруските геополитичари се обидуваа да ги претстават уставните измени како геноциден процес („операција геноцид во живо“), а „преименувањето и бришењето на Македонија“ како „антибожји акт“ со кој му се помага на „Сатаната да воспостави антибожјо царство“.[18]

И претставници на Македонците во соседните земји[19] и на дијаспората (во различни периоди) обвинуваа за геноцид врз македонскиот народ, „идентитетски, историски и културен геноцид на македонскиот народ“, „културен и антрополошки геноцид“, „геноцид врз една култура“, итн.



Постер од кампањата за бојкот на Референдумот во 2018 година, извор: Фб страница ВМРО

Иако таборот #Бојкотирам беше хетерогена група, дел од гласноговорниците за бојкот беа многу блиски со водството на најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ. На пример, претседателката на Комисијата за политички систем на ВМРО-ДПМНЕ, Тања Каракамишева, која седеше до Мицкоски на лидерската средба за референдумот, на денот на референдумот агитираше „НЕ ГЛАСАМ и не одговарам на геноцидно прашање“, а подоцна јавно се залагаше за влез во Евроазиската унија, затоа што „тоа е иднината на светот“. И членови на раководството на ВМРО-ДПМНЕ агитираа дека за референдумот „ќе се гласа за Северна Македонија, за создавање нов, вештачки народ, за уништување на македонскиот народ“.[20] И партиското гласило на ветераните на ВМРО-ДПМНЕ, „Македонска нација“ го прогласи референдумот за „геноциден“, тврдејќи дека со прифаќањето на промена на името Македонците „ќе ги снема од историската сцена“.[21]

Јавен притисок врз ВМРО-ДПМНЕ да повика на бојкот на референдумот упати и великодостојникот на МПЦ, митрополитот Агантангел, кој верува дека „врз македонскиот народ, во последните сто години се врши планиран, континуиран и отворен геноцид“, и дека потпишувањето на договорот со грчката влада е „суптилен геноцид на еден народ“. Агатангел му упати експлицитна порака на Мицкоски - „повикајте на бојкот на наместениот референдум кој во блиска иднина ни се спрема за да ја оддува Македонија и македонскиот народ.“[22] Во 2019, Агатангел ја искористи дури и посетата на папата во Скопје, за да ги повтори обвинувањата за „тивок и специјален геноцид врз македонскиот народ“.[23]

Дезинформации за „промена на името за македонскиот народ“ како „културен холокауст“ беа ширени и на „Централен Бојкотирам собир „Бојкотирам Северна, Секогаш Македонија!” – Скопје“. Организаторите „Млади за Македонија“

(кои се фалат како лансирачи на движењето „Бојкотирам“, и во својата платформа го отфрлаат „геноцидниот Преспански Договор“) правеа неосновани споредби помеѓу Македонците, Евреите и Мохиканците, ширејќи теории на заговор дека е загрозен опстанокот на Македонците како народ.[24]

И по референдумот, ВМРО-ДПМНЕ продолжи со дискурсот за „етноцид врз македонскиот народ“, за „бришење на македонскиот идентитет“,[25] а и неговите раководни кадри јавно тврдеа дека „се случи и сеуште се случува економски колапс, етноцид и геноцид врз македонското население...“.[26]

Слично како што проруските кампањи во 2015-2017 втеруваа страв од кантонизација, федерализација, поделби на земјата и нејзино разнебитување, кампањите во 2018 создаваа светоглед од перцепции дека Договорот од Преспа и референдумот води кон „самоуништување“, „самоубиство“, „самоукинување“, „исчезнување“, „разнебитување“, „етноцид“, „геноцид на македонскиот народ“, итн. Ваквите потпалувачки и поларизирачки наративи со дезинформации, кои вклучуваа имагинарни закани не само за македонскиот идентитет, туку и за македонскиот народ, според експертите за дезинформации на ЕУ, беа клучни за „подривање на учеството во референдумот за промена на името“.[27]

1.2. И претседателот на државата Иванов шире дезинформации и теории на заговор за „правно укинување“ и „правно и историско поништување на Македонскиот народ“

Иако пред референдумот се шире медиумска фама дека и претседателот Иванов во обраќањето пред ОН, ќе го разобличел „Договорот од Преспа“ како „обид за геноцид на македонскиот народ“,[28] во своето обраќање Иванов посочи само на „автоцензура на колективната свест на македонскиот народ“ и „правното укинување на македонскиот народ“.[29]

Откако на крајот на 2018 „Македонски манифест“ побара од Иванов да почне процедура во ОН за одбрана на името, со тврдење дека „се врши идентитетски геноцид врз македонскиот народ“,[30] Иванов во годишното обраќање во собранието предупреди на „правно и историско поништување на Македонскиот народ“.[31] Наративите за „поништување на македонскиот народ“ беа пропагирани и од проруските партии, од новоформираната „Родина“ (која зборуваше и за „идентитетски геноцид врз македонскиот народ“) и од „Единствена Македонија“ која подоцна во писмо до Макрон го поздрави неопределувањето датум за преговори, реферирајќи на „националното поништување на македонскиот народ од марионетската власт во Скопје“.[32]

Што се однесува до барањето на „Македонски Манифест“ до Иванов, гласноговорникот Ефтим Клетников, во едно интервју од 2020 ќе тврди дека „ние сме убиен народ“, а дека Русија инсистирала проблемот со името да биде пак поднесен во ОН. Според Клетников, Ѓорге Иванов не го сторил тоа, иако биле собрани граѓански потписи за таква иницијатива, по што гласноговорникот на „Македонски манифест“ го обвини за „велепредавство“.[33]

„Македонски манифест“ на крајот на 2021 испрати и писмо до Путин во кое ги повтори обвинувањата за „идентитетски геноцид“, образложувајќи дека „намерата

со ликвидација на меморијата на Македонците“ била „да се ликвидира и нивната генеричка свест за братство со словенството, и посебно со Русија и Русите, на нивната љубов кон нив“. Во писмото, потпишано од повеќе интелектуалци и од Митрополит повардарски Агатангел на МПЦ-ОА, се укажува и на „крвната родствена врска меѓу Македонците и Русите“, на „нивната сијамска близначка врска“.[34]

1.3. Дезинформации и теории на заговор за „поништување“ и „геноцид врз македонскиот народ“ по „францускиот предлог“

Наративите со дезинформации, манипулации, заплашувања и теории на заговори за македонскиот народ и Македонците беа централен дел од опозициската кампања против „францускиот предлог“ и преговарачката рамка во летото 2022.

Најрадикалните проруски опозициски партии и политичари ги истакнуваа „бугарските услови за бришење на македонската нација“ (Единствена Македонија), драматизираа дека „главата му се сече на македонскиот народ во протоколот“ (Јакимовски од ГРОМ), а проруската партија „Левица“ на еден од протестите донесе гилотина со опис „француски предлог“. Пораката „Францускиот предлог е гилотина за македонскиот народ!“ беше промовирана и од кандидатката за градоначалник на општина Центар од ВМРО-ДПМНЕ и „Глас за Македонија“.[35]

Проруската пропагандистка Мирка Велиновска, која по 27 април 2017 тврдеше дека „врз Македонците се врши етапен геноцид од божем цивилизираниот дел од светот“,[36] како гостинка на прорускиот канал „Родински разговори“, ги обвини „нецивилизираните Европјани“ дека се обидувале да извршат геноцид и да прогласат „жив народ за мртов“.

Дезинформациите дека со т.н. „француски предлог“ се врши „етноцид, културоцид“, па дури и „геноцид кон цел еден народ“ беа препознатлив белег од опозициската кампања против преговарачката рамка на ЕУ.[37] Откако претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски јавно го обвини премиерот Димитар Ковачевски за „економски геноцид“[38] и дека го „ништи македонскиот идентитет“,[39] пратенички на ВМРО-ДПМНЕ во Собранието шираа дезинформации дека „со францускиот предлог сведоци сме на страшен геноцид“,[40] и теории на заговор дека „францускиот предлог“ ќе направел „геноцид врз македонскиот народ“[41] и дека ќе сме си извршеле „етноцид“.

И интелектуалните гласноговорници против „францускиот предлог“ креваа јавна паника за „геноцид и етноцид“.[42] Поранешниот потпретседател на владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ задолжен за евро-интеграции, Ивица Боцевски, при гостување во ТВ Алфа го искина „францускиот предлог“, а подоцна дезинформираше во колумна дека влезот во ЕУ „треба да биде платен со поништување на сè што е македонско и со бришење на Македонците од кругот на нациите и од друштвото на етникумите.“[43]

1.4. Злоупотреба на МАНУ за ширење на дезинформации и теории на заговор

Еден од главните генератори на дезинформации и теории на заговори за „Договорот од Преспа“ и „Францускиот предлог“ е претседателот на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) Љупчо Коцарев, кој тврдеше дека „... со францускиот предлог, Владата на Македонија ќе посведочи дека во државата Македонија, во границите на денешна Македонија, нема Македонци“.“[44] Во една своја колумна, Претседателот на МАНУ Коцарев дезинформираше и дека „Македонците веќе уште денес ги нема“, изведувајќи погрешен заклучок од еден документ за упис на факултет.[45]

За време на кампањата против „францускиот предлог“ во 2022, Коцарев неосновано обвинуваше за „геноцид на Македонците во Егеј и во Пирин“, наводно извршен со договорите со Грција и Бугарија, и шириеше теории на заговор дека „Македонците ќе исчезнат“ и дека немало да влезат во ЕУ.[46]

Љупчо Коцарев продолжи да ја злоупотребува МАНУ и неговата функција како претседател и на денот на МАНУ во октомври 2022, ширејќи дезинформации и неосновани обвинувања дека „се одвива културен геноцид врз Македонците во нивната држава“ и насекаде каде што живеат.[47] Ивица Боцевски, во пропагандната колумна каде што го промовира Коцарев како единствен претседател на Македонија, го опишува како дел од „македонската интелигенција против културниот геноцид врз македонскиот народ и обидите за бришење на македонската државност“.[48] Како претседател на МАНУ, Коцарев продолжи да шири дезинформации и неосновани аналогии дека Македонците биле на работ на истребување како и балканскиот рис.[49]

Може да се каже дека во февруари 2023, токму Коцарев ја започна кампањата против уставни измени на годишното собрание на МАНУ, кога дезинформираше дека на 17 јуни 2018 г. „македонскиот народ целосно исчезна од меѓународната сцена“.[50] Притоа, Коцарев тврдеше и дека договорите со Грција и со Бугарија „претставуваат културен геноцид на Македонците“, и предлагаше „во колективната меморија на македонскиот народ да се именуваат со синтагмата „македонски холокауст““ и „надлежните институции во Македонија да предложат ден за комеморативно одбележување на македонскиот холокауст“.[51] И покрај критиките за ненаучност[52] и за „антибугарски ставови“, Коцарев продолжи да го користи изразот „македонски холокауст во кој се најде македонскиот народ денес“ и при комеморација за негов предок во Париз, при што шириеше и етно-националистички мит за „милениумска традиција“ на „македонското име, македонскиот јазик, македонската култура, македонскиот идентитет, македонската историја“.[53] Иако изразот „македонски холокауст“ не е нов во македонската етно-националистичка литература, неговото воскреснување во контекст на „Преспанскиот договор, Тиранската платформа и Договорот со Бугарија“ е дело на путинистот Ефтим Клетников, во пропагандна функција на сатанизација[54] и нацификација на Западот.[55]

Кампањата против промена на уставот Коцарев ја продолжи со ширење на веќе познатите теории на заговор за исчезнување на Македонците во ЕУ. Во едно интервју, Коцарев како прво сценарио ја скицираше можноста Македонија во наредните дваесетина години да стане полноправна членка на ЕУ, но „притоа, Македонците веќе целосно се исчезнати и не постојат“. Според Коцарев, со прифаќање на бугарските и грчки барања во текот на преговорите со ЕУ,

„македонскиот идентитет, Македонија и Македонците постепено ќе исчезнат како никогаш и да не постоеле“.[56]

Коцарев продолжи со обвинувањата за „културен геноцид“[57] и во контекст на уставните измени, обвинувајќи дека „културен геноцид“ се врши од „сите документи“ во кои од Македонците се бара „да се откажат од македонството“.[58] Наспроти обидите за релативизацијата на поимот идентитет (кои според Коцарев, се направени „со единствена цел да се разнебити, да се уништи и да се понижи македонскиот народ, неговиот идентитет и неговиот јазик“), претседателот на МАНУ во секоја своја колумна ги пропагира етно-националистичките митови за „милениумски континуитет на македонскиот јазик, македонскиот идентитет и македонскиот народ“.

1.5 Дезинформации и теории на заговор за „поништување“, „етноцид“ и „геноцид врз македонскиот народ“ во контекст на уставните измени

Во пресрет на процесот на уставни измени, проруските пропагандисти од „Македонски манифест“ продолжија со кампањата против „идентитетскиот геноцид“ и „идентитетската ликвидација на македонскиот народ“, која требало да заврши со „бришење на името МПЦ – ОА.“[59] Во почетокот на 2023 година, во гостување на ТВ Алфа, Клетников обвини дека владејачката партија со „нацифашистички капацитет“ го „ликвидира идентитетски, буквално го закла, му ја отсече колективната идентитетска глава“ на македонскиот народ, а Западот имал план за „бугаризирање“ на Македонците, „да нема воопшто Македонец“.

„Македонски манифест“ формираше и „морален суд“ во мај 2023 година, а неговите правници и обвинители јавно осудуваа за „идентитетски геноцид на Македонците“,[60] меѓу другото и за „...геноцидната по Македонците предлог-рамка за договор со Бугарија на Емануел Макрон...“. Гласноговорникот Ефтим Клетников, кој заговараше формирање на морален суд уште во 2019 година,[61] по повод 15 години „Македонски манифест“, потсети дека „манифестот прв говореше и предупредуваше на опасноста од идентитетскиот геноцид“, „смислен од Брисел и Вашингтон“. Клетников на националната ТВ Алфа ја обвинуваше „геноцидната влада“ за „геноцидот во Македонија“, а во „Отворено писмо до Емануел Макрон“, го обвини дека бил вклучен во „идентитетскиот геноцид сега над Македонците од бриселска Европа“. Како продолжение на кампањата против уставни измени, Клетников пропагираше морбидни теории на заговор дека „сме новите Евреи (од Третиот рајх) и Индијанците на оваа цивилизација“ кои биле „одбрани за ништење“, заклучувајќи - „многу подобро БРИКС отколку ЕУ што нè убива идентитетски“. И еден од проруските членови на „Македонски манифест“ во своите колумни инсинуираше дека САД, ЕУ и НАТО се нервирале што не можеле да спроведат и физички геноцид, и пропагираше дека „ЕУ е ќорсокак“ и „единствена алтернатива е БРИКС“.[62] „Македонски манифест“ дури даде и јавна поддршка и на протестот против рудникот Иловица, со слоганот „Стоп за ништење на Македонија и Македонците“, тврдејќи дека и тој рудник е „дел од идентитетскиот геноциден план кој оваа ненародна власт веќе подолго време свесно или несвесно го спроведува.“

И весникот „Нова Македонија“ во 2023 година ја продолжи кампањата против „агресивната и етноцидна политика од страна на Софија кон македонскиот народ“, против „крајно геноцидни и етноцидни политики на земја-членка на ЕУ“.

„Нова Македонија“ во своите анализи го зајакнуваше наративот за „културоцид или етноцид“, притоа прогласувајќи го Договорот со Бугарија за „етноциден или културоциден“, и обвинувајќи ја Европа како „соучесник во геноцидните и етноцидните политики на двете соседни земји“.

На Денот на независноста, „Нова Македонија“ објави интервју со претседателот на СМК Тодор Петров, во кое тој обвинуваше дека „врз македонскиот народ во сопствената држава Македонија е извршен геноцид од марионетска влада“ и „Македонија е под режим на фашизам, Македонците се под режим на геноцид!“.[63] Претходно, во колумна во „Нова Македонија“, Тодор Петров обвинуваше за „велепредавство, геноцид врз македонскиот народ и злосторство против човештвото, кое не застарува“, сугерирајќи смртна казна за такво дело.[64]

И проруските партии, како „Левица“, обвинуваа дека „преку уставни измени се случува идентитетски геноцид на Македонците“ или „идентитетски геноцид на македонската нација“. Проруската партија „Родина“ беше дел од анти-западната кампања против „родовата идеологија“,[65] и во првите редови на протестот на МПЦ со повик „Да излеземе во што поголем број и силно да покажеме дека нема да им помине културолошкиот геноцид и етноцид“. Во „вонредната“ партиска емисија, „Родова еднаквост или загрозување на се македонско: Род, Народ, Општество“, член на претседателството на „Родина Македонија“ обвини дека Западот сакал да го убие не само семејството како клетка, туку и „сакаат да го убијат македонскиот организам и македонштината во целост“. Проруската партија „Единствена Македонија“, пак, излезе со „иницијатива за влез на Русите, Белорусите, Украинците, Чесите, Словаците, Полјаците и Словенците во македонскиот Устав“, со „научно“ образложение дека „Македонија е Мајка на сите словенски народи кои тргнале од Македонија“ и дека станува збор за народи „кои основата ја имаат во македонскиот народ“.

Лидерот на проруската партија ГРОМ Стевчо Јакимовски, во гостување на ТВ24 шириле теорија на заговор дека целта на дел од соседите била да не постојат Македонците во уставот: „Целта на сите нив е, и на Бугари и на овие од Албанија и на Грци, во македонскиот устав да не постојат Македонците, ова да биде граѓанска држава, а да ги нема Македонците, тоа е целта на сите околу нас“. Во дебатни емисии на национална телевизија се шириеа и дезинформации дека со најавените уставни измени ќе нема македонски народ, а дека со вметнувањето на Бугарите во Уставот ќе имало три конститутивни народи – „Албанци, Бугари и граѓани на Република Северна Македонија“.[66]

Накусо, и во 2023 година продолжија да се шират дезинформации и теории на заговори за „геноцид и етноцид врз Македонскиот народ“ - главно од страна на проруски политичари, аналитичари, јавни личности, интелектуалци, колумнисти, па и од страна на етно-националистички здруженија на граѓани на културни настани. На пример, во покана за фестивалот на патриотски и родољубиви рефрени „Македонија 2023“ организиран од Здружението на граѓани „Македон“ за 2.08.2023, се споменува дека се врши „анти цивилизациски геноцид и етноцид врз македонскиот народ“, а фестивалот се легитимира како чин на одбрана на македонскиот идентитет, и од обидите за „уништување на Македонија и македонскиот народ“.[67] И овој пример покажува како правните изрази „геноцид“ и „етноцид“ беа злоупотребувани за етно-националистичка мобилизација во контекст на расправиите за уставни измени.

Иако злоупотребата на изразите „геноцид“ и „етноцид“ не беше препознатлива во медиумските настапи на претставниците на ВМРО-ДПМНЕ (како во 2022 година и претходно), и оваа партија продолжи со теории на заговори и ширење на дезинформации и медиумски манипулации во врска со македонскиот народ, македонскиот идентитет, и македонската држава (кои ќе бидат проследени во следните делови од оваа анализа на главните дезинформациски наративи во контекст на уставните измени 2023).

2. Теории на заговор за „бугаризација“ и дезинформации за македонскиот јазик и историја во контекст на уставните измени

Во вториот дел од анализата, ќе ја согледаме поврзаноста на теориите на заговор за „бугаризација“, дезинформациите за македонскиот јазик, дезинформациите и медиумските манипулации за почетокот, отворањето и продолжувањето на преговорите со ЕУ, историските дезинформации и манипулации, како и етнонационалистичките наративи, митови, и теории за заговори за „Голема Бугарија“ и „Голема Албанија“ во контекст на уставните измени. Ќе ја согледаме и улогата на медиумите во некритичкото ширење на дезинформации, манипулации и теории на заговор, во врска со уставните измени.

2.1. Теориите на заговор за „бугаризација“ со уставните измени

Дезинформациските наративи кои содржат теории на заговор за „бугаризација“ беа пропагирани од лидерите на најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ во контекст на „францускиот предлог“ и отворањето на преговорите со ЕУ.[68] Откако Собранието ги усвои заклучоците за „францускиот предлог“, Мицкоски обвини за „предавство чиј план е асимилација и бугаризација на македонскиот народ“.[69] Опозициискиот дискурс против „бугаризацијата“ во контекст на „францускиот предлог“ беше зајакнуван и радикализиран и од проруски политичари.[70]

Политичките наративи за „бугаризација“ беа пропагирани и во контекст на уставните измени во 2023 година, од најразлични актери, но многу помалку од претставници на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа наиде на критики од страна на премиерот Димитар Ковачевски, кој јавно укажа дека се променила „реториката на ВМРО-ДПМНЕ дека се прави бугаризација, асимилација...“.[71]

Премиерот Ковачевски ја критикуваше и ланската „хистерија за наводна бугаризација“ која „веќе не постои во јавниот дискурс, освен од неколку платени руски ботови...“.[72]

Меѓутоа, како што ќе видиме, изразот „бугаризација“ беше и е составен дел од медиумскиот и јавниот дискурс во контекст на процесот на уставни измени, и покрај пропагандниот пресврт, што и поранешни министри на ВМРО-ДПМНЕ почнаа отворено да го разоткриваат митот за „бугаризација“.[73]

На пример, емисијата „Детектор“ на ТВ Сител во мај 2023 акцентираше податок од анкета дека „62% од Македонците сметаат дека преговарачката рамка е вовед во бугаризација на Македонија“ (50,9% од анкетираните),[74] која погрешно ја

претставува преговарачката рамка на ЕУ, како „преговарачката рамка со Бугарија“. И емисијата 360 степени во мај 2023 го актуелизираше прашањето за „Бугаризација на Македонија“.[75]



Дел од анкетата на Институтот за политички истражувања Скопје, објавена во емисијата „Детектор“ на ТВ Сител

На поставеното прашање „дали на Македонија и се заканува бугаризација“, гостинот на „Детектор“ Ивица Боцевски реферираше на бугарските позиции како „бугаризација преку европеизација“ и изнесе непоткрепено тврдење дека „... целокупната рамковна позиција на бугарската влада, и декларација од народно собрание, се вклучени во преговарачката рамка“. Во гостување во емисија „Само вистина“ на ТВ Канал 5 во јули 2023, Боцевски продолжи да тврди дека „европеизација преку бугаризација нема да се спроведе“,[76] што е надоврзување на неговите претходни тези за Македонија како „бугарска колонија“ и за евроинтеграциите како „бугаризација преку европеизација“.[77]

Дека и во јули 2023 беше медиумски актуелна тезата на ВМРО-ДПМНЕ „нема да дозволиме бугаризирање на Македонија“, сведочи и основачот и првиот претседател на ВМРО-ДПМНЕ Љубчо Георгиевски, кој ја деконструираше оваа теза во интервју за „Фокус“, обвинувајќи ја сегашната „најпросрпска партија“ за „србизирање на Македонија“.[78] Претходно, и лидерот на ДПА, Мендух Тачи јавно ја обвини ВМРО-ДПМНЕ дека е „проруска и просрпска партија“ и за „асимилација на македонскиот народ“.[79]

Политичките кампањи против „бугаризацијата“ продолжија и во контекст на уставните измени.

Проруската партија „Левица“, која во почетокот на 2023 организираше протести против бугаризацијата, почна да води кампања дека „Уставните измени се правна рамка за бугаризација на Македонија“.[80] Исто така, „Левица“ го

дискредитираше договорот со Бугарија како официјално започнување на процесот на бугаризација на Македонија.[81] „Левица“ водеше црна кампања против „процесот на бугаризација на Македонија со внесување на бугарите во Уставот“ и ги дискредитираше членовите на работната група за предлог - иницијативата за промена на Уставот како „тимот за бугаризација“.[82] Проруската партија „Левица“ го користеше терминот „бугаризација“ и за да води анти-западна кампања против ЕУ и САД.[83]

Лидерот на „Левица“, Димитар Апасиев продолжи да зборува против „францускиот предлог за бугаризација“,[84] да агитира „стоп за бугаризацијата, софиската платформа“ и да прогласува „неуспешен обид за бугаризација на Уставот“.[85] И други проруски политичари, како од партијата „Глас за Македонија“, пропагираа теории на заговор дека „уставните измени се пат кон целосна наша бугаризација“. И интелектуалци со проруски ставови во 2023 продолжија да пишуваат против „Макроновиот предлог за „бугаризација“ на Македонија“ и да обвинуваат „за наша бугаризација како измислен народ без историска меморија“.

Дополнителен показател за актуелноста на теориите на заговор за „бугаризација“ во контекст на иницијативата за уставни измени се и обидите на владините функционери за јавно дискредитирање и разобличување на тезите за „бугаризација“. На пример, во интервју за МИА, премиерот Ковачевски ги опиша како флоскули и невистини, тезите за „асимилација и бугаризација“ и за „бугарски диктат“.[86] Министерот за надворешни работи Османи, пак, јавно ја разобличуваше тезата дека со „споменување на Бугарите како посебно малцинство во Уставот се прави бугаризација на државата“, сугерирајќи дека тоа се прави „со земање пасоши каде што сами се пријавувате дека сте по потекло Бугари“.[87] Слични аргументи, дека вадењето бугарски пасоши значи „бугаризација“, јавно образложуваше и потпретседателот на СДСМ Стефан Богоев,[88] кој ги образложуваше и тезите дека „концептот на влез во ЕУ е концепт на македонизација“, а „концептот на изолација е концепт на бугаризација и принудување на нашите граѓани во очај да вадат бугарски пасош“.[89]

Наспроти ваквите тези, проруските аналитичар Ристо Никовски шириле дезинформации дека со внесувањето на Бугарите во Уставот „сами ќе се согласиме дека не постоиме како народ и дека Софија е во право кога тоа го тврди.“[90]

И провладината контра-кампања против тезите за „бугаризација“ сведочи за непоткрепеноста на изјавите на премиерот Ковачевски од август 2023 дека „бугаризација и асимилација не се користат како зборови, бидејќи не постојат“.[91] Како што може да се види, изразот „бугаризација“ беше составен дел на дезинформациските кампањи против уставните измени, но и на контра-наративите на провладините колумнисти.[92]

Иако ВМРО-ДПМНЕ не го користеше толку изразот „бугаризација“ како во кампањата против „францускиот предлог“ од 2022 година, претставници на најголемата опозициска партија продолжија да водат кампања против уставните измени претставувани како „асимилација“ и „бугарски диктат“, па и „тивка бугаризација на македонскиот народ“.[93] На пример, потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Владо Мисајловски тврдеше дека „она што го бара Бугарија е еден вид на асимилација кон македонскиот народ“, портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ, Наум Стоилковски предупредуваше на „целосна асимилација на Македонија

и македонскиот народ“, власта беше обвинувана дека прифатила „услови за евроинтеграции кои значат или вечни преговори или асимилација“, а во партиски реакции се истакнуваше „замката на Бугарија во која или бесконечно ќе преговараме или асимилација“.

По предлогот на Мицкоски на лидерската средба во јуни 2023 „евентуалните уставни измени да важат денот кога ќе отпочне ратификацијата на пристапниот протокол на Македонија во рамките ЕУ од парламентите на 27-те земји членки“, во јавноста стана појасно дека „ВМРО-ДПМНЕ не е против Бугари во Уставот, како што не е против Хрвати во Уставот“.[94] Иако подоцна Мицкоски на прес конференција (19.08.2023) испрати пораки на бескомпромисност во однос на уставните измени („нема цена по која би ги прифатиле овие уставни измени под бугарски диктат“),[95] на истата прес-конференција тој укажа на неколку услови за вклучување на Бугарите во Уставот како „дел од бугарскиот народ којшто живее во Македонија“ кој „е дел од македонската нација“.[96] Ваквите ставови беа толкувани како спротивни на ставовите на Мицкоски од 2022 година - „додека јас сум претседател нема да се смени уставот за да бидат бугарските барања дел од него“. Токму затоа, одредени аналитичари заклучија дека „Мицкоски не го оспори влезот на Бугарите во Уставот, туку манипулираше со бугаризација, асимилација и бугарски диктат и со фактот дека власта нема двотретинско мнозинство за уставни измени.“[97]

2.2. Дезинформаторски наративи за македонскиот јазик во контекст на уставните измени

Во македонските медиуми во 2022 година се шируеа повеќе наративи со дезинформации и медиумски манипулации за македонскиот јазик во контекст на „францускиот предлог“: дека „македонскиот јазик го нема во предлогот“, дека е преименуван, дека „имало само една фуснота дека македонскиот јазик е дијалект на бугарскиот“, дека „само за нас јазикот ќе биде македонски“, па дури и дека актуелната власт го преименувала македонскиот јазик во „мајчин јазик“.[98] Опозициските лидер Мицкоски во 2022 година тврдеше дека пратениците на ВМРО-ДПМНЕ биле „браникот на македонскиот јазик и идентитет и нема да дозволат промена на Уставот“.

На 18.10.2022, во гостување на Првиот канал на јавниот сервис, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Мицкоски погрешно тврдеше дека македонскиот јазик во ЕУ секогаш ќе има фуснота. Но, по потпишувањето на договорот Фронтекс помеѓу ЕУ и Северна Македонија на 26.10.2022, Урсула фон дер Лејен јасно истакна дека нема никаква фуснота: „...Ви ветив дека ќе биде потпишан договорот Фронтекс, преведен на македонски јазик, без фуснота, без ѕвездичка, на еднакво рамниште со сите 24 јазици на ЕУ...“, истакна Фон дер Лејен на прес-конференцијата во македонската Влада по потпишувањето на Договорот.[99]

Иако Фон дер Лејен изјави „Длабоко сум убедена дека нема да чекаме предолго за да имаме 25 официјални јазици“,[100] а Борел укажа за Договорот со Фронтекс дека е „гаранција за македонскиот јазик како еден од официјалните јазици на Европската унија“, дезинформациите и манипулациите во врска со македонскиот јазик продолжија и во 2023 година, во врска со преговорите со ЕУ. На пример, во медиумите повторно беа објавувани непроверени тврдења за „фуснота“ за

македонскиот јазик[101] во контекст на „Договорот со Фронтекс“. Евроамбасадорот Гир практично ги демантираше истакнувајќи дека неодамна ратификуваниот договор за статусот на Фронтекс бил „потпишан и преведен на македонски јазик, без фусноти и ѕвездичка, на еднаква основа со сите 24 јазици на Европската унија“.[102] Иако евроамбасадорот Гир јавно укажуваше дека „македонскиот јазик веќе е во рамката за преговарања без никакви квалификации“[103], порталот Мкд.мк спроведе анкета со манипулативно прашање „Дали би ги поддржале уставните измени доколку ЕУ даде цврсти гаранции за зачувување на македонскиот јазик и идентитет?“.[104]

Во 2023 година продолжија да се објавуваат дезинформации и манипулации за непризнавање на македонскиот јазик во ЕУ, како и дека македонскиот јазик не бил македонски вон Македонија.[105] На пример, професорката Елка Јачева-Улчар тврдеше „Денес, за оние на југот македонскиот јазик не постои, оти таму некој се договорил дека нема луѓе што зборуваат македонски“,[106] и покрај вестите од 2022 година дека „Грција го регистрираше Центарот за македонски јазик“. Само еден месец подоцна, Јачева-Улчар ќе се демантира себеси, тврдејќи дека „со постоењето на Центарот за македонски јазик, грчката држава практично ја легитимира реалната состојба дека егејските дијалекти му припаѓаат на македонскиот јазик“.[107]

И предлог-законот за македонски јазик беше мета на дезинформации и манипулации, како таа

дека говорителите на албански јазик во Македонија имале во практика поголеми јазични права од македонските говорители.[108] Се пропагираше и дека секое негирање на историскиот континуитет на македонскиот јазик е „македонофобично“.[109]

И додека траеше расправата во Собранието за уставните измени на Комисијата за уставни прашања, се прошири дезинформација за наводно „суспендирање на македонскиот јазик од декларациите“ на одредени производи.[110] Од собраниска говорница, лидерот на „Левица“ Апасиев тврдеше дека „имаме унилатерална изјава за македонскиот јазик, званично архивирана во европски архиви, дека македонскиот јазик е ЗАПАДНОБУГАРСКИ ДИЈАЛЕКТ“, што е манипулација, затоа што во „едностраната декларација“ на Бугарија нема експлицитно таква теза, ниту се спомнува изразот „западнобугарски“. И други аналитичари манипулираа дека „со официјалното повикување на бугарската изјава, дека македонски јазик – нема, ЕУ го отвори патот за негово негирање“.[111]

Во написот „Нов предизвик за македонскиот јазик во ЕУ“ беше објавено непоткрепено тврдење дека „и понатаму е индикативно загрижувачки што европските претставници избегнуваат да го споменуваат македонскиот јазик, дури и кога доаѓаат во убедувачка мисија за Бугарите да бидат внесени во македонскиот устав“. Меѓутоа, главните претставници на ЕУ, Фон дер Лејен и Борел не само што го споменуваа македонскиот јазик, туку и објавуваа изјави на македонски јазик, и јасно укажуваа дека ќе биде еден од официјалните јазици на ЕУ.

Но, и покрај изјавите на највисоките челници на ЕУ, како и заклучоците на Советот на ЕУ, во кои стои дека преводот на документите ќе се врши на македонски јазик, и покрај тоа што скринингот се одвиваше на македонски јазик, одредени партии тврдеа дека „во ниту еден документ на ЕУ, не е дефинирано дека македонскиот јазик ќе биде официјален после приемот на Македонија во ЕУ.“[112]

2.3 Дезинформации и медиумски манипулации за почетокот, отворањето и продолжувањето на преговорите со ЕУ

Дезинформациите и медиумските манипулации во врска со почетокот на преговорите со ЕУ беа составен дел од опозициските и медиумските наративи против „францускиот предлог".[113] На пример, пред отворањето на преговорите со ЕУ (19 јули 2022), лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски погрешно тврдеше дека „ние нема да почнеме сега преговори"[114] и дека „францускиот предлог" не нуди почеток на македонската евроинтеграција.[115]

Истиот ден кога медиумите и новинарите објавија за почетокот на преговорите со ЕУ, лидерот на „Левица", Апасиев ги нападна новинарите дека известувале со наречани наслови „почнаа преговорите со ЕУ", тврдејќи притоа дека „преговорите ќе почнат на куково лето".[116] Партијата „Левица" тврдеше дека „Меѓувладината конференција не ги отвора преговорите за ЕУ" и дека во Брисел „се создава лажна претстава за некаков си почеток на преговори со ЕУ" („нема почеток на преговорите додека не се промени Уставот на Македонија по барање на Бугарија").

И по отворањето на преговорите на 19 јули 2022, Мицкоски јавно тврдеше дека нема преговори со ЕУ. На 20 јули 2022 Мицкоски изјави не само дека нема преговори, туку дека немало ни скрининг („Нити скрининг има, нити преговори има"),[117] најавувајќи референдум за „преговарачката рамка". Неколку дена подоцна, Мицкоски повторно тврдеше дека „ние не ги почнуваме преговорите", притоа дезинформирајќи за усвоената преговарачка рамка од страна на Советот на ЕУ: „Ние преговорите ќе ги почнеме и ќе ја усвоиме преговарачката рамка тогаш кога ќе го смениме Уставот".[118]

Претходница на ваквите наративи со политички дезинформации за отворање на преговорите беа „експертските" толкувања дека „Преговорите се отвораат по министерската конференција и по измената на Уставот".[119] Ваквите толкувања беа демантирани и во извештајот на ЕУ за Северна Македонија од 12.10.2022, кој потврди дека преговарачкиот процес и скринингот започнале по одобрувањето на преговарачката рамка од Советот на ЕУ.[120]

Меѓутоа, и по објавувањето на извештајот на ЕК, кој потврди дека ЕУ го започнала преговарачкиот процес со Северна Македонија, Мицкоски продолжи да шири невистини дека „ние не сме ги почнале тие преговори".[121] Покрај Мицкоски, и други аналитичари и политиколози погрешно тврдеа дека преговорите не се почнати и дека „преговорите ќе почнат ако се смени уставот". ИМА и тогаш укажа дека уставните измени не се услов за почеток на преговорите од страна на ЕУ, туку услов за довршување на „воведната фаза од пристапните преговори".[122]

И во 2023 година продолжија медиумските манипулации дека преговорите со ЕУ не се започнати и отворени,[123] па дури и дека Македонија сè уште не добила „датум за почеток на преговорите".[124] Дезинформациските наративи дека преговорите со ЕУ не се започнати, или дека ќе започнеле дури по уставните измени, беа повторувани во многу наврати од различни претставници на опозицијата, аналитичари и медиуми. На пример, претставници од ВМРО-ДПМНЕ во повеќе наврати изјавуваа дека „Македонија не почнува почеток на преговорите", „се уште нема почнато преговори", „до сега Македонија нема добиено датум за старт на преговорите", „ние немаме датум за преговори со ЕУ", „да бидат завршени уставните измени и да отпочне процесот на преговори". итн.

Исто така, и во 2023 година продолжи трендот погрешно да се претставуваат уставните промени и „вградување на Бугарите во Уставот, како предуслов за започнување на преговорите со ЕУ“.

Во 2023 година имавме и непоткрепени обвинувања дека премиерот и претставниците на ЕУ дезинформирале дека Северна Македонија ги започнала преговорите со ЕУ. На пример, беше објавена анализа со непоткрепени тврдења дека премиерот во Брисел во јули 2022 имал „говор што емитува дезинформација дека почнаа преговорите“. И не само премиерот, туку и претседателката на Европската комисија беше обвинета без докази дека свесно го поддржала „лажниот наратив за почнатите преговори“ кога изјавила во Брисел на 19.07.2022 „Денеска Албанија и Северна Македонија ги започнуваат преговорите со Европската унија...“.[125]

Меѓутоа, ваквите обвинувања за дезинформации се неосновани, како и обвинувањата кон претседателката на ЕК за „лажен наратив“ за почеток на преговори со ЕУ, а и аналогното обвинување на ВМРО-ДПМНЕ „Ковачевски лажеше дека преговорите се почнати...“.

Според критериумите за проширување кои се објавени на страницата на ЕУ, „пристапните преговори формално започнуваат откако земјите членки ќе се согласат за преговарачката рамка“. Токму затоа, во официјалната информација на ЕУ за „Меѓувладина конференција за пристапување на Северна Македонија“ стои дека „На 19 јули 2022 година, ЕУ ја започна воведната фаза од пристапните преговори со Северна Македонија“.[126]

Во блогот на „Република“, изјавата на Маричиќ дека „датумот на почеток на преговорите“ е „19 јули 2022 година“, беше погрешно оценета како „дезинформацијата со која Владата ќе ја гради својата позиција до чинот на гласањето за уставните промени“. Но, оваа погрешна оценка се коси со одлуката на Советот на ЕУ, „Меѓувладина конференција за пристапување на Северна Македонија“, со скрининг процесот, а и експертите потврдија дека пристапните преговори започнаа.[127]

Накусо, тврдењето дека 19 јули 2022 година е датумот на почеток на преговорите на Северна Македонија со ЕУ не е никаква дезинформација од страна на министерот (или владата), туку официјална позиција и информација од страна на ЕУ.[128] Таа позиција беше истакната и по Меѓувладината конференција на министерско ниво за пристапување на Северна Македонија, кога претседавачот Јан Липавски истакна дека е лансиран процесот на пристапни преговори и дека „Почетокот на преговорите е од заемен бенефит и за Северна Македонија и за ЕУ“. Позицијата на ЕУ за отворање или започнување на преговорите со Северна Македонија беше повторена многу пати, не само на каналите на ЕУ, туку и од страна на нејзините официјални претставници.

2.4. Историски дезинформации и манипулации во контекст на уставните измени

Историските дезинформации и манипулации во македонско-бугарските односи и медиумски простори се тема која заслужува посебна и опстојна анализа. Во 2023 година наративи со историски дезинформации и манипулации беа забележливи при чествувањето на Мара Бунева, чествувањето на роденденот[129]

и смртта на Гоце Делчев, при одбележувањето на депортацијата на Евреите од Македонија,[130] но и при одбележувањето на други историски настани и личности, како што е Илинденското востание, кога исто така беа ширени лажни вести и дезинформации.[131]

Едно од спорните прашања во 2022 година, кое продолжи медиумски да се дебатира и во 2023 година е дали и колку историјата е дел од преговарачката рамка со ЕУ.[132]

Тука само ќе нотираме дека трендот на медиумско ширење на наративи со дезинформации и манипулации за историјата[133] и „историската комисија" во контекст на „францускиот предлог" продолжи и во контекст на „дебатата" за уставните измени.

И во 2023 година продолжи трендот од 2022 година да се обвинува историската комисија за „бугаризација". Партијата „Левица", која во 2022 година ја обвини „Комисијата за бугаризација на македонскиот народ" дека била во служба на „врховизмот", и во 2023 година продолжи преку нејзини претставници да ја жигосува како „орган за бугаризација". И во 2023 продолжи трендот на неосновани историски аналогии, со кои се промовираа пропагандни тези и теории на заговори за уставните измени и внесувањето на Бугарите во уставот.[134] И во 2023 имаше обиди за кревање медиумска паника во врска со „бугаризацијата" на македонската историја од страна на историчари.[135]

Исто така, продолжи и трендот на исклучиви етно-националистички толкувања на изразот „заедничка историја" (од двете страни на границата), и спротивставување на одредбата од Договорот со Бугарија за организирање „со заемна согласност заеднички чествувања на заеднички историски настани и личности, насочени кон зајакнување на добрососедските односи во духот на европските вредности". На пример, текстот „Македонија сама најдобро си ги слави историските личности и датуми" заклучува дека „заедничкото чествување датуми и личности со Бугарија се покажува како контрапродуктивно", а историчарот Чепреганов дава идеолошко објаснување зошто „нема потреба од заедничко чествување": „Што ќе чествуваме заеднички со нив? Гоце Делчев се борел за санстефанска Бугарија? Не. Гоце Делчев се борел за македонска држава и самостојност. Како тие две работи ќе ги споиме на заедничко чествување? Тоа се две спротивни идеологии".

И во текстот „Македонците и Бугарите не треба заеднички да го чествуваат Гоце Делчев" се изложува исклучива интерпретација дека „револуционерната дејност на Гоце Делчев нема никакви допирни точки со бугарската историја, освен само понекогаш неговото физичко присуство во Софија и во некои помали градови во Бугарија."

Во текстот Заедничката историја како чекор до заедничка држава (Нова Македонија, 01.02.2023) повторно се акцентира изјава на историчарот Чепреганов дека „заедничкото чествување е ставено во договорот со единствена цел, да се покаже дека имаме заедничка историја и дека сме еден народ."



нова Македонија

ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

20 ДЕНАРИ

www.novamakedonija.com.mk СРЕДА, 1 ФЕВРУАРИ 2023 БРОЈ: 25.738 ГОДИНА: LXXVIII

БЕТОН

Треба да имаме меѓународен поредок засновани на меѓународното право и на Повелбата на ОН!

Нова Македонија СЛЕДЕТЕ НЕ

САМО ЕДНА ТОЧКА Е ВАЖНА ЗА СОФИЈА ОД ЦЕЛИОТ ДОГОВОР ЗА ПРИЈАТЕЛСТВО И СОРАБОТКА

Заедничката историја како чекор до заедничка држава

Македонија има свои интереси и своја политика, таа им припаѓа на сите Македонци

Проф. д-р Александар Литовски

Свирна локомотивата за Жабени, возот за Лерин сè уште молчи

Хрватска како дестинација далеку од европскиот просек, но привлечна за работниците од бивша Југославија

На наредната енергетска крстосница, Германија ќе заврти со полукружно вртење

ФАКОМ ВО СВЕТОТ НА ЧЕЛИКОТ www.fakom.com.mk

Илустрација на текстот Заедничката историја како чекор до заедничка држава, насловна страница на Нова Македонија, 01.02.2023

И пред чествувањето на Илинден, Чепреганов пророчки предвидуваше дека „ЕУ ќе побара ние, Македонците, да се откажеме од Илинден во име на нашиот пат кон ЕУ, а тоа да биде подржано од мултидисциплинарната комисија за историски и образовни прашања и се во име на „заедничката историја“.[136]

И овие неколку примери покажуваат дека продолжи трендот на медиумска злоупотреба на историјата, историските личности и на историчарите за политички цели.[137]

2.5. Етнонационалистички наративи, митови, и теории за заговори за „Голема Бугарија“ и „Голема Албанија“ во контекст на уставните измени

Етнонационалистички наративи за „Голема Бугарија“ беа забележливи при чествувањето на атентатот на Мара Бунева во јануари 2023,[138] по што европратеникот Ангел Џамбазки на својата Фејсбук страница истакна „да живее обединетата и неделива бугарска нација, од Охрид до Црно Море и од Дунав до Бело Море“ и „Да живее бугарска Македонија“.[139] Иако Џамбазки е член на партија која не успеа да

обезбеди влез во бугарското Собрание, ваквите „големобугарски“ провокации[140] предизвикаа општествена поларизација и жестоки партиски реакции, а проруската партија „Левица“ побара забрана на влез на шест „непријатели“ на македонскиот народ, поврзани со „фашистичките клубови низ Македонија, а кои се користат за агресивна анти-македонска пропаганда“.[141]

Неколку дена подоцна, беше физички нападнат секретарот на бугарскиот клуб „Цар Борис Трети“ во Охрид, а против еден од неговите напаѓачи беше поднесено обвинение за нанесување на тешки телесни повреди од омраза поради неговата националната и етничката припадност.[142] Бугарија реагираше заради „сериозната ескалација на злосторствата од омраза и манифестации против Бугарите во земјата“, иако жртвата не беше бугарски државјанин.[143]

Ваквиот исполаризиран контекст беше дополнително вжештен по медиумските наслови, кои се повикуваа на официјалните тврдења дека „руската разузнавачка служба стои зад структурите во Бугарија кои вршат антидржавна кампања кон Северна Македонија“ и за „Русија како трет фактор во македонско-бугарски конфликт“.[144] И официјалните реакции од Бугарија – спомнувањето на „вето“ од Радев и инсинуациите и историски дезинформации за Гоце Делчев од Јотова – укажуваа на сериозно влошување на односите.[145]

Во ваков поларизирачки контекст, историчарката и политичарка Наташа Котлар Трајкова, потписничка на отвореното писмо до Путин од „Македонски манифест“, објави колумна Два соседни мита и нашите „уставни измени“, во која обвини дека митовите за „Голема Бугарија“ и „Голема Албанија“ „се чини дека ја имаат поддршката на ЕУ и НАТО!“[146]

Официјалната честитка на министерот за надворешни работи, Бујар Османи за националниот празник на Бугарија 3 март, беше медиумски искористена за воскреснување на „Санстефанска Бугарија“ и медиумско претставување на Османи на иста линија со „негатори на Македонскиот народ и држава“ и бугарски „иредентисти“.[147] Како и во минатите години, беа медиумски искористувани ултра-националистички изјави и објави на мапи на „Голема Бугарија“ за подгревање на националистички страсти.[148]

За дополнително влошување на македонско-бугарските односи сведочи острата реакција на Бугарија по негативното мислење за употреба на името Иван Михајлов како назив на бугарскиот културен клуб во Битола.[149] Има бројни индикатори за влошувања на македонско-бугарските односи и во наредните месеци, што кулминираше со изјавата на премиерот Ковачевски во Советот на Европа, каде што го спореди дискурсот на Бугарија со дискурсот на Русија кон Украина.[150]

За „загрижувачка сличност меѓу историските аргументи на Русија кон Украина, и на Бугарија кон Северна Македонија“ предупредуваа и познати европски историчари,[151] а таквата сличност дојде уште повеќе до израз по „симболичките конфликти“ во Бугарија за „заедничката историја“ со Русија, и тезите на руските пропагандисти дека Бугарија „се претвора во Украина 2.0“ или „втора Украина“.[152]

Додека во бугарската дебата за „уставни измени“ историчари тврдеа дека „Санстефанска Бугарија“ реално како држава „не постоела ниту еден ден“, духот на „Санстефанска Бугарија“ беше привикан и во „дебатата“ за уставни измени во

Македонија - пратеникот и лидер на „Левица“, Апасиев заплашуваше дека „Со уставни измени ќе ја славиме Санстефанска Бугарија кај нас во Македонија“, „во која е инкорпориран дел од Македонија, со Охрид како столица“.

Непосредно пред „дебатата“ за уставни измени во Македонија, беше привикан и пропагандниот дух на „Голема Албанија“, уште една омилена пропагандна тема, не само на „Левица“, туку и на српската и руската анти-западна пропаганда на Балканот.

Пуштањето на улицата „Адем Демачи“ во Чаир, беше максимално искористено за етно-националистичка пропагандна мобилизација - не само од локалните организатори и од нивниот гостин – премиерот на Косово Албин Курти, туку и од партијата „Левица“ и од (про)руската пропаганда во Македонија и Србија. Ден пред свеченото пуштање на улицата, политичките активисти на проруската партија „Левица“ го оцрнуваа Адем Демачи како „сепаратист од Југославија и борец за Голема Албанија и независност на Косово“,[153] а од друга страна тврдеа дека се брише споменот на борците од „Втора македонска бригада“ - „оние кои го дадоа животот во борба со фашистичкиот бугарски окупатор“. Наспроти политичките и медиумски обвинувања дека се бришел споменот на борците од „Втора македонска бригада“ во Скопје, реагираше поранешниот градоначалник на Скопје Петре Шилегов, „Улицата “Втора Македонска бригада”, никогаш не беше (била) избришана во Скопје... Поранешната ул. “Ловќенска 9”, се вика улица Втора Македонска бригада.“

Руската пропаганда во Србија максимално ја искористи посетата на Албин Курти за зајакнување на стариот пропаганден затрашувачки наратив за „Голема Албанија“ и за таргетирање на „колективниот запад“. Од ден на ден, на руските канали РТ и Спутник на српски јазик се редеа анти-западни пропагандни написи против Курти и Голема Албанија.[154] На пример, во написот Курти ја промовираше Голема Албанија и себе си како лидер на сите Албанци на планетата (Спутник Србија, 13.08.2023) се тврдеше дека „колективниот Запад“ стои зад албанскиот радикален шовинизам, „кој не подразбира само исцртување на нови граници, туку и етничко чистење или, да бидам попрецизен, геноцид над оние кои не припаѓаат на албанскиот народ“.[155]

Додека (про)руските пропагандисти во Србија шират анти-албански, анти-западни и исламофобични[156] застрашувачки наративи, „Левица“ шири антифашистички, антиалбански и антибугарски наративи со дезинформации и манипулации. Од една страна, обидот за пропагандно оцрнување на Адем Демачи како „колаборационист на фашистичко движење“ претставува историска манипулација и дезинформација.[157] Од друга страна, и претставувањето на борците од „Втора македонска бригада“ како „оние кои го дадоа животот во борба со фашистичкиот бугарски окупатор“ претставува историска манипулација, имајќи го предвид премолчувањето на бугарскиот баталјон Христо Ботев (кој бил при основањето во состав на „Втора македонска бригада“), а бил командуван од бугарскиот антифашист Дичо Петров, по кого е именувана една улица во Скопје.

Дел од „антифашистичките“ и антибугарски пропагандни наративи на „Левица“ воопшто не кријат дека нивната цел е да го спречат влезот на Северна Македонија во Европската унија. На пример, откако ЕКРИ во својот извештај за Северна Македонија укажа на типичниот анти-бугарски стереотип и етикетирањето

на Бугарите како „фашисти“, пропагандистка од Левица во руско-пропаганден стил ја нападна ЕКРИ како комисија на ЕУ за „рехабилитација на фашизмот и нацизмот“, иако станува збор за тело на Советот на Европа.[158]

Посетата на Курти беше искористена во пресрет на уставните измени не само за етно-националистичка мобилизација од сите политички „заинтересирани“ страни,[159] туку и за обид дискредитирање на процесот на уставни измени. На пример, во гостување на телевизија Танјуг, лидерот на ДПСМ и пратеник во Собранието на Македонија, Иван Стоилковиќ тврдеше дека уставните измени „после посетата на Албин Курти ја изгубија смислата“ и дека Курти „ги погреба уставните измени“.[160]

Наспроти пројавената желба на српско-руските пропагандисти за „погребување“ на уставните измени во август 2023, изразите „уставни измени“, „бугарски диктат“, „бугаризација“, „асимилација на македонскиот народ“, се сè уште актуелни во македонскиот медиумско-политички простор и на крајот на септември 2023 - како и дезинформациите и медиумските манипулации, содржани во пропагандните наративи.

3.Наместо заклучок: Медиумите и дезинформациите, теориите на заговор и манипулациите за предложените уставни измени

Во оваа анализа видовме како дел од медиумите не ја исполнија својата основна улога на проверувачи на факти, ставајќи се свесно во улога на пропагандни канали за ширење наративи со дезинформации и теории на заговор кои потпалуваа етно-националистички страсти и поттикнуваа дискриминација и говор на омраза.

Во првиот дел од анализата видовме како медиумите помогнаа во дисеминирањето на дезинформациите и теории на заговори за „геноцид“ и „етноцид“ на македонскиот народ во контекст на предложените уставни измени во 2023 година. За жал, повеќе македонски медиуми покажаа мал капацитет за препознавање и дебанкирање на политички и историски дезинформации и теории на заговори и повторно беа злоупотребени за политичко-пропагандни цели и во „дебатата“ за уставни измени.

Некритичкиот однос на медиумите кон теориите на заговор за „бугаризација“ и кон дезинформациските наративи за македонскиот народ и јазик, за историјата и идентитетот, придонесе за зголемување на општествената поларизација и за јакнење на малигното влијание на странски актери во македонскиот медиумски простор. Некритичкиот однос на медиумите кон дезинформациските кампањи во врска со предложените уставни измени, непрепознавањето на главните дезинформациски наративи и актери, и овозможи и на (про)руската пропаганда да го зајакне влијанието на антизападните и анти-ЕУ наративи во македонскиот медиумски простор.

(Авторот е раководител на истражувања во Институтот за медиуми и аналитика ИМА)

Референци

1 Видете, на пример, Иднината на Македонија не зависи од ЕУ и НАТО, Македонска нација, 27.04.2010: „И Владата и парламентарната опозиција мора да знаат дека секој разговор и договор за промена на државното име Македонија претставува велепредавство, капитулација, злосторство против човештвото и геноцид врз македонскиот народ".

2 Видете, на пример, Што ќе се случи ако дојде на власт СДСМ со своите измеќари?, Македонска нација, 28.05.2011. За теории на заговор за „етноцид од страна на оската Брисел-Атина" видете На оската Атина-Брисел и треба СДСМ на власт за да ја збрише Македонија!, Дневник, 28.10.2011.

3 Видете, Отворено писмо на Македонски манифест : Не во ЕУ по најновото игнорирање за Македонија!, 22.12.2013

4 Видете Отворено писмо до премиерот Зоран Заев, Нова Македонија, 14.06.2018.

5 Видете Ефтим Клетников, Идиотизам и идиоти, Нова Македонија, 20.06.2018 и Клетников: Осветениот македонски народ да не излезе на референдум и да го бојкотира, затоа што оваа Влада е геноцидна, Република, 03.09.2018

6 Видете Македонскиот парадокс (Референдум што нè прави малоумни), Нова Македонија, 05.09.2018.

7 Видете, луциден коментар на медиумскиот настап на Клетников: „Писателот вели Македонците се новите Евреи. Потстанав од место. Брзо се штипнав да не сонувам... Не е сон, на јаве е. Клетников во живо зборува како Мојсеј пред Евреите. Европа и светот се фашистите кои сакаат да го уништат македонскиот народ. Геноцидот на идентитетот кој се подготвува врз Македонците бил пострашен од физичкиот геноцид..." Ерол Ризаов, Македонците се новите Евреи, Независен, 05.09.2018.

8 Северна: Проект на Европскиот Фашизам – Ефтим Клетников!, Коложег.Инфо, 19.09.2022.

9 ВМРО-ДПМНЕ: Капитулантскиот договор на Заев нема да донесе подобар живот, државата повеќе ќе тоне поради неспособната влада, а срамниот геноцид ќе се памети, Курир, 20.06.2018.

10 Видете Стоилковски: Заев го брише македонскиот идентитет од химната, учебниците, традицијата и културата, Курир, 21.06.2018.

11 Видете (Видео) Стоилковски: Дали сега граѓаните ќе може да ја пеат химната „Денес над Македонија се раѓа"?, Макфакс, 21.06.2018.

12 Видете Дружината Македонци и Македонки која го создаде #Бојкотирам го објавија Етичкиот кодекс!, Опсервер, 04.08.2018.

13 Видете, Гоце Трпковски, Факти, парафакти и контрафакти во кампањата за бојкот на референдумот, Призма, 20.08.2018: „Во голем број објави, клучниот збор е „геноцид", односно пораката е дека македонскиот народ ќе се самоуништи со спроведувањето на договорот."

14 Подоцна, една од страниците на „Бојкотирам" ќе обвини и за „целосно уништување на македонскиот народ и спроведување на насилен генетски инжинеринг за создавање на нова северџанска нација." На истата страница, која пред Референдумот во 2018 година обвинуваше за „модерен геноцид врз нашиот народ", се среќаваат и обвинувања за „геноцид од страна на наонацистичкиот режим врз Русите во Украина", а Путин се глорификува како „единствениот чувар на Православниот свет."

15 Видете Руската пропаганда со дезинформации во Македонија пред референдумот во 2018, ima.mk, 26.04.2022.

16 Видете Единствена Македонија предлага автопатот да се нарекува „Геноцид" наместо „Пријателство", Фокус, 25.01.2018.

17 Видете Бачев: Да го спречиме геноцидот што сакаат да го направат врз македонскиот народ, centar.mk, 23.10.2018: „Меѓутоа, денеска сведоци сме дека Републиката е исправена пред сериозен предизвик, бидејќи, актуелната марионетска власт и нејзините странски газди сакаат да избришат се што е македонско. Затоа, останува сега на оваа генерација Македоцни да го спречиме овој геноцид што сакаат да се направи врз македонскиот народ, да се избрише вековното македонско име, идентитет, историја, традиција, јазик и култура."

18 Видете Референдум во Македонија: геноцидниот процес за менување на името без легитимитет, poligrozd.org, 02.10.2018 и Емилија Гелева, Антибожји акт, poligrozd.org, 28.11.2018.

19 Видете, на пример, Македонско друштво "Илинден"-Тирана ги повикува Македонци да го бојкотираат референдумот, 27.09.2018: „Македонците во Република Албанија

отфрлаат промена на името на државата Македонија и името на Македонскиот народ и тоа го сметаат за геноцид врз Македонскиот народ и злосторство против човештвото."

20 Видете ВМРО-ДПМНЕ сврте накај бојкот, Независен, 27.09.2018.

21 Видете Самиот референдум е геноциден, Македонска нација, 22.08.2018.

22 Агатангел до Мицкоски: Не ви велам со пушка во рака да појдете во планина, туку да повикате на бојкот на референдумот, Фокус, 30.07.2018.

23 Видете, Агатангел: Папата во Македонија, 06.05.2019: „оваа посета, е симболично смирување на совеста на сите оние што спроведоа тивок и специјален геноцид врз македонскиот народ".

24 „Централен Бојкотирам собир „Бојкотирам Северна, Секогаш Македонија!" – Скопје 27ми септември во 19:00": „Бојкотот мора да победи бидејќи тоа што за Евреите беше холокаустот, тоа за Македонците е промената на името. За нас Македонците ова е битка како битката на последниот Мохиканец – ова е битка за опстанокот! Или ќе опстанеме како народ, или ние Македонците ќе изумреме и ќе исчезнеме."

25 (ВИДЕО) Стоилковски: Креиран е чин кој води кон етноцид, кон бришење на цел еден народ и неговите одлики, А1ОН, 21.10.2018.

26 Видете Димовски: Пред една година Мицкоски беше избран за претседател на ВМРО-ДПМНЕ, за брзо време ќе ја води и државата мудро, храбро и чесно, Курир, 23.12.2018.

27 Видете Mapping Fake News and Disinformation in the Western Balkans and Identifying Ways to Effectively Counter Them, Policy Department for External Relations Directorate General for External Policies of the Union, February 2021, стр. 7.

28 Видете Власта во паника – Иванов 7 дена пред референдумот ќе се обрати пред ОН, magazine.mk, 27.08.2018.

29 Иванов во ОН: Јас нема да гласам, со промена на името ќе имаме нова полусуверена држава (ВИДЕО), mkd.mk, 27.09.2018: „Од Република Македонија сега се бара да изврши правно и историско самоубиство, за да може правното укинувањето на македонскиот народ да се протолкува како негова сопствена волја."

30 „Македонски манифест": Иванов да почне правна процедура пред ООН за одбрана на името, Макфакс, 26.12.2018.

31 Видете ИВАНОВ: Договорот од Преспа е правно и историско поништување на Македонскиот народ!, Infomax, 28.12.2018.

32 Видете Бачев му пиша на Макрон: Очекувам да останете на вашата храбра одлука - нема членство во ЕУ преку национално предавство, Единствена Македонија, 16.10.2019.

33 Видете „Во Центар", Како Ѓорге Иванов ги „излажа" Русите?, 9.02.2020. „Кога беше он во Русија, го примија како крал. Путин го прими на највисоко ниво... но, на крајот, тој го откачи и Путин, и Русија, и „Македонски манифест", и македонскиот народ, најбезобразно. Јас сум многу лут. Тоа е за мене велепредавство...".

34 „Македонски манифест" испрати отворено писмо до Владимир Путин, Република, 27.12.2021.

35 За подетален приказ, видете Наративи со дезинформации, заплашувања и теории на заговори за македонскиот идентитет и македонскиот народ, ima.mk, 20.09.2022.

36 Велиновска и подоцна во повеќе наврати обвинуваше за монструозен геноцид и „геноцид над македонскиот народ".

37 „Над 800 интелектуалци го потпишаа „Манифестот на македонските учители"- НЕ за понижувачкиот француски предлог", ТВ Алфа, 12.07.2022.

38 Видете Мери Јордановска, Контраспин: Непостоечки економски геноцид и наводни спасувачки блокади на институциите – спин до спин во говорот на Мицкоски, Вистиномер, 20.06.2022.

39 Видете, Мицкоски: Ковачевски тајно преговарал 6 месеци, сега се прави дека не знае за предлогот со кој би се бугаризирала Македонија, Република, 23.06.2022.

40 Видете Пратениците на ВМРО ДПМНЕ децидни: Францускиот предлог за македонскиот народ е неевропски, нехуман, нечовечки, скандалозен и дискриминирачки, Нова Македонија, 15.07.2022.

41 Видете Стојаноска: Францускиот предлог ќе направи невиден геноцид врз македонскиот народ, Сител, 15.07.2022.

42 Видете: Каракамишева брутална: Пред наши очи се случува културен геноцид на Македонците, меѓународното право е мртво!, Infomax 24.06.2022: „Сведоци сме на геноцид и етноцид од најмизерен вид!" и Андовска: Изродите на власт се подготвени да потпишат. Етноцид. „За наше добро", expres.mk, 21.06.2022. Видете и Перчо Божиновски, потпишан како член на ВМРО-ДПМНЕ: „Не – во македонско име, ултиматум – не, благодарам!",

Нова Македонија, 06.07.2022: „За геноцид врз цела нација – гласно НЕ! За етноцид – силно НЕ!“

43 Ивица Боцевски, Најголемите замки за Македонија во „францускиот предлог“, Нова Македонија, 02.07.2022.

44 Љупчо Коцарев, претседател на МАНУ, Македонизмот ќе опстои, Нова Македонија, 5.07.2022.

45 Видете Претседателот на МАНУ Коцарев дезинформира дека „Македонците веќе уште денес ги нема“, ИМА, 13.09.2022.

46 Љупчо Коцарев, „Две илјади осумдесет и четврта“ или „Последниот Македонец во Европа“ , Нова Македонија, 22.07.2022: „со двата документа, Договорот и Спогодбата, Македонија, всушност, свесно или несвесно, извршиа геноцид на Македонците во Егеј и во Пирин ... ако не ги раскинеме двата документа, Македонците ќе исчезнат, а во ЕУ ќе влезе Македонија, но не и Македонците“.

47 Видете „Само сребролупците што погрешно се нарекуваат политичари се слепи и глуви на културниот геноцид врз Македонците“, Нова Македонија, 07.10.2022: „Само македонските недостоинственици, понизници, сребролупци и властољупци, кои себеси погрешно се нарекуваат политичари, и нивните апологети, се слепи и глуви дека со склучувањето и исполнувањето на договорите со Грција и со Бугарија се одвива културен геноцид врз Македонците во нивната држава, Македонија, како и врз Македонците во соседните држави Грција, Бугарија и Албанија, и насекаде каде што Македонците живеат и опстојуваат како народ.“

48 Ивица Боцевски, Македонија има само еден претседател – академик Љупчо Коцарев, Нова Македонија, 10.10.2022

49 Видете „Коцарев: Македонците, иако се на работ на истребување, сепак, ќе опстојат за навек!“, „Вечер“, 28.10.2022 и Полиграф: Невистинити се тврдењата на претседателот на МАНУ дека „Македонците се на работ на истребување“ и „Македонците веќе уште денес ги нема!“, ima.mk, 17.11.2022.

50 За дебанкирање на оваа дезинформација на Коцарев видете Полиграф: Претседателот на МАНУ Коцарев дезинформира дека „македонскиот народ целосно исчезна од меѓународната сцена“, ima.mk, 01.03.2023.

51 Коцарев: Договорите со Грција и Бугарија се македонски холокауст и културен геноцид на Македонците, Слободен Печат, 22.02.2023: „…Договорите со Грција и со Бугарија, коишто претставуваат културен геноцид на Македонците, во колективната меморија на македонскиот народ да се именуваат со синтагмата „македонски холокауст“, а надлежните институции во Македонија да предложат ден за комеморативно одбележување на македонскиот холокауст…“.

52 Ерол Ризаов, „Холокаустот на Македонците“, DW 28.02.2023.

53 Видете „Во Париз одбележани 92 години од смртта на д-р Анастас Коцарев, голем македонски онколог и научник“, Нетпрес, 27.03.2023.

54 Видете Ефтим Клетников, „Меморијален центар на македонскиот холокауст“, Нова Македонија, 24.04.2019, каде што Клетников ги опиша како „сатански проекти на Пентагон и неговите полтрони од Брисел, смртоносните чекани за целосно распарчување на темето на македонскиот идентитет и државен и национален суверенитет.“

55 Во колумната каде што ја елаборира идејата за „Меморијален центар на македонскиот холокауст“, Клетников го зајакнува наративот за „идентитетскиот геноцид“ како „вампирски проект на будење од смртта во чие траурно платно нè завитка сега западната нацифашистичка цивилизација.“ Притоа, Клетников ја опишува Ангела Меркел како „внуката на Фиерот на Третиот Рајх“ што кореспондира со дезинформациите против Меркел, разобличени од проверувачите на факти како дезинформации од страна на Кремљ.

56 Коцарев: Да не дозволиме да се промени Уставот и Македонија да исчезне! – ЕУ ја разнебитува преку ревидирање на изразот „бугарски фашистички окупатор“!, expres.mk, 19.04.2023

57 Љупчо Коцарев, претседател на МАНУ, Да не заборавиме, да паметиме и да дејствуваме, Нова Македонија, 20.06.2023: „Но, денес не треба да се заборави ниту Договорот со Грција, со којшто се изврши културен геноцид над Македонците од Егејот. Откажувајќи се од Македонците од Егејска Македонија, Македонија како држава, всушност, се откажа и од Македонците во Република Македонија.“

58 Љупчо Коцарев, претседател на МАНУ, Северна Македонија е мртва, да живее Македонија!, Нова Македонија, 18.08.2023:

„За Македонците, културен геноцид се сите документи во кои не научно, туку со политички притисок, се бара од нив самите да се откажат од македонството, од своите македонски корени, да се откажеме самите од себеси, од Македонците во Пирин и во Егеј, да се откажеме од македонскиот просторен и временски јазичен континуум, што постои илјадници години и продолжува да постои и денес, во Македонија, во сите соседни држави и насекаде каде што живеат Македонците."

59 Видете Автокефалниот статус на нашата црква веќе е решен, Нова Македонија, 20.01.2023.

60 Моралниот суд на „Македонски Манифест" ги осуди Заев и Димитров за идентитетски геноцид врз Македонија, alfa.mk, 10.05.2023.

61 Видете Ефтим Клетников, „Морален суд и нов нирнбершки процес (оти тоа е фашизам)", Нова Македонија, 10.07.2019, каде што Клетников ја обвини „вавилонската дама" Европа за фашизам: „Со идентитетскиот геноцид врз Македонците таа силно ги обнови сенките на Третиот рајх, на фашизмот". Клетников ја обвини и Меркел која „толку многу притискаше за да се оствари македонската ликвидација", асоцирајќи ја со „фашизоидниот ген на германскиот фирер". Клетников се залагаше за „морален суд што ќе ги обвини новите пофашизени европски, но и домашни злосторници кај нас на чело со Заев и Димитров за идентитетскиот геноцид врз Македонците".

62 Видете Александар Русјаков, Се нервирате што не може да спроведете и физички геноцид, така? , Нова Македонија, 17.06.2023 и Александар Русјаков, ЕУ е ќор-сокак, немаме друга алтернатива освен БРИКС, Нова Македонија, 15.07.2023. Исто така, и Александар Русјаков, „Јас сум Америка, Навахо од Македонија, не сум Европа", Нова Македонија, 26.08.2023: „Ма кој нормален сака евроинтеграции, по триесетгодишна ЕУ-тортура врз нас, од Лисабонска декларација до денес, со намера да ни спроведат идентитетски геноцид?".

63 Видете Со Македонија нè има, без Македонија сите заедно ќе нè снема!, Нова Македонија, 08.09.2023.

64 Тодор Петров во интервју за Вечер, за досегашните договори со Грција и Бугарија тврдеше дека имале „намера Македонија од држава да стане територија без македонски народ и историја или да се редефинира како држава на национални малцинства, како Швајцарија на Балканот, како земја на делови од народите на соседните држави". Видете Тодор Петров: Македонија или ќе биде држава или нема да ја има!, Вечер, 08.09.2023.

65 Видете Жарко Трајаноски, Анти-родовите дезинформации и протестот на МПЦ-ОА, ima.mk, 11.08.2023.

66 Видете Полиграф: Кој дезинформира дека со внесување на Бугарите во Уставот, ќе станеме „втора Босна"?, ima.mk, 16.03.2023.

67 Видете Покана за фестивалот Македонија 2023 кој на 2 август 2023 ќе се одржи во Делчево, delcevo365.mk, 01.08.2023.

68 Така, во 2022 лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски јавно ја пропагираше лажната дилема „бугаризација или нема ЕУ", експлицитно нагласувајќи дека не сака влез во ЕУ, „ако предлогот е да не асимилираат и бидеме Бугари". Видете Мицкоски: Францускиот предлог значи или бугаризација или нема ЕУ, Фокус, 16.06.2022 и Мицкоски: Ако предлогот е да не асимилираат и бидеме Бугари, тогаш така не сакам влез во Европската Унија, Курир, 16.06.2022.

69 Собранието со 68 гласа „ЗА" ги усвои новите предлог заклучоци за францускиот предлог, VOA, 16.07.2022.

70 Како, на пример, Јанко Бачев, Иван Стоиљковиќ и лидерот на ГРОМ, Стевчо Јакимовски кој предлагаше „смрт со бесење за предавникот кој со еден потег ќе ја легитимира оваа нечесна игра за бугаризација на Македонија". Видете „Предлагам смрт со бесење за предавникот кој со еден потег ќе ја легитимира оваа нечесна игра за бугаризација на Македонија!", Infomax, 05.09.2022.

71 Ковачевски: Братски отстапуваме пет министерства од СДСМ за ВМРО-ДПМНЕ, 360степени, 9.06.2023.

72 Видете Ковачевски: Нарачана хистерија за наводна бугаризација, DW, 28.07.2023: „Се работи за техничка измена на Уставот во која што покрај постојните делови од народи кои се дел од нашата Преамбула се додаваат делови од други народи кои досега не биле дел од Преамбулата, меѓутоа биле наведени под „други" во самата Преамбула и со тоа практично се демантираат сите оние невистини, лаги, хистерија кои се шираа во текот на изминатата година во однос на тоа дека во Македонија ќе се случела бугаризација, асимилација итн. Гледате дека тоа веќе не постои во јавниот дискурс,

освен од неколку платени руски ботови, т.н. аналитичари па и некои политичари, коишто заради финансиски средства мораат да така да зборуваат".

73 Видете, на пример, Никола Тодоров, Македонски инает, DW, 19.07.2023: „Бугаризација на Македонија е невозможна. Таа можност е нула, за разлика од можноста од србизација или албанизација на пример, кои се далеку повеќе возможни. Но, сепак верувајте дека ни бугаризација, ниту србизација или албанизација на Македонија ќе се случи. Она што многу е веројатно да се случи е депопулација."

74 Детектор: Две третини од Македонците сметаат дека преговарачката рамка е вовед во бугаризација на Македонија, Сител 14.05.2023.

75 Видете Ново издание на 360°: „Бугаризација на Македонија" – интервју со Весела Чернева, 360 степени, 20.05.2023.

76 Боцевски: Нема да поминат уставните измени, европеизација преку бугаризација нема да се спроведе, Курир, 24.07.2023.

77 Видете и Боцевски: „Нема да успее налудничавата 'бугаризација преку европеизација' на Македонците!", expres.mk, 16.07.2022: „Македонија, со благослов на ЕУ, станува бугарска колонија, а македонскиот евроинтегративен процес се претвора во „бугаризација преку европеизација"."

78 Видете (ИНТЕРВЈУ) Георгиевски: ВМРО-ДПМНЕ е украдена идеологија, не разбирам како стана најпросрпска партија!, Фокус, 10.07.2023: „ВМРО-ДПМНЕ денес оди со теза нема да дозволиме бугаризирање на Македонија. Во што сме ние бугаризирани? Со тоа што имаме еден канал на телевизија што никој не го гледа? За жал, ВМРО-ДПМНЕ уште од времето на Груевски е носител на една перфидна политика за наводна одбрана на идентитетот, додека во суштина ја србизираат Македонија. Се борат против бугаризирање, додека гледаме врв на србизирање на Македонија. Гледаме србизирање во сите сфери – културата, уметноста, спортот... Кога играат македонска и српска екипа, се навива за српската екипа."

79 Видете Тачи за ВМРО-ДПМНЕ: Про-руска и про-српска партија, ова ќе донесе асимилација на македонскиот народ, ТВ21, 17.04.2023.

80 Левицата: Уставните измени се правна рамка за бугаризација на Македонија, Макфакс, 01.06.2023.

81 Левица: Шест години „Договор за добрососедство'' – Шест години бугаризација на Македонија, Антропол, 01.08.2023. Договорот со Бугарија и протоколот продолжија да бидат мета на дезинформациски напади и од претставници на ВМРО-ДПМНЕ (Имам најмалку 2 милиона причини, кои се против уставните измени и поради кои гласам против, вели Мизрахи, Макфакс, 18.08.2023: „А тој договор и протокол не само што не отвора врата кон ЕУ, туку не брише сите."

82 Левица: Тимот за бугаризација на Македонија составен од владини мегафони и апологети на предавства, Антропол, 25.04.2023.

83 Видете ЕУ и САД против демократијата во Македонија ја поддржуваат бугаризацијата, Антропол, 29.05.2023.

84 Видете „Апасиев ги отфрли уставните измени, за него предлагачите се одродена политичка елита", 360степени, 25.07.2023.

85 Левица: Уставни измени нема, прекин на преговорите со Бугарија, a1on.mk, 18.08.2023.

86 Ковачевски за МИА: Потребен е национален консензус за постигнување на стратешката цел - членство во ЕУ, МИА, 6.08.2023: „Не треба да се замајуваат граѓаните со флоскули или со невистини. Прво беше „асимилација и бугаризација". Откако се виде дека нема ништо од тоа сега е „бугарски диктат". Уставните измени не се ничиј диктат, ниту пак нечиј поединечен предлог, туку се дел од преговарачката рамка на Република Северна Македонија со Европската Унија. Ни повеќе ни помалку." Видете и Ковачевски: Еве по една година се уверивме дека нема бугаризација и асимилација, јас си останав Македонец!, ТВ21, 25.08.2023.

87 Видете: Бугаризација се прави преку пасошизација, а не со споменување на Бугарите во уставот, вели Османи, sdk.mk, 29.07.2023: „Овој процес на пасошизација е најголемата платформа за бугаризација".

88 Видете Кој работи за бугаризација, а кој за македонизација?!, Вечер, 09.08.2023: „Бугаризација беше додека 11 години ВМРО-ДПМНЕ беше на власт, зошто, затоа што во тие 11 години се издадени рекорден број бугарски пасоши за македонски граѓани."

89 Македонизација или бугаризација – што ќе значи внесувањето на Бугарите во македонскиот Устав?!, Вечер, 20.08.2023.

90 Видете Кој работи за бугаризација, а кој за македонизација?!, Вечер, 09.08.2023.

91 Во „Тема на денот“ на телевизијата Сител на 20.08.2023. Видете и Ковачевски: Оставка ќе дадам дента кога ќе се изгласаат уставни измени, mkd.mk, 20.08.2023.

92 Видете Ѓорѓи Спасов, Што спречува ВМРО-ДПМНЕ: бугаризација или европеизација, Независен, 04.09.2023: „Нивната главна цел не е спречување на некаква „бугаризација“, туку политичка одмазда и пресметка со „предавниците“ на македонскиот народ, кој „само тие го бранат и заштитуваат“. Видете и Мерсел Биљали, „Кој работи за Радев?!“, Либертас, 07.08.2023, каде што колумнистот ја критикува опозицијата дека е „закопана во глупавата дупка на лажната „бугаризација“ или „бугарскиот диктат“.

93 Видете, на пример, Петрушевски за ТВ 24: Ваквата преговарачка рамка што ја прифати власта значи тивка бугаризација на македонскиот народ, 19.09.2023.

94 Член на ИК: ВМРО-ДПМНЕ не е против Бугари во Уставот, Антропол, 14.07.2023.

95 Видете и Мицкоски - Да не се троши ни секунда на уставни измени, решението е избори, РСЕ, 19.08.2023: „Влезот во ЕУ е нашиот единствен пат. Но не по цена на себе одрекнување, не по цена на диктат кој е Пандорината кутија за идентитетско обезличување и отворање на портата за многу други барања“.

96 „Ако вие навистина сакате Бугарите да ги видите во Преамбулата, внимавам што зборувам – во Преамбулата - дел од бугарскиот народ којшто живее во Македонија е дел од македонската нација, во Преамбулата, оние 762 коишто рекле дека бугарскиот им е мајчин јазик, тогаш најмалку што можете е барем три од оние 14 пресуди од Европскиот суд за човекови права да побарате од Бугарија да ги имплементира коишто се задолжителни и имаат краен рок оваа есен да бидат имплементирани.“ Видете и Мицкоски: Изборите се единствено решение, нашите црвени линии во односите со Бугарија се јасни, Сител, 19.08.2023.

97 Ерол Ризаов, Кој му ги испраќа најопасните закани на Мицкоски, DW, 19.09.2023.

98 За подетална анализа, видете Жарко Трајаноски, Наративи со дезинформации и медиумски манипулации за македонскиот јазик, ima.mk, 22.09.2022.

99 Видете Полиграф: Дезинформација е дека македонскиот јазик во ЕУ ќе има фуснота и дека е кодифициран во 1977 година, ima.mk, 02.11.2022.

100 Видете Изјава на Претседателката Фон дер Лејен по повод нејзината официјална посета на Северна Македонија, www.eeas.europa.eu, 27.10.2022.

101 Македонскиот идентитет меѓу ѕвездички и фусноти?!, Нова Македонија, 27.03.2023.

102 Интервју со Гир: Партиите кои се за влез на С.Македонија во ЕУ да преземат политичка одговорност и да постапат соодветно, Локално, 24.04.2023.

103 Гир: Не треба да се очекуваат нови гаранции за во ЕУ, DW, 15.06.2023.

104 Видете „Анкета: Половина од македонските граѓани не веруваат дека Македонија ќе стане членка на ЕУ“, mkd.mk, 26.06.2023: „Во случај на добивање на цврсти гаранции од ЕУ за зачувување на македонскиот јазик и идентитет, 45,1% од македонските граѓани би поддржале уставни измени“.

105 Видете, на пример, коментар на водителот на Што не е јасно, ТВ Алфа, 16.01.2023: „Грците велат дека само во Македонија се зборува македонски, ако излезам јас надвор, во Германија на пример, мојот јазик не е македонски...“.

106 Видете Елка Јачева-Улчар: Мојот мајчин јазик ги живее најдраматичните и најкритичните моменти од своето постоење, Нетпрес, 21.02.2023.

107 Видете Пресуда во ЕУ со која статусот на македонскиот јазик формалноправно се стави како еден од рамноправните јазици во Унијата, Нова Македонија, 21.03.2023.

108 Видете Катица Ќулавкова, За македонскиот јазик и за новиот предлог на Законот за македонскиот јазик, Нова Македонија, 10.02.2023: „Еден говорител на јазик на популација од 20 отсто има поголеми јазични права во практиката од уставното право на македонските говорители.“

109 „Секое негирање на постоењето просторен и временски континуитет на македонскиот народ и македонскиот јазик е македонофобично“, Нова Македонија, 21.07.2023.

110 Дезинформација е дека германската фирма ДМ го суспендира македонскиот јазик од своите продавници во Македонија, civilmedia.mk, 26.07.2023.

111 Ристо Никовски, Преговарачката рамка, историски пораз на Македонија, +инфо, 19.09.2023.

112 ДС: Во ниту еден документ не е дефинирано

дека македонскиот јазик ќе биде официјален во ЕУ, Фокус, 26.08.2023.

113 Видете Жарко Трајаноски, „Дезинформации, медиумски манипулации и теории на заговор за „францускиот предлог"", во „Францускиот предлог": говор на омраза, дезинформации, медиумски манипулации (медиумски анализи), Институт за медиуми и аналитика ИМА Скопје, 2022.

114 Ние ова го потпишуваме за Албанија да почне преговори, а не Македонија, вели Мицкоски за францускиот предлог, Нова Македонија, 04.07.2022: „Ние нема да почнеме сега преговори, тоа мора граѓаните да го знаат. Албанија ќе почне, не ние. Ние ќе треба да го смениме Уставот. Ние ова го потпишуваме за Албанија да почне преговори, не Македонија."

115 Мицковски за „Политика": Францускиот предлог не нуди почеток на македонската евроинтеграција, Канал 5, 11.07.2022.

116 Видете Апасиев продолжува со брутални напади врз новинарите и ширење дезинформации, ИМА, 20.07.2022.

117 Мицкоски за референдумот: Се фокусираме на преговарачката рамка, 360 степени, 20.07.2022.

118 Видете ИНТЕРВЈУ, ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ: ДУИ влезе во пакт со Бугарија и го предаде македонскиот народ, Вечер, 22.07.2022.

119 Видете Малинка Ристевска Јорданова, НЕ ТРЕБА ДА ОСТАНЕ НЕ, https://respublica.edu.mk/, 02.07.22.

120 „По одобрувањето на Рамката за преговори од Советот, на 19 јули 2022 година се одржа првата Меѓувладина конференција за пристапни преговори со Северна Македонија. Комисијата веднаш започна со процесот на аналитички преглед на (скрининг) на правото на ЕУ, што претставува прв чекор од преговарачкиот процес", се вели во извештајот.

121 Видете Полиграф: Невистина е дека преговорите со ЕУ и скринингот не започнале, ima.mk, 26.10.2022.

122 Видете ПОЛИГРАФ: Кој шири дезинформации дека не се започнати преговорите со ЕУ?, ima.mk, 29.11.2022.

123 На пример, во колумната „Преговарачката рамка, историски пораз на Македонија" Ристо Никовски изведува погрешен заклучок дека „преговорите не се отворени".

124 Ваквата дезинформација беше проширена и по изјавата на српската премиерка во Блед. Видете, на пример, Македонија го смени името и сè уште има потешкотии да добие датум за почеток на преговорите, порача српската премиерка од Блед, еМАГАЗИН, 29.08.2023.

125 Соња Крамарска, Македонија и ЕУ: преговарачката рамка претесна за (дез) информациите, respublica.edu.mk, 12.04.2023.

126 Формулацијата дека преговорите се во „воведна фаза", не значи дека преговорите не се започнати, затоа што веќе се случи „одобрувањето на Преговарачката рамка за преговорите со Северна Македонија од страна на Советот на 18 јули 2022". Согласно критериумите на ЕУ, „скрининг процесот е првиот чекор во пристапните преговори", а на страницата на ЕК за Северна Македонија (исто како и за Албанија) официјално стои дека скрининг процесот е започнат во јули 2022, веднаш по ICG (меѓувладина конференција за пристапување).

127 Во блогот на Република, има и погрешно пренесена изјава од колумна, наводно, дека авторот Драган Тилев, државен советник за европски прашања, го напишал следново: „Дали пристапните преговори започнаа? Да, од формално правен аспект пристапните преговори меѓу Европската Унија и Република Северна Македонија официјално започнаа на 19 јули 2022 година", напиша тој во колумна. „Но тие вистински ќе почнат дури откако ќе бидат спроведени уставните измени", додава Тилев." Вториот дел од наводната изјава на Тилев- „Но тие вистински ќе почнат дури откако ќе бидат спроведени уставните измени", го нема во објавениот текст на Тилев.

128 Видете Маричиќ: Повеќе гласници за процесот на европски интеграции, помалку простор за дезинформациите, ima.mk, 1.04.2023, каде што Маричиќ укажува: „Она што е добро, е што Европската Унија го сфати тоа како неопходност, како нешто што мора да го прави постојано, да повторува дека преговорите се започнати."

129 Видете, на пример Полиграф: Пендаровски не изјавил дека „не смеело да им се дозволи на луѓето од Бугарија да ја преминат границата за да одат да се поклонат на гробот на Гоце Делчев", ima.mk, 01.02.2023.

„Полиграф": Кој дезинформираше за присуство на бугарската полиција при чествувањето на роденденот на Гоце Делчев во Скопје?, ima.mk, 15.02.2023.

130 Видете, на пример, Полиграф: Кој дезинформира за депортацијата на Евреите од

Македонија?, ima.mk, 22.03.2023.

131 Видете Лажна е веста дека по предлог на партијата на Петков бугарскиот парламент ќе гласа декларација за Илинден, 360 степени, 23.07.2023.

132 Наспроти тезите на вицепремиерот Маричиќ дека „Во преговарачката рамка нема ниту едно прашање поврзано со историјата и Протоколот“ (историјата и протоколот не се дел од преговарачката рамка), претставници на ВМРО-ДПМНЕ истакнува дека протоколот е дел од преговарачката рамка, и укажуваа дека историјата не смее да биде предмет во преговарачката рамка. Исто така, беше истакнувано дека во преговарачката рамка се спомнува член 12 од Договорот за добрососедство од каде што „произлегуваат обврските за заеднички комисии за услогласување на историјата“, па затоа се бараше ревидирање на „Договорот со Бугарија“.

133 Видете и Зоран Бојаровски, Дезинформации се дека се укинува предметот историја и дека наставниците по историја ќе останат без работа, racin.mk, 26.04.2023.

134 Видете, на пример, Внесувањето на Бугарите во Уставот е за да се инсталира Бугарија повторно како окупатор во Македонија како и во 1941-1944, expres.mk, 19.02.2023; ЧЕПРЕГАНОВ ВО АНАЛИЗА НА Н. МАКЕДОНИЈА: Албанците и Бугарите работат за разнебитување и поделба на Македонија како во 1941-ва, Infomax, 1.03.2023.

135 Видете на пример, Александар Литовски, „Делчевизмот е македонизам“, apla.mk, 03.02.2023: „Кој ја бугаризира македонската историја преку идејно-национално плагијаторство од бугарската историографија? Кој ја бугаризира македонската национална свест? Кој нè бугаризира како народ? Кој ја бугаризира македонската иднина?“

136 Чепреганов: Ако се откажеме од Илинденското востание, заради ЕУ и договорот за (не)пријателство со Бугарија, ќе завршиме на буништето на историјата!, expres.mk, 01.08.2023.

137 За уште еден пример видете и Жарко Трајаноски, Историски дезинформации, политички манипулации и нова поларизација околу „Ќосето“ – симбол на поделби, закани, говор на омраза и екстремизам, ima.mk, 22.08.2023.

138 Со повици „Мизија, Тракија, Македонија“, како алузии на „трите географски области кои според националистичките бугарски кругови ја сочинуваат „Голема Бугарија“. На видеото на Фејсбук од ова дефиле, Џамбаски напиша „Еден народ! Две држави!““ (ФОТО+ВИДЕО) Чествувањето на Мара Бунева помина без инциденти, но не и без провокативни скандирања и реторика, 360степени, 14.01.2023.

139 Повеќе македонски медиуми погрешно пренесоа дека Џамбазки ги изнел овие тези во говорот во Скопје.

140 Видете Бугарските провокации имаат цел да не се направи промена на Уставот: Интервју со Ѓорѓи Спасов, Независен, 27.01.2023.

141 Левица бара проглас на персона нон грата за шест Бугарски државјани-непријатели на Македонскиот народ, Антропол, 16.01.2023.

142 Видете Напаѓачот на Пендиков обвинет за нанесување тешка телесна повреда од омраза, 360степени, 8.02.2023.

143 Бугарски пратеник тврди: Пендиков не е бугарски државјанин, туку еден од напаѓачите, Фокус, 30.01.2023.

144 Видете Зоран Бојаровски, Од „љубовта“ на Москва и кон Делчев и санстефанска Бугарија настрадаа македонско-бугарските односи, civilmedia.mk, 06.02.2023.

145 Румен Радев го враќа во игра ветото за С. Македонија, DW, 09.02.2023: „Во моментов сме во состојба на вето за членството на РС Македонија во ЕУ, бидејќи Бугарите кај нашиот западен сосед сè уште не се вклучени во неговиот Устав“ (Радев);

„Самата власт во Македонија треба многу јасно да застане против јазикот на омразата, кој води до сквернавење на споменот на Гоце Делчев – бугарски револуционер кој сакаше да ја види својата татковина обединета“ (Јотова).

146 Видете Два соседни мита и нашите „уставни измени“, Скопско ехо, 28.02.2023, каде што Наташа Котлар Трајкова тврди дека „инсистирањето на „уставни измени“ во сегашните прилики е лоша намера со уште полоши последици по државотворноста и идентитетот на македонскиот народ“.

147 „Бујар Османи со честитка за празникот посветен на Санстефанска Бугарија“, Алфа ТВ, 03.03.2023

148 Видете, на пример, И македонската храна да ти била бугарска, Софија промовира „Јазик на бугарската кујна“, ТВ Алфа, 26.05.2023: „Ова не е првпат од бугарска страна да се објавуваат карти со голема Бугарија каде влегува и

Македонија. Но, властите кај нас не реагираат. Македонските власти молчеа и кога бугарскиот министер Каракачанов по повод 8 март пред две години објави карта на Голема Бугарија."

149 Видете и Софија загрижена за судбината на бугарските клубови, DW, 17.03.2023; Бугарија остро реагира за бришење на клубот „Иван Михајлов", DW, 23.03.2023.

150 На обвинувањата на Јотова за „систематското газење на правата на Бугарите во Република Северна Македонија" Ковачевски одговори дека „дискурсот кој се користи од Бугарија кон Северна Македонија, за жал, е многу сличен на дискурсот кој Руската федерација го користи кон Украина" ((ВИДЕО) Ковачевски од Рејкјавик: Дискурсот на Бугарија кон С Македонија е сличен со оној на Русија кон Украина, 360 степени, 17.05.2023).

151 Видете Во Бугарија се големи фантомските болки за Македонија" DW, 7.03.2023.

152 Видете Жарко Трајаноски, Историски дезинформации и „патриотски" говор на омраза: Зошто во Бугарија нема „заедничка историја" за „3 март"?, ima.mk, 29.08.2023.

153 Се разбира, (про)руските пропагандисти воопшто не информираа дека Адем Демачи е добитник на „Сахаровата награда за слобода на мислата", највисока почест на ЕУ, која минатата година ја доби храбриот народ на Украина, а претходно ја имаат добиено Алексеј Навални, Нелсон Мендела, Кофи Анан, и др. Кога Адем Демачи ја добива оваа висока награда од Европскиот парламент во 1991, тој секако не е опишан како борец за „Голема Албанија", туку како „Мендела на Балканот" и посветен промотор на толеранцијата и етничкото помирување на Косово – со цитатите „Косово им припаѓа на сите" и „ние сакаме слободно, демократско и мулти-етничко Косово". Дури и Сашо Клековски, член на ИК на ВМРО-ДПМНЕ, објави личен став дека „Адем Демачи, како добитник на наградата „Сахаров" од Европскиот парламент во 1991 година, заслужува одредена почит".

154 За врската меѓу пропагандните наративи на Белград и Москва, по посетата на Курти, видете Џабир Дерала, ПРОПАГАНДНИ НАРАТИВИ: Српска „братска одбрана" на Македонците од Албанците, закани со „судбината на Украина" и свецкање со оружје, civilmedia.mk, 22.08.2023.

155 Изјава на историчарот д-р Милош Ковиќ, кој беше цитиран и во вестите на Спутник Србија од 14.08.2023, каде како прва тема се обработуваше прашањето, „Каква порака испрати Курти од Тетово до Атина, Скопје, Белград и Подгорица?": „Кога еднаш ќе се откажете од виталните национални интереси, а нема ништо потемелно од тоа од името на земјата и од јазикот, тогаш нема крај. И се плашам дека токму овој вид исполнување на сите барања што ѝ се поставуваат на Северна Македонија води кон поништување прво на македонската држава, а потоа и на македонскиот национален идентитет", изјави Ковиќ во вестите на Спутник Србија.

156 Вечерта на 14.08.2023 Спутник Србија објави застрашувачки конспирациски наратив Како Голема Албанија се вклопува во Зелената трансверзала.

157 Исмаил: Втора македонска бригада ја преименувавте по колаборационисти на фашистичкото движење – Адем Демачи, Антропол, 16.09.2023.

158 Видете Мојсоска: Влез во европска заедница заглавена во својата декаденција – ФАЛА, НЕ!, Опсервер, 22.09.2023: „Европската унија која е длабоко навлезена во рехабилитација на фашизмот и нацизмот, очигледно дека е АКТИВЕН поддржувач на врховистичка Софија."

159 За „профитите" од „двете страни од етнополитичките тараби" по посетата на Курти видете Џабир Дерала, „Добредојдовте на приватна забава", civilmedia.mk, 14.08.2023.

160 Видете „Деновите на Албин Курти во Македонија, Уставни измени и брзи вонредни избори", Вечер, 14.08.2023: „Дали Курти со оваа провокативна посета, смислено (по налог) или случајно (од лудост) во овој момент ги погреба уставните промени, веројатно никогаш нема да дознаеме."

2. УСТАВНИТЕ ИЗМЕНИ ВО АЛГОРИТАМОТ ДЕЗИНФОРМАЦИИ – ОМРАЗА – ПОЛАРИЗАЦИЈА

Пишува: ЗОРАН БОЈАРОВСКИ

Говорот на омраза е храна за политичка некултура, а тие што го произведуваат и се хранат со него го поларизираат до екстремност јавниот дискурс. Така може да се дефинира состојбата со незапирливиот наплив на говор на омраза, иако поминаа 15 години откако е регистриран како системска закана за демократијата и добрите практики во политиката, и откако се одржани илјадници работилници, семинари, самити, конференции за препознавање, за идентификација на генераторите на омразата и за препораки за негово сузбивање.

Таа состојба произлегува од алгоритамот дезинформации > говор на омраза > поларизација и се пресликува и влошува со секој нов случај, процес или настан, за кои некои од фабриките за омраза ќе се проценат дека треба да бидат „загадени“ со говор на омраза. И речиси дека нема исклучок, што, од друга страна, укажува на фактот дека говорот на омраза стана редовна алатка за подривање, корумпирање, опструкции и минирање на општествените или политичките процеси.

Проблемот со говорот на омраза веќе може да се нарече системски проблем.

Говорот на омраза (и злоделата од омраза) е феномен што има тренд на влошување и зголемување во последните две-три години. Главна причина и понатаму останува неказнивоста, иако беа донесени измени во легислативата, како и непрепознавањето и непријавувањето до надлежните институции. Ова се констатира во последниот извештај на „Метаморфозис“ за почитување на човековите права во Република Северна Македонија „Основни права-Рамка има, имплементацијата варира, секаде се потребни повеќе пари“[1]

Бројот на случаи расте од 2020 година

Говорот на омраза расте од година во година, а драстично зголемување, за дури 160 отсто, е регистрирано од невладините организации на преминот од 2019 во 2020 година, на почетокот на пандемијата со Ковид-19, и таа тенденција не запира, т.е. се регистрира и денес. Според експертите на Хелсиншкиот комитет за човековите права (ХКЧП) од 2014 година до 1.6.2022 година се регистрирани 3.046 случаи на говор на омраза.

Регистрирањето на овие случаи може да се види на интернет-платформата за пријавување говор на омраза, која е воспоставена во 2014 година од страна на ХКЧП, со помош на американскиот NED, „Говор на омраза„ (govornaomraza.mk)[2]. Тие 3.046 случаи што се регистрирани од тогаш се чисти случаи на говор на омраза по 14 различни основи што ги препознава и законот, и вреди да се истакне дека се проверени и филтрирани од бројот на пријави, кој е многу поголем, т.е. нема сомневање дека станува збор за случаи на говор на омраза.

Како најчести основи за говор на омраза од оваа статистика се издвојуваат етничката припадност – со 1.477 случаи или 37 отсто, политичката припадност – со 922 случаи или 23 отсто, сексуалната или родовата припадност – со 901 случај или 23 отсто, пол и род – со 238 случаи или 6 отсто.

Говорот на омраза може да се сретне секаде, но најчести платформи за дисеминација се социјалните мрежи. Според рангирањето на експертите, најмалку го има на традиционалните медиуми, многу повеќе на онлајн-медиумите, но дефинитивно како платформи „сејачи“ на говор на омраза се злоупотребуваат „Фејсбук“, „Јутјуб“ и, во последно време, „Тик-ток“, се наведува во извештајот на „Метаморфозис“.

Трендот на пораст е потврден и од статистиката што ја води и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Само од 2021 до јануари 2022 година, Комисијата има донесено 14 одлуки за сторена форма на дискриминација преку говор на омраза или вознемирувачки говор искажан преку средства за јавно информирање/медиуми, а најчесто преку социјалните мрежи „Фејсбук“ и „Твитер“. Ваквиот говор бил насочен кон лица што припаѓаат на маргинализирана група, а се однесуваат на сексуална ориентација, односно врз основа на пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет. Врз основа на национална или етничка припадност, потекло, попреченост, семејна или брачна состојба и друго има уште седум случаи каде што е утврден вознемирувачки говор или дискриминаторски говор, така што вкупно има преку 20 такви случаи за 2021 г., само преку средства за јавно информирање/медиуми, каде што спаѓаат и социјалните мрежи.

Но, бројката драматично расте во 2022 година, па така Комисијата во својот квартален извештај за јануари-март 2022 година[3] изнесува податок дека дури 50 отсто од претставките каде што е утврдена дискриминација, односно 13 претставки, се однесуваат на дискриминација сторена преку средства за јавно информирање/медиуми, а најголемиот број од нив се однесуваат на социјалната мрежа „Фејсбук“.

Доколку се земат случаите што ги регистрирале новинарските здруженија во последните година-две и други невладини организации (на пример, само „Метаморфозис“ има регистрирано околу десет случаи на говор на омраза и поттикнување кривични дела од омраза кон своите вработени), сосема е јасна големината на проблемот со кој се соочува општеството.

Говорот на омраза го „спонзорираат“ високи функционери и јавни личности

Во една своја претходна анализа за говорот на омраза за „францускиот предлог“, Институтот за медиуми и аналитика (ИМА) „Францускиот предлог: Говор на омраза, дезинформации, медиумски манипулации“[4], во поглавјето „Експлозија на говор на омраза за време на јавната дебата за ‘францускиот предлог’“, беше констатирано дека дневно-политичката дебата за таканаречениот „француски предлог“ за надминување на спорот со Бугарија и ветото за почеток на преговорите на Северна Македонија за членство во Европската унија, го разгоре говорот на омраза во јавноста, медиумите и на социјалните мрежи.

Ваквите појави добија ветер во едрата заедно со тензиите кога овој процес ја достигна својата кулминација, односно за време на дебатата за „францускиот предлог“ минатата година. Анализата ги идентификуваше карактеристиките и елементите на говорот на омраза што преовладува во јавниот дискурс и како тие се пресликуваа во актуелниот комуникациски амбиент во земјата во контекст на предложената рамка за отворање на преговорите за пристапување на Северна Македонија во ЕУ, односно „францускиот предлог“, како што широко беше прифатен како термин во јавниот дискурс.

Во анализата на ИМА беше констатирано дека високи функционери на „Левица“ говорот на омраза го пренесоа од медиумите и социјалните мрежи во јавните настапи кога прво повикаа на радикализација (Апасиев предлага радикализација на опозицијата со протести, блокади и парализа на Собранието[5]), а потоа и со отворената реторика на омраза кон претседателот на државата Пендаровски (Апасиев јавно го пцуе Пендаровски[6]), откако првиот човек на државата на на Самитот на НАТО во Мадрид изјави дека модифицираниот француски предлог е „далеку подобар за нас во споредба со претходниот“. Ова само им даде дополнителен импулс на следбениците на Апасиев на социјалните мрежи, особено откако тој „се нафрли“ со непримерен говор и врз дел од новинарите кои изразија мислење за „францускиот предлог“ (Функционери на Левица со етикети, говор на омраза и закани за ставање на „список“ кон новинарот Попетрески[7])

Сите овие појави се беа последователни на говорот на омраза, кој од улиците се префрлаше во Собранието, постојано потхранување од масовната размена на омраза на поларизираните граѓани на социјалните мрежи (Улична дебата во Собранието: Пратениците од СДСМ се изроди, а тие од ВМРО-ДПМНЕ се за лекување во Демир Хисар[8]).

Посебно загрижувачки беа појавите на поизразен говор на омраза и поделби на внатрешен план помеѓу двете најголеми етнички групи (Бесот од францускиот предлог се истура врз соживотот[9]).

Институтот за медиуми и аналитика ИМА регистрираше дека од говор на омраза не беа поштедени ниту најмалку ни високите функционери на ЕУ, кои доаѓаа во Северна Македонија со пораки дека македонскиот јазик стои без квалификација од ЕУ во изменетиот предлог на преговарачката рамка и дека иднината на Северна Македонија е во Европската Унија, дека Европа не е цела без Северна Македонија (Оркестрирани напади со говор на омраза и дезинформации кон фон дер Лајен и ЕУЗО)[10].

На ова реагираше и еврокомесарот за проширување и соседство Оливер Вархеји, кој во интервју за „Еурактив“[11] ја повика опозицијата во Северна Македонија на отрезнување со порака дека „палењето документи во пленарната сала, туркањето на луѓето кон насилство, и поттикнувањето омраза не носат ништо, само штета“.

На ескалацијата на насилството и говорот на омраза реагираше и Хелсиншкиот комитет со „осуда на секој чин на насилство и секој говор на омраза, како и поттикнувањето и повикувањето на насилство“[12], како крајно штетни и спротивни на вредностите на едно демократско општество. Хелсиншкиот комитет препозна дека говорот на омраза го презедоа политичарите и јавните личности и ги повика „да внимаваат каков говор употребуваат во своите обраќања до јавноста, а медиумите да ги пренесуваат случувања водејќи се од начелата на објективност и

непристрасност при известувањето“. Во овој контекст, и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација соопшти дека се поднесени десеттина пријави за утврдување дискриминација по основ на етничка припадност во мислења објавени на социјалните мрежи (Десетици пријави за наводен говор на омраза против Бугарите во земјава)[13].

И кога се сметаше дека кулминацијата на говорот на омраза беше постигната лани за време на уличните протести против „францускиот предлог“, таа експлозија на говор на омраза потоа се прелеа и во јавната расправа за уставните измени кои за своја цел имаат промена на Уставот на Северна Македонија со уставни амандмани за внесување на Бугарите во Преамбулата на конститутивниот акт на државата.

Реакциите и апелите не помогнаа. Говорот на омраза беше силна „придружба“ на дебатата за односите со Бугарија и на опструкциите на оваа земја во пристапниот процес на нашата земја за членство во ЕУ и во оваа фаза на овој процес - особено во епизодите „Протоколот“, „Бугарски клубови во Македонија“, „Утврдување на уставните амандмани од страна експертската група“ и во уште некои други.

Дезинформациите за Протоколот за спроведување на Договорот за пријателство меѓу Македонија и Бугарија со посредство на ЕУ генерираа омраза

Колку е важно и чувствително прашањето на говорот на омраза во односите меѓу Северна Македонија и Бугарија сведочи и Протоколот[14] за спроведување на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу двете земји, во кој оваа тема и препораките во врска со неа имаат посебно поглавје.

Протоколот беше потпишан на 17 јули 2022 година во Софија од страна на министерот за надворешни работи, Бујар Османи и тогашната шефица на дипломатијата на Бугарија, Теодора Генчовска. Потпишувањето на Протоколот и одржувањето на состанокот на меѓувладината комисија следуваше откако „францускиот предлог“ беше одобрен од страна на Владата по усвојувањето на заклучоците во македонското Собрание.

Во протоколот, меѓу другото, дополнително за говорот на омраза е предвидено дека државите ќе преземат ефикасни мерки за превенирање на недобронамерна пропаганда од страна на институции и агенции и ќе обесхрабруваат активности на приватни субјекти, насочени кон поттикнување на насилство, омраза или други слични активности, кои би наштетиле на нивните односи.

„Двете држави преку дипломатски канали меѓу министерствата за надворешни работи да продолжат да разменуваат информации во врска со говор на омраза, идентификувани натписи и знаци на јавни згради и споменици, текстови во учебници и учебни материјали како и во јавниот простор на територијата на другата држава и да информираат во разумен рок за преземање активности од соодветната држава за неодложно отстранување на идентификувани случаи на говор на омраза“, се наведува во Протоколот.

По потпишувањето на Билатералниот протокол, министерот за надворешни работи, Бујар Османи изјави дека преку овие точки во Протоколот министерствата

преку посебни работни тела ќе го следат трендот и доколку увидат дека некој намерно провоцира, ќе ги информираат надлежните институции.

Но тоа не помогна многу. Наскоро се појавија објави со голема фреквенција на реакции и коментари коишто шареа дезинформации, на кои се налепуваше говор на омраза кој дополнително ја поларизираше македонската јавност.

Порталот Вистиномер[15] како типичен образец за дезинформации што продуцираше големо количество говор на омраза анализираше објава на социјална мрежа Фејсбук, во која неточно се наведува дека Протоколот предвидува рушење на споменици кои не се одобрени од Бугарија, дека цела документација од архивите во Македонија од 1945 до 1990 ќе се носи во Бугарија или дека ќе има затворски казни за „говор" против Бугари.

Независните проверувачи на факти во анализата докажуваат дека ништо од ова не е точно, како што не е точно и тоа дека новите учебници ќе бидат одобрувани во Бугарија или дека Македонија ќе треба да ѝ се извини на Бугарија за прогонот на Бугарите во Македонија од страна на комунистите.

Во рецензијата на објавата исполнета со дезинформации, Вистиномер.мк се осврнува и на инсинуациите дека Протоколот предвидува да бидат забранети книги, филмови и други уметнички дела кои не се одобрени од Бугарија и дека сите идни нови книги и филмови ќе мора да бидат одобрени во Софија.

Тоа исто така не е точно, бидејќи нема таква одредба во Протоколот. Двете држави само гарантираат дека државното финансирање на нови книги, документарни изданија и списанија, филмови и друга уметничка продукција, како и на споменици на културата и прослави, ќе се реализира во духот на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка, и во овој контекст со неопходното внимание на сите форми на говор на омраза.

Уште повеќе, таква одредба не е возможна, бидејќи во Северна Македонија во Уставот[16], во Член 16 „се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Цензурата е забранета".

Според наведените факти, тврдењата искажани во постот се тенденциозни и невистинити, се констатира во анализата на Вистиниомер.мк, но тоа не го спречи говорот на омраза што го поттикна оваа и други слични објави.

Бугарските клубови заедно со говорот на омраза донесоа и кривични дела од омраза

Бугарските клубови и здруженија кои започнаа да се основаат во екот на заострените македонско-бугарски односи донесоа нов бран говор на омраза, но и бран на насилство, што стана особено загрижувачко.

На отворањето на првиот културен клуб на Бугарите во Битола наречен „Иван (Ванчо) Михајлов" на 16 април, 2022 година, присуствуваше и тогашниот владин врв на Бугарија предводен од Кирил Петков како премиер.

Настанот предизвика силно незадоволство во македонската јавност, во најголем дел заради фактот што културниот клуб во Битола е именуван според личност, која се препознава како негативна во однос на македонската историја и револуционерна борба и како лик што соработувал со фашистите за време на Втората светска војна и тврдел дека Македонците се Бугари.

На 3 јуни 2022 година, беше опожарена портата на клубот во Битола. За тоа беше обвинет пејачот Ламбе Алабакоски, по што беше покрената судска постапка, која на 27 септември истата година заврши со условна казна затвор од шест месеци, која нема да се реализира доколку Алабакоски во следните две години не стори ново кривично дело.

Тензиите што ги предизвикаа овие настани не престанаа да се потхрануваат и во текот на наредниот период, во кој беа организирани повеќе средби и беа објавени повеќе изјави кои требаше да ги деескалираат состојбите.

Но, наместо да се случи тоа, следуваа неколку изјави на бугарскиот европратеник Ангел Џамбаски, меѓу кои и таа дека лично тој ќе предводи бугарска делегација на чествување по повод роденденот на Гоце Делчев на 4 февруари.

На ова реагираше премиерот Ковачевски, кој изјави дека „инцидентите и провокациите меѓу двете земји се намерно предизвикани од оние кои не сакаат да станеме членка на ЕУ“, а министерот за надворешни работи, Бујар Османи рече дека „последен пат ќе влезе во државата секој кој ќе ги нарече Македонците Бугари или ќе каже дека Северна Македонија е бугарска“.

На овој бран сериозни тензии во македонско-бугарските односи им претходеше инцидентот во Охрид, кога на 19 јануари 2023 година беше нападнат и претепан секретарот на тамошниот бугарски клуб „Цар Борис Трети“, Христијан Пендиков. Бугарија веднаш обвини за кршење на правата на Бугарите во Македонија, а пристигнаа и закани за блокирање на преговорите со Европската Унија. Инцидентот го осудија македонскиот и бугарскиот државен врв, а Бугарија испрати владин авион за да го земе Пендиков и да го лекува во Софија, што дополнително предизвика појави на говор на омраза.

Во меѓувреме на социјалните мрежи бугарската фондација „Македонија“ веќе повика на организирана посета на Бугари на гробот на Гоце Делчев во црквата „Св. Спас“ во Скопје на 4-ти февруари, а како директна реплика на оваа провокација дојде и реакцијата на Александар Пандов од ВМРО-ДПМНЕ кој на својот Фејсбук профил порача дека уште од утринските часови Македонците ќе бидат во црквата „Свети Спас“.

И на отворањето на бугарскиот клуб „Цар Борис Трети“ во Охрид имаше протести, а неколку дена подоцна беше оштетена таблата со името на клубот.

Протестот го организираше партијата Левица и го поддржа ВМРО-ДПМНЕ. Тогаш и еврејската заедница во Македонија излезе со став дека е згрозена од „глорификацијата на фашизмот и ширењето на јазикот на омразата“.

Во оваа насока, пратениците во македонскиот Парламент ја започнаа иницијативата за да ограничи правото на здруженијата да избираат имиња кои се поврзуваат со фашизам.

Говорот на омраза не ја заобиколи и дебатата за уставните амандмани

За жал, сосема очекувано, говорот на омраза не ја заобиколи и дебатата за уставните измени, кога тие влегоа во фазата на утврдување на амандманите за внесување на Бугарите во Уставот.

Една од типичните карактеристики на говорот на омраза на социјалните медиуми се сексистичките коментари и закани, кои се секогаш фокусирани на девојките и жените кои се погласни и поактивни кога се во прашање овие или други политички процеси.

Пратеничката и лидерка на политичката партија ЛДП, Моника Зајкова беше мета на говор на омраза и сексистички напади со измислена вест која наводно е објавена од порталот на неделникот Фокус[17].

Мониторинг тимот на граѓанската организација Цивил ја дебанкираше оваа содржина и објави дека од Фокус за ЦИВИЛ Медиа потврдиле дека ваква содржина не е објавена на нивниот сајт и дека е злоупотребено логото на сајтот.

Ваквите дезинформации и сексистички напади следуваа по изјавата на Зајкова дека е по потекло од Кукуш, говори македонски јазик и секогаш ќе биде горда Македонка.

Малку подоцна, кога на иницијатива и на предлог на Владата се формираше експертската група која требаше да го подготви текстот на амандманите на Уставот со кои треба да бидат внесени Бугарите во конституцијата на државата (Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Северна Македонија со насоки за изменување и дополнување на уставот[18]), од говор на омраза не беа поштедени ниту предложените експерти.

Самите наслови на текстовите за членовите на експертската група на предлог на Владата којашто требаше да ги утврди уставните амандмани поттикнуваа говор на омраза. На пример овој: Еве кој ќе ги става Бугарите во Уставот: Меѓу т.н. експерти има сè, само не професори по уставно право.[19]

Посебна мета на партиските ботови и тролови на социјалните мрежи беше професорката д-р Ана Чупеска од Правниот факултет во Скопје, кон која имаше масовен говор на омраза што го поттикна ВМРО-ДПМНЕ со дезинформацијата дека Чупеска поддржува апсење и затворање на новинари и дека не е компетентна да пишува уставни амандмани[20].

Од екстремниот говор на омраза, па дури и од отворени закани и повици за физичко насилство не се поштедени ниту граѓанските активисти. Претседателот на Цивил, Џабир Дерала е постојано мета на говор на омраза, но оваа пролет, додека се забрзуваа процесите за утврдување на уставните амандмани, кон Дерала беа упатени сериозни закани и говор на омраза.

Во реакцијата на Цивил „Говор на омраза, лаги и закани кон Џабир Дерала, претседателот на ЦИВИЛ“[21], како одговор на говорот на омраза и заканите беше истакнато дека е „јасно е дека овие напади колку што се насочени кон Дерала, тие се насочени и против организацијата ЦИВИЛ и нејзината медиумска платформа. Познато е дека ЦИВИЛ како организација ги промовира човековите права,

демократијата, мултикултурализмот, европските вредности и евроатлантската ориентација на земјата. ЦИВИЛ е една од најрелевантните организации за борба против дезинформациите, пропагандата и говорот на омраза, како и угледна организација за мониторинг на изборните процеси и контрола на оружјето. Оттаму, ваквите оркестрирани напади се насочени токму против вредностите и делувањето на ЦИВИЛ, а со тоа се врши и притисок врз граѓанките и граѓаните, да не се осмелуваат да изразат јавна поддршка на организацијата".

Говорот на омраза околу спортските терени

Мониторинг тимот на граѓанската организација Цивил го следеше и агресивниот и насилен говор на омраза којшто се манифестираше во пресрет, за време и после фудбалскиот натпревар меѓу екипите на Шкупи и Левски.

Говорот на омраза и насилствата што ги предизвика тој не можат да се исклучат од општата состојба и слика за оваа појава на темите поврзани со македонско-бугарските односи и донесувањето на уставните измени.

Во таква зовриена и поларизирана атмосфера се случија и непријатните и насилни сцени што ги предизвикаа навивачите на двата клуба.

Во извештајот на мониторинг тимот на Цивил[22] се вели дека „навивачите на бугарскиот клуб Левски уште не пристигнати на фудбалскиот натпревар меѓу Левски и Шкупи, веќе на социјалните мрежи почнаа да провоцираат дека ќе го запалеле македонското и албанското знаме на трибините на стадионот „Тодор Проески" во Скопје. Со тоа бугарските националисти облечени во хулигански маички само докажаа дека сакаат да предизвикаат етнички тензии кои ќе им одат во прилог само на бугарските (и на дел од македонските) политичари кои го кочат патот на Македонија кон Европската унија".

Епилогот на овој говор на омраза во пресрет на натпреварот резултираше со физичко насилство и пресметка меѓу навивачките групи. Таков беше инцидентот во скопската населба Чаир, кој имаше голем одек во македонските и бугарските медиуми. За овој инцидент Основното јавно обвинителство излезе со соопштение[23] во кое се вели:

„Според првичните сознанија, до настанот дошло додека навивачи на ФК „Левски" со две возила со бугарски регистарски ознаки се движеле во близина на трговскиот центар „Чаирчанка", каде влегле во вербална расправија со случајни минувачи и граѓани. Бугарските навивачи ги запреле возилата и излегле од нив, по што вербалната расправија преминала во физичка пресметка со група граѓани кои излегле од околните објекти. При враќање во автомобилот, 29-годишен бугарски државјанин бил повреден со остар предмет во абдоменот. Кај него била констатирана тешка телесна повреда и е хоспитализиран. По извршена хируршка интервенција, тој е во стабилна состојба", соопшти Обвинителството.

Потоа, пред почетокот на натпреварот надвор од Градскиот стадион продолжија со вербално и физичко насилство, додека внатре во стадионот пееја песни против Македонците и Албанците: „Уби, уби, уби Ш*птара".

На овие настани реагираа и од Институтот за медими и аналитика (ИМА)[24], од каде што потенцираа дека „говорот на омраза пред, за време, и по одржување на спортските натпревари причинува повеќекратни штети, а поттикнува и насилство. Институтот за медиуми и аналитика ИМА го осудува говорот на омраза и насилството пред и за време на одржување на фудбалскиот натпревар во Скопје помеѓу фудбалските клубови на Шкупи и Левски“.

Во својата реакција ИМА ги повика надлежните институции да преземаат казнени мерки, но и други мерки со кои во иднина ќе спречи повторување на говорот на омраза и насилството кое го поттикнува и ги повика политичарите и медиумите јавно да го осудуваат говорот на омраза.

„Именувањето“ (name calling) на социјалните мрежи е главна алатка за оцрнување, заплашување и замолчување на неистомислениците

Главна алатка на протагонистите на говорот на омраза на социјалните мрежи и на порталите на традиционалните медиуми со кои се навредуваат, оцрнуваат, заплашување и се прават обиди да бидат замолчени неистомислениците и на едната и на другата страна, е навредливото именување, односно погрдните атрибути.

Најпопуларни и најфреквентни се епитетите „северџан/северџани“ или „вмрон/вмрони“.

Но, кога ќе се исцрпат овие навреди од „идеолошко-партиски происход“, доаѓаат на ред и останатите „традиционални“ тиради од погрдни именувања како „комуњари“, „арамии“, „хохштаплери“, „плукачи“, „неписмени“, „немиени“, а проследени со навреди на сметка на религијата, етничката припадност, сексуалната ориентација, националноста...

Не ретко има и говор кој, заедно со навредите, повикува и на пресметки и физичка ликвидација.

Низа аналитичари укажуваат дека овој тренд е во пораст и дека во директна врска со потребата на политичките центри на моќ да го одвлечат вниманието на јавноста од низа реални проблеми од економската и од општествената сфера или да го насочат на теми кои се од партиски, а не од јавен интерес.

За жал, заради ширината и интензитетот на говорот на омраза, орекстриран од различни центри на моќ со тролови на социјалните мрежи, веќе имаме млади генерации што растат во секојдневие во кое омразата е „нормална“ и кои на разни начини сугерираат дека погазувањето и на своето и туѓото основно човеково достоинство и индивидуалност, е нешто што е вообичаено.

Без разлика на интензитетот на говорот на омраза, препораките се дека со иста, ако не и поголема, треба да биде пропорционалноста на мерките за справување со него.

Останува и препораката дека објавите на содржини со говор на омраза треба да се модерираат според Насоките за етичко известување на онлајн медиумите во Северна Македонија на Советот за етика на медиумите во Македонија (точка 10.4).

Но, иако препорака вели дека „онлајн медиумите се одговорни за редовно прегледување и брзо отстранување на коментарите на корисниците што се објавуваат под новинарските содржини на веб-страниците или на социјалните мрежи, а коишто содржат говор на омраза и имаат потенцијал да предизвикаат штетни последици во општеството“ – мал е бројот на медиумите што го прават тоа. Веројатно во борба за поголема читаност, во што придонесуваат дискусиите со многу коментари кои ја креваат видливоста на постовите, медиумите заборавааат на нивните етички должности. Дел од нив ова го правдаат со недостаток на човечки ресурси за соодветно модерирање на нивните објави.

Какво и да е објаснувањето или оправдувањето, штетата во однос на јавниот интерес и на менталното здравје на општеството, ќе биде ненадоместлива доколку колку што е можно побргу не се преземат конкретни, соодветни и континуирани мерки за ефикасен одговор на овој сериозен проблем.

Говорот на омраза и недобронамерната пропаганда одат рака под рака

Секој чин на деструктивно однесување, не носи никому добро, освен на тие што се служат со ова подмолно средство за валкани цели.

Говорот на омразата и делата од омраза се меѓусебно поврзани и претставуваат закана за човековите права и слободи, но и за развојот, безбедноста и стабилноста на едно демократско општество.

Справувањето со говорот на омраза, како и преземањето ефикасни мерки за превенирање на недобронамерна пропаганда од страна на институции и агенции, и обесхрабрувањето активности на приватни субјекти, може да биде проблематично во пристапниот процес на Северна Македонија за членство во ЕУ – доколку вакви мерки не се преземат.

Колку е ова важно прашање говори и фактот дека терминот „говор на омраза“ е опфатен во два кластера и споменат дури 18 пати во Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Северна Македонија во евроинтегративниот процес за 2022[25] година. Со тоа, Европската Комисија го издвои говорот на омраза како особено актуелна тема, за која се формулирани неколку препораки.

Дилемата која се воочува тука, е потреба од дефинирање на недобронамерна пропаганда и институционална поставеност и одговорност за утврдување на истата, укажа во една својата анализа Радио Слободна Европа со индикативен наслов „Уставните измени се само една од можните сопки кон влезот во ЕУ“.[26]

„Што се однесува до говорот на омраза, а особено со оглед на актуелноста и акутноста на состојбата со говорот на омраза на двете страни, потребна е и итна реакција на МНР во координација со Министерството за правда, вклучително и Народниот правобранител да се отпочне комуникација со Европската агенција за основните права, со цел користење на нејзината експертиза, совети и насоки за воспоставување функционален сеопфатен механизам со целосен респект на сите меѓународни норми и обезбедување заштита на слободата на мисла и говор“, изјави за анализата на Радио Слободна Европа Зоран Нечев од Институтот за демократија.

Во земјата, за говор на омраза се постапува според Кривичниот закон или меѓународните конвенции, според кои справувањето со говорот на омраза мора да биде приоритетна грижа на секоја држава, а тоа е особено значајно кога станува збор за нашата земја и за евро-интегративниот процес.

„Постапување по говор на омраза ќе биде дел од условите, но кога зборуваме за тоа кој говор на омраза е најштетен, тогаш прво: тоа е оној по кој не се постапува, а вториот е тој кој доаѓа од официјалните претставници на државата. И затоа изјави од граѓани на социјални мрежи или во јавност се дел од „големата врева", но се нерелевантни за евроинтегративниот процес. Ако тој говор доаѓа од политички претставници, пратеници или државниот врв, тогаш тоа е штетен говор кој го нарушува процесот", вели Андреја Стојковски од Институтот Преспа во истата анализа на Радио Слободна Европа.

Нападите врз македонските Бугари и бугарските културни центри влегоа и во извештајот на ЕКРИ за Северна Македонија[27]. Европската комисија против расизмот и нетолеранцијата (ЕКРИ), формирана од Советот на Европа, како независно тело за следење на човековите права специјализирано за прашања поврзани со борбата против расизмот, дискриминација (по основа на „раса", етничко/национално потекло, боја на кожа, државјанство, религија, јазик, сексуална ориентација и родов идентитет), ксенофобија, антисемитизам и нетолеранција, во извештајот за земјава за 2023 година го оценува „антибугарското насилство како сериозно загрижувачко, особено по неколкуте напади врз лица кои себеси се идентификуваат како Бугари и врз бугарски културни центри" и се осврнуваат на „чекорите на властите за укинување на регистрацијата или распуштање на некои постојни бугарски културни здруженија".

Притоа, се наведува инцидентот со клубот „Иван Михајлов" во Битола кој се случи, како што стои во извештајот, по серијата закани против клубот. Претседателот и Владата го осудија нападот, но ставот на дел од соговорниците на ЕКРИ бил дека условната казна за нападот во Битола не била доволно строга за да спречува такви инциденти во иднина.

Исто така, наведени се и случувањата со клубот „Цар Борис Трети" во Охрид, при што во вториот инцидент се користеше огнено оружје и физичко насилство. ЕКРИ бара не само осуда на прибегнувањето кон говор на омраза и насилство и изведување на сторителите на злосторствата од омраза пред лицето на правдата, туку и систематско и доследно спротивставување на антибугарскиот јавен дискурс, со цел да се запре овој загрижувачки тренд.

Во Комисијата, како што се додава во извештајот, се свесни за политичката контроверзност во однос на користењето на името на Иван Михајлов и неговите политички идеи дека Македонците се Бугари и признаваат дека употребата на името Цар Борис Трети е исто така контроверзна и провокативна, со оглед на улогата на Бугарите како окупатори на Македонија во Втората светска војна.

Вечното прашање: Што да се прави?

Она што може да се заклучи од оваа анализа се совпаѓа со утврдените сознанија дека говорот на омраза служи како алатка за засилување на дезинформациите, спинувањето и предизвикувањето на сомнежи и недоверба во процеси и

институции. Во овој случај, говорот на омраза, освен што го поларизира јавното мислење, го таргетира и процесот за евроинтеграции на земјата.

И во овој случај, говорот на омраза има јасни обрасци и на експлицитно и на имплицитно ниво, односно и кога станува збор за содржината и кога станува збор за формата. Содржината е лесно препознатлива, пред сè во вокабуларот што е непристоен и не е соодветен за јавен говор.

Постојат безброј примери, особено во медиумите. Освен објавите и коментарите на социјалните мрежи, дополнително загадување на јавниот простор со говор на омраза се прави и преку нефилтрираното пренесување на зборовите на учесниците во настани што шират говор на омраза, како правењето публицитет од нешто што не го заслужува вниманието од аспект на јавниот интерес и на етичката и политички културната комуникација.

Ситуацијата е многу покомплицирана со наративи и дискурсни стратегии, кои имплицитно шират омраза и нетолеранција. Како пример може да се земе постојаното прикажување на одредена група граѓани, социјална или политичка структура, во негативен контекст. Такво врамување во континуитет и интензитет создава одиум кој поттикнува омраза. Така е и во случајот на јавната дебата во однос на уставните измени со што или кај застапниците или кај противниците на овој процес се создава атмосфера со која кон „другиот“ се оправдува дури и говорот на омраза.

И додека имплицитниот говор на омраза е тешко да се идентификува и препознае веднаш, експлицитниот, како лесно видлив, доколку постои желба, треба веднаш да се исклучи од јавната комуникација со едноставно модерирање на коментарите на корисниците на некој портал за вести или на портал кој е онлајн платформа на традиционалните печатени и/или електронски медиуми.

Од друга страна, дури и сопствениците на личните профили и пејџови на социјалните мрежи, доколку не сакаат нивниот „личен простор“ на Фејсбук, Твитер, Инстаграм, Тик-Ток и други социјални мрежи да им биде запоседнат од луѓе кои сеат говор на омраза, можат или да ги исклучи од списокот на пријатели на Фејсбук или да ги модерираат коментарите.

Од друга страна, останува она што експертите од Хелсиншкиот комитет за човекови права го препознаваат како еден од најгорливите проблеми, а тоа што нема системска казнивост на говорот на омраза. Тие, исто како што тоа го детектира и ЕК во своите извештаи, истакнуваат дека државата нема систем на казнување, иако невладиниот сектор помага при неговото детектирање, прибирање докази, комуникацијата меѓу Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи, но, на крајот, од судската пракса произлегуваат поразителни бројки, бидејќи случаите за кои е поведена постапка за говор на омраза од страна ЈО во судовите, години наназад се брои на прстите од една рака.

(авторот е долгогодишен новинар и уредник)

Референци

1 „Основни права-Рамка има, имплементацијата варира, секаде се потребни повеќе пари“, Фондација Метаморфозис, објавен во 2022 година.

2 www.govornaomraza.mk е интернет платформа како дел од активностите предвидени во проектот „Мапирање, анализирање и преземање мерки против говор на омраза во Република Македонија“ на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, поддржан од Националниот фонд за демократија (National Endowment for Democracy - NED) од Соединетите Американски Држави.

3 Квартален извештај на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за јануари-март 2022 година

4 Францускиот предлог: Говор на омраза, дезинформации, медиумски манипулации

5 Апасиев предлага радикализација на опозицијата со протести, блокади и парализа на Собранието - 360 степени (360stepeni.mk), објавено на 11 ноември 2021 г.

6 Апасиев јавно го пцуе Пендаровски, објавено на МКД.мк на 02.07.2022 г.

7 Функционери на Левица со етикети, говор на омраза и закани за ставање на „список“ кон новинарот Попетрески, објавено на порталот ИМА.мк на 23.06.2022 г.

8 Улична дебата во Собранието: Пратениците од СДСМ се изроди, а тие од ВМРО-ДПМНЕ се за лекување во Демир Хисар, објавено на порталот Макфакс.мк, на 15 јули 2022 г.

9 Бесот од францускиот предлог се истура врз соживотот, објавено на Призма.мк на 07.07.2023 г.

10 Оркестрирани напади со говор на омраза и дезинформации кон фон дер Лајен и ЕУ, објавено на порталот на ИМА на 15.07.2022

11 EU's Varhelyi: Will for enlargement is back, we're ready to move fast, објавено на порталот Еуроактив на 25.07.2022

12 Апелираме за мирни протести без насилство, објавено на порталот на Македонскиот хелсиншки комитет на 06.07.2022 г

13 Десетици пријави за наводен говор на омраза против Бугарите во земјава, објавено на порталот на ТВ Канал 5 на 21.07.2022 г.

14 Протоколот од вториот состанок на Заедничката меѓувладина комисија, формирана врз основа на членот 12 од Договорот за пријателство, добрососедство и соработка, 17.07.2022 г.

15 Со невистини за Протоколот со Бугарија се подгрева атмосферата пред уставните измени, Вистиномер.мк, објавено на 07.08.2023 г.

16 Устав на Република Северна Македонија, објавен на порталот на Собранието

17 Злоупотребено логото на Фокус за ширење сексизам и дезинформации кон Зајкова, објавено на Цивил медиа на 26.01.2023 г.

18 Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Северна Македонија со насоки за изменување и дополнување на уставот, Влада на Република Северна Македонија, објавено на 18.07.2023 г.

19 Еве кој ќе ги става Бугарите во Уставот: Меѓу т.н. експерти има сè, само не професори по уставно право, објавено за порталот Република.мк на 24.04.2023 г.

20 Ана Чупеска, која поддржува апсење и затворање на новинари, не е компетентна да пишува уставни амандмани, објавено на порталот Рапублика.мк на 25.04.2023 г.

21 Говор на омраза, лаги и закани кон Џабир Дерала, претседателот на ЦИВИЛ, објавено на Цивил медиа на 14.07.2023 г.

22 Екстремен говор на омразата од навивачите на бугарскиот клуб Левски, згрозеност и осуда од ЦИВИЛ, објавено на порталот Фронтлајн.мк на 27.07.2023 г.

23 Дали и хулиганството ќе биде премачкано со политички бои?, објавено на Дојче Веле на 28.07.2023 г.

24 ИМА: Навивачкиот говор на омраза кој поттикнува насилство треба јавно да се осуди, а сторителите да се казнат, објавено на порталот на ИМА на 28.07.2023 г.

25 Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Северна Македонија во евроинтегративниот процес за 2022, објавен на веб страницата на Секретаријатот за европски прашања

26 **Уставните измени се само една од можните сопки кон влезот во ЕУ**, објавено на порталот на Радио Слободна Европа, на 15.05.2023 г.

27 Извештај на Европската комисија против расизмот и нетолеранцијата за Северна Македонија, Совет на Европа, септември 2023, достапен на: ECRI Report on North Macedonia, Council of Europe, September 2023

3. МЕДИУМИТЕ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК: УСТАВНИТЕ ПРОМЕНИ, НЕОПХОДНИ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ

Како известуваа медиумите на албански јазик за почетокот на дебатата во Собранието на Северна Македонија за уставните измени? Како се поставија албанските медиуми кон позициите на ВМРО ДПМНЕ? Колку медиумски простор доби албанската опозиција? Како се известуваше за радикалниот однос на независниот пратеник Скендер Реџепи Зејд? Дали некои политичари користеа религиозен речник кога искажуваа политички позиции? Каков беше наративот на албанските медиуми за отстранување на формулацијата „20 проценти“?

Пишува: СЕФЕР ТАХИРИ

Уставните измени како сигурна врата за продолжување на процесот на интеграциите на Северна Македонија во Европската Унија продолжуваат да бидат во фокусот на медиумите на албански јазик. И во летните месеци, оваа тема е онаа која најмногу се покриваше во информативниот и аналитичкиот простор во медиумите на албански јазик. Професионалниот пристап кон аналитичкото известување и толкување беше секогаш афирмативен, односно, уставните измени се гледаат како неопходна потреба што го отвора патот кон обединетата европска организација. Сепак, оваа медиумска тенденција беше секогаш поврзана со актуелизирање и политичка аргументација на албанските партии и јавното мислење дека уставните измени треба да опфатат и промена на статистичката дефиниција на албанскиот јазик како „јазик што го зборуваат повеќе од 20 проценти од населението“ и нејзина замена со терминот „албански јазик“.

Како што истакнавме во уште јули 2022 година, кога ја објавивме анализата со наслов „Како известуваа медиумите на албански јазик за „францускиот предлог“?[1], медиумите на албански јазик се разликуваат од македонските по пристапот кон уставните измени. Повторно потсетуваме на дел од таа анализа, за да докажеме дека во споредба со актуелниот политички и медиумски дискурс, нема големи разлики во пристапите на медиумите на различни јазици.

„Медиумите на албански јазик имаа главно афирмативно известување за „францускиот предлог“ за преговарачка рамка на ЕУ за почеток на преговорите за членство на Северна Македонија во Европската унија. Сепак, имаше случаи на сензационалистичко известување, како и дезинформации. Медиумите на албански јазик и дадоа големо значење на изјавата на премиерот Димитар Ковачевски, но и на изјавите на министерот за надворешни работи Бујар Османи, претседателот на државата, Стево Пендаровски, официјални претставници, но и регионални политичари и дипломати, кои со позитивна интонација се изразија на предлогот“.

Силна најава на седницата за уставни измени

Голем дел од медиумите на албански јазик, на 17 август 2023 година, најавија одржување на седницата на Собранието на која на дневен ред беа уставните измени, со кои Бугарите стануваат дел од Преамбулата на највисокиот правно акт на државата.

Голем дел од медиумите известуваа најавувајќи ја седницата, но со и објавување на писмото на министерот за надворешни работи на Северна Македонија, Бујар Османи упатено до пратениците, со кое ден пред седницата ги повика „Во петок одлучувате за иднината":

- Уставни измени во РСМ, министерот за надворешни работи до пратениците: Во петок одлучувате за иднината (17 август 2023, Газета експрес)[2].
- Писмо од министерот за надворешни работи до пратениците за уставните измени: Во петок одлучувате за иднината (17 август 2023, ТВ Шења)[3].
- Писмо на Бујар Османи до пратениците: Уставните измени не се прават по бугарски диктат (17 август 2023, портал Телеграфи)[4].
- Османи со отворено писмо до пратениците: Од вас зависи европската иднина на државата (17 август 2023, ТВ 21 Македонија)[5].
- Османи испраќа писмо до пратениците пред почетокот на дебатата за уставните измени (17 август 2023, портал Алмакос)[6].

Балансиран простор за власта (СДСМ) и опозиција (ВМРО-ДПМНЕ)

Дел од медиумите се фокусираа на позициите на Владата, односно на премиерот Димитар Ковачевски, како и на најголемата македонска опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ. Власта остана на ставот дека уставните измени мора да бидат усвоени, а македонската опозиција на ставот дека нема да ги поддржи под никакви услови. Позициите на власта и опозицијата беа главно претставени на објективен, коректен, но и избалансиран начин:

- Утре е денот „Д" за уставни измени – Власта бара консензус, опозицијата не се откажува (17 август 2023, портал ИНА)[7]
- Пленарна седница за уставни измени, СДСМ: Ќе се докаже кој ја поддржува интеграцијата (17 август 2023, портал Фљака)[8]
- Пораки за седницата за уставни измени, Ковачевски: За европска Македонија потребни се 80 гласа (17 август 2023, ТВ 21 Македонија)[9]
- ВМРО-ДПМНЕ: Нема да има уставни измени, Ковачевски ги нема пратениците (17 август 2023, портал Тетовасот)[10]
- Два дена пред седницата за уставните измени, ВМРО-ДПМНЕ не попушта: „Против сме, нема мнозинство" (17 август 2023, ТВ 21 Македонија)[11]
- ВМРО-ДПМНЕ: Останuваме против уставните измени (17 август 2023, портал Лајмпрес)[12]
- Уставните промени: последна шанса на ВМРО да размисли за европскиот напредок на земјата (17 август, портал Пресонлајн)[13]

Некои медиуми со критички тонови кон ВМРО-ДПМНЕ

Некои портали на албански јазик имаа критички пристап кон ВМРО-ДПМНЕ, која според нив го блокира процесот на интеграција во Европската унија. Насловот на порталот Тетовасот „Патот на Северна Македонија кон ЕУ го блокираат само ВМРО и нејзините „сателити“!“ [14].Се чини дека имал само цел да се зголемат кликовите, бидејќи во веста се пренесуваат изјавите на премиерот Ковачевски, но не се објаснува кои се сателитите на партијата на Мицкоски кои ја блокираат интеграцијата.

И порталот Газетаекспрес објави „моќен“ наслов во врска со позициите на ВМРО-ДПМНЕ „Единствената идеологија што ја имаат ВМРО и Мицкоски е блокирањето на европската иднина“[15], но насловот не објаснува дали е став на уредувачката политика на редакцијата на порталот, бидејќи не му се атрибуира на премиерот Ковачевски. Во самиот напис премиерот се парафразира дека единствена идеологија на ВМРО-ДПМНЕ е блокадата и изолацијата. „ВМРО-ДПМНЕ докажа дека немаат аргументи и дека немаат идеи за дебата. Докажуваат дека се подготвени да ја блокираат европската иднина на граѓаните само за лични цели“, изјави Ковачевски.

Порталот ИНА го објави коментарот на владиниот функционер, Марјан Заберчанец со наслов „Тајниот план на Мицкоски“[16], во кој тој наведува дека овој план „не може истовремено да биде антиевропски и македонски“.

„Какви тајни планови крои и крие Мицкоски? Дали некој во оваа држава има дилема дека секој таен план на ДПМНЕ е опасен план за Македонија? Дали тајниот план на Мицкоски е прекин на преговорите со ЕУ и нова изолација на државата? Дали тајниот план на Мицкоски е додавање масло во радевиот и куртиевиот жар и јавање на антибугарскиот и антиалбанскиот сентимент кај Македонците? , пишува Забрчанец во објавениот коментар.

Албанската опозиција добива голем медиумски простор

Во меѓувреме, голем дел од медиумите им дадоа значителен простор на позициите на албанскиот опозициски фронт, составен од Демократското движење на Изет Меџити, Алтернатива на Африм Гаши и Движењето БЕСА на Билал Касами, кои побараа прогласување на предвремени парламентарни избори ако не се одобрат уставните амандмани:

- Опозициските блок со заеднички повик: Веднаш да се стават на гласање уставните измени! (17 август 2023, ТВ 21 Македонија)[17]
- Зошто не се прифаќаат амандманите на ДД кои нудат европско балканско решение (17 август 2023, портал Актуале)[18]
- Меџити, Касами и Гаши: Да гласаме за уставните измени и да се отстрани 20% (17 август 2023, ТВ Шења)[19]
- Албанскиот опозициски фронт инсистира: Без отстранување на 20%, нема уставни измени (17 август, Порталб) [20]
- Порталот Журнал ја објави анализата со наслов „Анализа: Северна Македонија, невеста во бел фустан гори од љубов кон ЕУ, но и недостигаат 7-8 гласа за да се вери“[21].

„Сите во Северна Македонија ја сакаме ЕУ, но оваа љубов сè уште не се 'разгорува; поради недостигот од 5-6 или 7-8 гласови на пратениците, за да се круниса и да почнеме процедура за размена на веренички прстени. Неформалниот рок останува ноември, но опозицијата бара да не се чека дотогаш, туку порано да се разјаснат работите, тестирајќи го расположението за воведување на Бугарите во Преамбулата, но и воведување на албански јазик наместо 20-те проценти", пишува Журнал.

Уставни измени- раскрсница меѓу Западот и Истокот!

Уставните измени како клуч за отворање на вратите на Европската унија, на националната телевизија на албански јазик, Алсат М, беа интерпретирани како пресвртница која ја одредува траекторијата на иднината на земјата на раскрсницата меѓу западноевропскиот блок и прорускиот источен блок.

Насловот на новинарскиот извештај е „Пратениците: Македонија денеска одлучува кон запад или кон исток!"[22], но во прилогот немаше опсервација поврзана со насловот. Во извештајот се вели: „Опуштената атмосфера беше видлива пред почетокот на седницата во Собранието. Пратениците имаа најголем проблем каде да ги паркираат автомобилите. Некои се грижеа да дојдат на ред за да имаат можност да зборуваат пред медиумите. Имаше различни мислења од сите политички партии во однос на очекувањата за уставните измени". Од друга страна, ТВ Алсат коректно и избалансирано ги презентираше позициите на сите партии.

Зејд со „бомбастична" изјава: Албанските општини самите во ЕУ

Во текот на политичката расправа за уставните измени, независниот пратеник Скендер Реџепи Зејд, кој ја формираше новата политичка партија Движењето Народ (Lëvizja Populli), излезе со голема идеја со моќен етно-политички наратив, иако мошне нереална, дека „албанските општини може да го бараат патот кон Европската унија одвоено од македонските општини".

„Реџепи во Собрание: Може да се случи албанските општини да го бараат патот кон ЕУ одвоено од македонските", беа насловите на порталите: Журнал[23], Тетовасот[24], Алмакос[25] и Телеграфи[26].

Телевизија 21 ја пренесе изјавата на пратеникот Скендер Реџепи под наслов „Зејд алармира на опасност од национализам: Албанските општини во Македонија може да бараат пат кон ЕУ, одвоено од македонските"[27].

„Независниот пратеник Скендер Реџепи-Зејд во својот говор за време на расправата за изгласување на потребата од уставни измени, зборуваше за ризикот од ширење на национализам во државата, во случај да не се изгласаат уставните амандмани. Реџепи вели дека во албанскиот политички табор може да се создаде националистичка партија, што би предизвикало дополнителни проблеми во судирот со македонските националистички партии. „Можно е во блиска иднина да се појават и други барања каде Албанците или албанските општини, водени од таков национализам, ќе бараат пат кон ЕУ, одвоено од македонските општини", изјави Зејд, пренесе ТВ 21.

Треба да се нагласи дека сите медиуми на некритички начин ја пренесоа изјавата на пратеникот Реџепи, имено овој пратеник не беше прашан како ја замислува интеграцијата на албанските општини во ЕУ и дали овој проект ја дезинтегрира државата?

Дека уставните измени во албанската политичка хемисфера се гледаат како штит за спречување на антизападни сценарија, зборува и изјавата на лидерот на новата албанска партија, Партијата за европска иднина (ПАЕ), Аријанит Хоџа[28].

„Доколку не се изгласаат уставните измени, Северна Македонија станува лесна мета за антизападни сценарија! Не треба да се изгубат шансите што ги даваат меѓународните партнери, затоа ги повикуваме сите политички фактори да излезат од рамката на партиските анкети и да размислуваат за иднината на граѓаните, новите генерации и државата“, рече Хоџа.

Религиозниот речник на политичарите во дебатата за уставните измени

Дека прашањето за уставните измени е многу важно, па дури и клучно за албанскиот политички табор, докажуваат и изјавите кои ја надминуваат политичката сфера. Дури и координаторот на пратеничката група на Демократската унија за интеграција, Арбр Адеми, сакајќи да ја оправда неопходноста од измени на Уставот, на денот на почетокот на расправата, копирајќи ги зборовите на лидерот на оваа партија, Али Ахмети, што зборува за негување на култ на водачот, со религиозен речник рече дека „денес одиме пред мостот Сират“[29] (Во исламската вера се проповеда дека мостот Сират е потенок од влакно и поостар од меч и на Судниот ден (Кијаметот), оние што ќе го преминат ќе влезат во рајот).

И професорот по уставно право на Универзитетот во Тетово, Мерсим Максути, сакајќи да објасни дека и покрај ригидноста, поточно уставната ригидност што треба да ја имаат демократските земји, во изјавата за ТВМ 2, програмата на албански јазик, вели дека „Од друга страна, тоа не значи дека уставот е свет документ кој никогаш не се менува. Не. Дури и овие измени што ги имаме денес во уставот се резултат на потребата, на деблокирање во нашиот случај на процесот на интеграција на патот кон ЕУ“.

Додека ТВМ 2 го емитуваше прилогот со наслов „Честа измена на Уставот, Максути: Дозволено е, но актот мора да ја задржи својата ригидност“[30], поголем дел од порталите, како Тетова Сот[31], Газета[32], Алмакос[33], Фљака[34], ја реобјавија изјавата со наслов: „Максути: Уставот не е свет документ!“

Медиуми, политичари и аналитичарите на албански јазик: Да се вклучи албанскиот јазик, да се отстрани „20 проценти“

И во анализата објавена во јуни 2023 година со наслов „Етноцентрично и партизирано медиумско известување за уставните измени“[35], нагласивме дека „медиумите на албански јазик ставија акцент на фактот дека со уставните измени нема да се подобри статусот на Албанците, односно тие нема да бидат редефинирани од „припадници на заедницата, кои над 20%“ во Албанци, а ниту на албанскиот нема да му се отстрани именувањето како „јазикот што го зборуваат повеќе од 20% од населението““.

Покрај неопходноста од усвојување на уставните измени, албанската политика и во текот на летото не престана да бара албанскиот јазик да се внесе во Уставот, заменувајќи ја формулацијата „20 проценти".

Изјавата на пратеникот на Алијансата за Албанците, Халил Снопче дека „Ова е барање што доаѓа од албанскиот народ, албанскиот јазик е меѓу најстарите јазици во Европа"[36] одекна силно во медиумите на албански јазик. Снопче е цитиран од медиумите дека рекол: „Албанскиот јазик е еден од најстарите јазици во Европа, стар 6.000 години и би било чест, вели Снопче, секоја европска земја да го има албанскиот јазик како службен јазик. Самите Македонци мора да се заложат за официјализирање на албанскиот јазик и замена на сегментот 20% со албански јазик".

Порталот Нистори ги објави изјавите на Снопче под наслов „Снопче: Македонците да го сфатат како чест албанскиот јазик да е официјален"[37]. Но, Снопче во соопштението не бара албанскиот да биде официјален, туку да се отстранат 20-те проценти, притоа нагласувајќи дека „за секоја европска земја би била чест да го има албанскиот како официјален јазик", односно слично на Северна Македонија.

Во меѓувреме, порталот „Ина-онлајн" го објави коментарот на колумнистот Мухамер Пајазити со наслов „Каде одите во Европа без албанскиот јазик?"[38], дел од кој пренесуваме.

„Што прават Македонците, каде е разликата, дали е тешко да се најдат причините зошто на Европската унија и се потребни 24 официјални јазици, а Македонија не е во состојба да го официјализира јазикот на етничкиот народ кој сочинува околу 30 отсто од населението. Причините не е тешко да се најдат, тоа се: демократијата, транспарентноста и правото да се знае, што македонскиот менталитет не сака да ги прифати.

Како е можно Европската Унија да ја објави одобрената легислатива и да ја стави достапна на 24 официјални јазици, а на Албанците во Македонија сè уште да им се ускратува ова право?! Зошто и Македонија не го почитува основниот принцип на ЕУ на сите свои граѓани и на избраните претставници да им понуди можност да комуницираат со институциите на нивниот народен јазик?".

Коментарот, како што може да се види, е упатен до Македонците, кои според коментаторот немаат причина да не го признаат албанскиот во Уставот.

Познатиот новинар и публицист, Махи Несими, во својата анализа со наслов „Бугарите одат напред – Албанците во длабок сон"[39], пишува дека правно-уставната положба во која историски живеат Албанците е неповолна: „Бидејќи работите околу уставните измени видливо напредувале, додека ниту еден албански претставник (министер, пратеник, политичка партија итн.) не отворил уста да бара промените во Преамбулата да ги опфатат и Албанците, обезбедувајќи им го статусот на државотворен народ, оваа 78-години стара желба на Албанците остана (за жал) да биде претставувана од поединци надвор од политичките структури избрани и именувани од Албанците кои се залагаат за доброто на Албанците", коментира Несими.

Порталот Журнал го објави ставот на аналитичарот Сулејман Мехази, кој апелира до лидерите на СДСМ, ВМРО ДПМНЕ и партијата Левица, но и ДУИ и АА - „Внимавајте со 20%! РСМ- историски е повеќе албанска отколку македонска"[40].

Мехази, откако наброја некои големи личности од албанската историја со потекло од Северна Македонија, како што се: првиот министер за одбрана на албанската држава Мехмет Дерала; Војсава, мајката на Скендербег; Мустафа Шех Тетова, секретар на Албанската лига на Призрен; познатиот албанско-американски лекар, Ферид Мурад, кој ја доби Нобеловата награда како и света Мајка Тереза, исто така споменува дека „...Скопје бил вилает на Албанците, а не на Македонците", како и дека „... Конгресот на албанската азбука се одржа во градот Битола во вашата Северна Македонија".

Мехази на крајот заклучува: „Чувајте се од 20% за Албанци!, вие сограѓани Македонци, Мицкоски, Апасиев, Ковачевски, што се перчите кон Албанците, дека вашата држава РСМ е создадена од стент од болното срце на Илирида".

Топонимот Илирида, според историчарот Неби Дервиши «е името на реката која во античко време ги допирала бреговите на трите илирски кралства: на Дарданците, Пајонците и Енкелеите. Реката Илирида според некои албански историчари од поново време. : како што се проф. Али Вишко, проф. Масар Кодра, проф. Јусуф Буџови и други, е денешната река Треска". Овој топоним во јануари 1992 година беше искористен за да се прогласи политичката и територијалната автономија на Албанците во Северна Македонија[41], проект кој не беше прифатен од институциите на независната држава, излезена од поранешната југословенска федерација.

Стари вести (и дезинформации) се објавуваат како нови

Кога има жестоки политички дебати, порталите често преобјавуваат стари вести, со цел преку сензационализам да ги зголемат нивните читатели. Ова се случи со изјавата на бугарската новинарка и аналитичарка на меѓународната политика, Зорница Илиева, која, како што пренесуваат порталите Ina-online.net[42], Telegrami.mk[43], Infoshqip.com[44] со речиси идентични текстови на 9 септември 2023 година (некои од нив реферираат на текст објавен на порталот на македонски јазик Expres.mk), оценила дека „Македонија ќе се федерализира без разлика дали ќе влезе во ЕУ".

„По Охридскиот договор, Албанците не само што добија права, туку пред нив остана само уште едно прашање – федерализацијата на РСМ. Тоа е големата грижа на Македонците. Тие се надеваат дека со нивниот влез во ЕУ тоа нема да се случи. Не, тоа ќе се случи, бидејќи најголем интегративен потенцијал на Балканот има кај албанскиот етнос, без разлика дали е во Албанија, Косово или во Македонија. Сите одлуки во Македонија се носат не само со учеството на албанските партии, туку и врз основа на тоа што ќе кажат тие. Без нив не може да има влада, без нив не може да се донесе никаква одлука. Тие се во локалната власта. Во тетовска, западна Македонија православни повеќе не живеат и Тирана врши директно влијание врз РСМ. Тоа е факт", изјави Илиева за бугарската телевизија „Поглед".

Но оваа изјава е пренесена од порталот Експрес пред една година и два месеци, на 9 јули 2022 година! Ова значи дека постои реална можност да се повторуваат вестите на исти датуми, но во различни месеци и години, што е необјективен, некоректен пристап и може да се смета како манипулација со јавноста.

Во врска со оваа изјава на аналитичарката Илиева, и во анализата за известувањето на албанските медиуми за францускиот предлог објавена од ИМА минатата година (септември 2022 година)[45], подвлековме дека покрај апострофираниот Ина онлајн, порталите Журнал , Медиал , Лајме.мк ја пренесоа изјавата на Илиева, првично објавена на порталот на македонски јазик Expres.mk , „но без аналитичко толкување на нејзините позиции. На пример, не беше побиено нејзиното тврдење дека во регионот на Тетово и Западна Македонија повеќе нема православни луѓе, Последниот попис на населението, но и самата општествена реалност докажува дека не само во Тетово, туку и низ западниот дел на државата живеат православни Македонци“.

Медиумите ги пренесуваат омекнувачките тонови на Имер Селмани

Поранешниот политичар и поранешен кандидат за претседател на државата, Имер Селмани, во интервјуто за Радио Слободна Европа[46] на 20 август 2023 година, кое на големо го објавија медиумите на албански јазик, изјави дека „соништата за големи држави не постојат кај свесните граѓани. За граѓаните без разлика на етничката припадност е поважно да живеат во земја каде што има големи плати, подобар животен стандард и правда“.

Селмани, како и Максути, изјави дека Уставот не може да биде непроменет: „Ниту уставот на било која држава не е вечен, ниту законите се вечни, така што секогаш ќе има интенција за подобар напредок, за повеќе права. И Македонците имаат право да бараат повеќе права и Албанците имаат право секогаш да бараат повеќе права. Меѓутоа, кога живееме во една заедница тоа е исто како да живееш дома со деца и со сопруга и секогаш на крајот ќе бараш некој компромис“.

Посетата на Курти, општествените незадоволства – дали се оттргнување на вниманието од уставните измени?

Порталот Фљака го објави текстот со наслов „Кој сака прашањето за уставните измени да го премести на други теми?“[47]. Во написот се нагласува дека некои незадоволства од различни општествени категории и посетата на косовскиот премиер Курти на Чаир и Тетово го оттргнуваат вниманието од уставните измени. „Невообичаено тензичниот летен период во пресрет на седницата за уставни амандмани, тензиите околу посетата на премиерот Курти, протестите на пензионерите, но и предупредувањата за нови протести од септември, очигледно не се поврзани со уставните измени, туку експертите (Владимир Божиновски и Ненад Марковиќ) велат дека ќе имаат влијание“, пишува Флака.

Со оглед на мноштвото реакции во македонскиот политички и медиумски табор за посетата на Курти, албанските медиуми се фокусираа на нивниот третман[48]. Албанските медиуми објавија дека „доаѓањето на Албин Курти ја тресе Македонија“, но генерално, во однос на реакциите имаше главно коректно и избалансирано известување, бидејќи не беа забележани коментирачки извештаи, што е често практика на медиумите во земјава кога се занимаваат со прашање со етнички сензибилитет.

Во меѓувреме, неодамнешниот случај со откривањето на продажбата на лекови на Клиниката за онкологија[49] не беше директно поврзуван со уставните измени, поточно со дефокусирањето на јавното мислење од измените во Кривичниот законик. Како што може да се потврди преку информативниот портал Fax.al, во фокусот на албанските медиуми се протестите на кои се бараше кривична и политичка одговорност, политичките реакции, изјавите на министерот за здравство Фатмир Меџити и формирањето на Анкетна комисија за случајот на Клиниката за онкологија.

Од друга страна, за измените на Кривичниот законик[50] во албанските медиуми се известуваше објективно, но честопати акцентот беше ставен на покренатата дилема „Дали се спасуваат криминалните функционери? Бидејќи Кривичниот законик тивко се менува. опозицијата нема амандмани". Медиумите ги пренесоа и реакциите на македонската опозиција дека „Власта го амнестира криминалот, наместо да го штити", реакциите на албанската опозиција дека „Со измените во Кривичниот законик, власта сака да го врати Груевски" за да се обезбедат неопходните гласови на пратениците за уставните измени, а се извести и за непотпишување на предлогот за измени Кривичниот законик од страна на министерот за правда, Кренар Лога и нивно оправдување од вицепремиерот Артан Груби.

Медиумите на албански јазик ги пренесуваат пораките на Габриел Ескобар и ЕУ

Посебно значење во медиумите е посветено на посетата на заменик-помошникот државен секретар на САД за Западен Балкан, Габриел Ескобар. Неколку месеци пред посетата, во мај 2023 година, медиумите ги објавија неговите пораки со наслов „Ескобар: Не бараме опозицијата да го поддржи премиерот, туку евроатлантскиот пат на Северна Македонија"[51], што беше интервју на американскиот претставник за Гласот на Америка. Албанските медиуми ја пренесоа оваа посета главно со наслов: „Ескобар: Силно го поддржуваме процесот за уставни измени во РСМ, посветени сме на тоа да нема нови барања од Бугарија".

Пораките на „Вајмарското трио": Ана Лирман – министерка за Европа на Германија, Лоренс Бун – државен секретар за Европа во француската влада и Шимон Сенк – министер за европски прашања на Полска, албанските медиуми главно ги пренесоа со наслов „Гласајте за уставните измени за блокирање на Русија!"[52], но и подвлекувајќи го фактот дека овие измени не се поддржани од ВМРО-ДПМНЕ.

Заклучоци

Медиумите на албански јазик во последните неколку месеци имаа јасен и постојан фокус на предложените уставни измени, со кои и Бугарите стануваат дел од највисокиот правен акт во државата.

Според анализата на наративот на албанските медиуми, тие имаа афирмативен пристап кон измените, давајќи значителен простор на позициите на власта, избалансирани со оние на опозицијата, додека кон ВМРО-ДПМНЕ, иако во необемен простор, имаа и критички тон.

Во многу медиуми голем простор е даден на позициите на албанската опозиција, која бараше да се стават на дневен ред уставните измени и доколку нема гласови за усвојување да се прогласат предвремени парламентарни избори.

Ставот дека „албанските општини сами можат да се интегрираат во ЕУ“, искажан од пратеникот Скендер Реџепи Зејд, предизвика голем интерес кај медиумите, но за овој став немаше критички осврт, односно медиумите не анализираа ниту го прашаа пратеникот дали ова води кон федерализација, кантонизација или до поделба на државата.

Некои медиуми, сакајќи да бидат подопадливи за јавноста, не го штедеа ниту верскиот речник, донесувајќи пред јавноста формулации како „Денес се доаѓа пред мостот Сират“ или „Уставот не е свет“.

Некои, пак, „рециклираа“ стар вести и дезинформации, за да бидат посензационални и уште покликани, дејство што не треба да го прават медиумите, бидејќи публиката не заслужува манипулација, која може да се опише и како потценување на нејзината интелигенција.

Иако еден портал ја покрена дилемата дали можеби посетата на Курти и општествените незадоволства се со цел да се дефокусира јавното мислење од уставните измени, тоа не беше случај со скандалот на Клиниката за онкологија, бидејќи во медиумите на албански јазик немаше толкувања кои правеа релации меѓу овие два процеси.

Но, ова не беше начинот на кои се коментираа измените во Кривичниот законик, бидејќи тие се сметаат за амнестија за политичарите воопшто и за поранешниот премиер Никола Груевски, кој, според некои медиуми, би се вратил од Будимпешта, Унгарија и како „награда“ ќе обезбеди 10 пратеници на ВМРО-ДПМНЕ, со чии гласови ќе се достигне бројката од 80 пратеници за уставните измени.

Албанските медиуми ги пренесуваат пораките на високиот американски функционер Габриел Ескобар и на „европското дипломатско трио“ дека уставните измени се неопходни и дека, меѓу другото, преку нив Северна Македонија ќе се спротивстави на руската политика и пропаганда.

Во албанските медиуми голем простор е посветен на дебатата дека во уставните измени треба да се вклучи и албанскиот јазик со неговото вистинско име, додека во овој контекст доминираше позицијата на пратеникот Халил Снопче, но и на многу коментатори кои тврдеа дека албанскиот јазик треба да се спомене во Уставот, а има ставови дека во измените треба да се вклучи и промената на правно-уставниот статус на Албанците, кој би се изедначил со оној на македонскиот народ.

(Авторот е универзитетски професор од областа на новинарството и јавните комуникации)

Референци

1 Сефер Тахири, објавено на албански јазик од ИМА во јули 2022, и на македонски јазик во септември 2022 година, https://ima.mk/2022/09/17/mediumite-na-albanski-za-francuskiot-predlog/

2 17.08.2023, Gazetaexpress.com https://www.gazetaexpress.com/ndryshimet-kushtetuese-ne-rmv-ministri-i-jashtem-leter-deputeteve-te-premten-ju-vendosni-per-te-ardhmen/

3 TV Shenja, 17.08.2023, https://shenja.tv/video-ministri-i-jashtem-leter-deputeteve-per-ndryshimet-kushtetuese-te-premten-ju-vendosni-per-te-ardhmen/

4 17.08.2023, Telegrafi, https://telegrafi.com/progres-kushtetutes-letra-e-osmanit-drejtuar-deputeteve-per-unitetin-maqedonas-dhe-bullgar/

5 17.08.2023, TV21, https://tv21.tv/osmani-me-leter-te-hapur-per-deputetet-nga-ju-varet-ardhmeria-evropiane-e-shtetit/

6 17.08.2023, Almakos, https://almakos.com/osmani-u-dergon-leter-deputeteve-ne-para-fillimit-te-diskutimit-per-ndryshimet-kushtetuese/

7 17.08.2023, INA, https://ina-online.net/neser-dita-d-per-dryshimet-kushtetuese-qeveria-kerkon-konsensus-opozita-nuk-dorezohet/

8 17.08.2023, Flaka, https://flaka.com.mk/seanca-plenare-per-ndryshimet-kushtetuese-lsdm-do-te-deshmoje-kush-perkrahe-integrimin/

9 17.08.2023, TV21, https://tv21.tv/mesazhe-per-seancen-e-ndryshimeve-kushtetuese-kovacevski-per-maqedonine-europiane-duhen-80-vota/

10 17.08.2023, Tetovasot, https://www.tetovasot.com/2023/08/vmro-dpmne-nuk-do-te-kete-ndryshime-kushtetuese-kovacevski-si-ka-deputetet/

11 17.08.2023, TV21, https://tv21.tv/dy-dite-para-seances-per-ndryshimet-kushtetuese-vmro-dpmne-nuk-leshon-pe-jemi-kunder-nuk-ka-shumice/

12 17.08.2023, Lajmpress, https://lajmpress.org/vmro-dpmne-mbetemi-kunder-ndryshimeve-kushtetuese/

13 17.08.2023, Pressonline.al, https://pressonline.al/2023/08/17/ndryshimet-kushtetuese-shansi-i-fundit-i-vmro-se-per-te-reflektuar-mbi-progresin-evropian-te-vendit/

14 21.08.2023,Tetovasot, https://www.tetovasot.com/2023/08/rrugen-e-maqedonise-se-veriut-drejt-be-se-e-bllokon-vetem-vmro-ja-dhe-satelitet-e-saj/

15 19.08.2023, Gazetaexpress.com, https://www.gazetaexpress.com/e-vetmja-idoeologji-qe-ka-vmro-ja-dhe-mickoski-eshte-bllokimi-i-ardhmerise-europiane/

16 21.08.2023, INA, https://ina-online.net/plani-sekret-i-mickoskit/

17 17.08.2023, TV21, https://tv21.tv/blloku-opozitar-me-thirrje-te-perbashket-menjehere-te-vendosen-ne-votim-ndryshimet-kushtetuese/

18 17.08.2023, Aktuale, https://aktuale.mk/pse-nuk-pranohen-amendamentet-e-ld-se-qe-ofrojne-zgjidhje-evropiane-ballkanike/

19 17.08.2023, TV Shenja, https://shenja.tv/video-mexhiti-kasami-dhe-gashi-ti-votojme-ndryshimet-kushtetuese-dhe-te-hiqet-20-perqindshi/

20 17.08.2023, Portalb, https://portalb.mk/kushtezon-fronti-opozitar-shqiptar-pa-heqjen-e-20-nuk-ka-ndryshime-kushtetuese/

21 17.08.2023, Zhurnal, https://www.zhurnal.mk/analize-maqedonia-e-veriut-nje-nuse-me-fustan-te-bardhe-qe-po-digjet-nga-dashuria-per-be-ne-por-i-mungojne-7-8-vota-per-tu-fejuar/

22 18.08.2023, TV Alsat, https://alsat.mk/deputetet-maqedonia-sot-vendos-nga-perendimi-apo-lindja/

23 18.08.2023, Zhurnal, https://www.zhurnal.mk/rexhepi-ne-kuvend-mund-te-ndodh-qe-komunat-shqiptare-te-kerkojne-rrugen-drejt-be-se-vecmas-komunave-maqedonase/

24 18.08.2023, Tetovasot, https://www.tetovasot.com/2023/08/rexhepi-ne-kuvend-mund-te-ndodh-qe-komunat-shqiptare-te-kerkojne-rrugen-drejt-be-se-vecmas-komunave-maqedonase/

25 18.08.2023, Almakos, https://almakos.com/rexhepi-ne-kuvend-mund-te-ndodh-qe-komunat-shqiptare-te-kerkojne-rrugen-drejt-be-se-vecmas-komunave-maqedonase/

26 17.08.2023, Telegrafi, https://telegrafi.com/rexhepi-ne-kuvend-mund-te-ndodh-qe-komunat-shqiptare-te-kerkojne-rrugen-drejt-se-vecmas-komunave-maqedonase/

27 18.08.2023, TV21, https://tv21.tv/zejdi-alarmon-per-rrezikun-nga-nacionalizmi-komunat-shqiptare-ne-maqedoni-mund-te-kerkojne-rrugetim-drejt-be-se-ndaras-nga-ata-maqedonase/

28 „Хоџа повикува да се изгласаат уставните измени: Да се обединат политичките партии, да мислат на иднината на младите“ (Hoxha bën thirrje të votohen ndryshimet kushtetuese: Të unifikohen partitë politike, të mendojnë

për të ardhmen e të rinjve), 18.08.2023, TV21, https://tv21.tv/hoxha-ben-thirrje-te-votohen-ndryshimet-kushtetuese-te-unifikohen-partite-politike-te-mendojne-per-te-ardhmen-e-te-rinjve/

29 „ Адеми: Денес излегуваме пред „Мостот на Сират“(видео)“ (Ademi: Sot dalim para “Urës së Siratit” (Video)”, 18.08.2023, Lajmpress.org, https://lajmpress.org/ademi-sot-dalim-para-ures-se-siratit-video/

30 18.08.2023, TVM 2 https://al.mrt.com.mk/node/118033

31 19.08.2023, Tetovasot, https://www.tetovasot.com/2023/08/maksuti-kushtetuta-nuk-eshte-dokument-i-shenjte/

32 20.08.2023, Gazeta, https://gazeta.mk/maksuti-kushtetuta-nuk-eshte-dokument-i-shenjte/

33 19.08.2023, Almakos, https://almakos.com/maksuti-kushtetuta-nuk-eshte-dokument-i-shenjte/

34 19.08.2023, Flaka, https://flaka.com.mk/kushtetuta-nuk-eshte-dokument-i-shenjte/

35 Sefer Tahiri, 30.06.2023, IMA, https://ima.mk/sq/2023/06/30/raportim-mediatik-etnocentrik-dhe-partiak-mbi-ndryshimet-kushtetuese/

36 „Снопче за тргнувањето на 20%: Ова е барање што доаѓа од албанскиот народ, албанскиот јазик е еден од најстарите јазици во Европа“ (Snopçe për heqjen e 20%: Është kërkesë që vjen nga populli shqiptar, gjuha shqipe është ndër gjuhët më të vjetra në Evropë), Telegrafi, https://telegrafi.com/snopce-per-heqjen-e-20-eshte-kerkese-qe-vjen-nga-populli-shqiptar-gjuha-shqipe-eshte-nder-gjuhet-te-vjetra-ne-evrope/

37 18.08.2023, Nistori, https://nistori.com/lajme/snopce-maqedonasit-duhet-ta-marrin-per-nder-qe-gjuha-shqipe-te-jete-zyrtare/

38 20.08.2023, INA, https://ina-online.net/ku-po-shkoni-ne-evrope-pa-gjuhen-shqipe/

39 14.08.2023, Lajmpress, https://lajmpress.org/bullgaret-ecin-perpara-shqiptaret-ne-gjume-te-thelle/

40 20.08.2023, Zhurnal, https://www.zhurnal.mk/kujdes-me-20-rmv-ja-historikisht-eshte-me-shume-shqiptare-sesa-maqedonase/

41 „Република Илирида“, Википедија на албански јазик (“Republika e Iliridës”, Wikipedia shqip, https://sq.wikipedia.org/wiki/Republika_e_Ilirid%C3%ABs

42 „Македонија ќе се федерализира независно од тоа дали ќе влезе во ЕУ, оценува бугарска аналитичарка“ (Maqedonia do të federalizohet pavarësisht se a do të hyjë në BE, vlerëson analistja bullgare), 09.09.2023, INA, https://ina-online.net/maqedonia-do-te-federalizohet-pavaresisht-se-a-do-te-hyje-ne-be-vlereson-analistja-bullgare/

43 09.09.2023, Telegrami.mk, https://telegrami.mk/maqedonia-do-te-federalizohet-pavaresisht-se-a-do-te-hyje-ne-be-vlereson-analistja-bullgare-2/

44 09.09.2023, Infoshqip, https://www.infoshqip.com/maqedonia-do-te-federalizohet-pavaresisht-se-a-do-te-hyje-ne-be-vlereson-analistja-bullgare/

45 Сефер Тахири, објавено на албански јазик од ИМА во јули 2022, и на македонски јазик во септември 2022 година, https://ima.mk/2022/09/17/mediumite-na-albanski-za-francuskiot-predlog/

46 „Селмани - Меѓуетничкиот концепт значи да правиме компромиси“, 20.08.2023, Радио Слободна Европа на македонски јазик, https://www.slobodnaevropa.mk/a/selmani--megjuetnichkiot-koncept-znachi-da-pravime-kompromisi-/32552488.html

47 15.08.2023, Flaka, https://flaka.com.mk/kush-deshiron-ceshtjen-e-ndryshimeve-kushtetuese-ta-zhvendos-me-tema-te-tjera/

48 Сефер Тахири, „Посетата која крена врева: Албанските медиуми со афирмативен пристап, македонските – критични кон Курти“, 22.08.2023, ИМА, https://ima.mk/2023/08/22/postetata-shto-krena-vreva-albin-kurti/

49 Агрегатор на вести Fax.al, https://fax.al/news/38434590/rasti-onkologjia-proteste-kerkohet-pergjegjesi-penale-dhe-politike

50 Агрегатор на вести Fax.al https://fax.al/news/38452613/maqedoni-e-veriut-kuvendi-miraton-ndryshimet-e-kodit-penal

51 13.05.2023, агрегатор на вести Fax.al https://fax.al/news/37328217/escobar-ne-nuk-kerkojme-nga-opozita-ta-mbeshtese-kryeministrin-por-rrugen-euroatlantike-te-maqedonise-se-veriut

52 18.07.2023, агрегатор на вести fax.al, https://fax.al/news/38058585/treshja-e-be-se-ne-kuvend-ndryshimet-kushtetuese-partite-politike-me-qendrime-te-ndryshme

4. УСТАВНИТЕ ИЗМЕНИ ВО МЕДИУМИТЕ И НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ: СИЛНА ПОЛАРИЗАЦИЈА И ОМРАЗА, СЛАБА ОНЛАЈН МОДЕРАЦИЈА, МАЛКУ ИСТРАЖУВАЊА И ПРЕТСТАВКИ ДО САМОРЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА

Пишува: ПЕТРИТ САРАЧИНИ

Дебатата за уставните измени, кои се услов за продолжување на преговорите за членство на Северна Македонија во Европската унија, веќе подолго време е меѓу темите на кои и медиумите и јавноста посветуваат големо внимание, и очигледно предизвикува голема поларизација во општеството.

Општ впечаток е дека, како и за други општествени прашања, дел од медиумите известуваат за темите поврзани со уставните измени професионално и балансирано, обидувајќи се да ѝ овозможат на јавноста информации и согледувања на различни страни и различни аспекти. Но, кај дел од медиумите, особено во онлајн сферата, се забележува пристрасно и непрофесионално известување, а неретко има и дезинформации и потпалувачки јазик па и говор на омраза, особено во објавите на социјалните мрежи и коментарите на публиката.

Сепак, за да не се базираме на општи заклучоци и перцепции за оценување на известувањето на медиумите за уставните измени, како и за поларизацијата, дезинформациите и говорот на омраза, кои се чини дека се најприсутни на социјалните мрежи, се обидовме да навлеземе подлабоко во анализирање на овие прашања. Токму затоа, Институтот за медиуми и аналитика ИМА контактираше со неколку професионални медиумски здруженија и организации, меѓу кои и организации кои имаат подолгорочно искуство и експертиза во мониторирање на медиумските содржини и изработка на професионални истражувања на медиумски содржини. Од нив, ИМА побара да одговорат на две прашања поврзани со оваа тема:

1. *Како го оценувате известувањето на медиумите за предложените уставни измени кои се услов во преговарачката рамка на ЕУ за Северна Македонија?*
2. *На содржините поврзани со предложените уставни измени на страниците на македонските медиуми на социјалните мрежи, се забележуваат бројни коментари на читателите со жестока реторика, навреди но и говор на омраза. Колку медиумите ги следат етичките насоки за модерирање на коментарите и оневозможување на користењето на нивните платформи за ширење омраза и повици за насилство, и кои се вашите препораки до нив за ова прашање, кое придонесува за продлабочување на поларизацијата во јавната комуникација?*

ЗНМ: Нема претставки за оваа тема, да се избегнува сензационализмот, говорот на омраза да се адресира координирано од институциите

Најпрвин, побаравме одговори од Здружението на новинарите на Македонија, кое постои речиси 80 години и е полноправна членка на Европската федерација на новинарите, и ги претставува новинарите и медиумските работници кои работат во медиумите во нашата земја.

„Кога станува збор за начинот на кој известуваат новинарите, укажуваме дека во рамките на ЗНМ функционира Совет на чест кој е саморегулаторно тело на новинарите во Македонија, чија основна задача е да се грижи и да ги промовира етичките принципи, критериуми и стандарди на професионалното и одговорно новинарство наведени во Кодексот на новинарите на Македонија. Тоа што можеме да го забележиме е дека досега до Советот на честа не е пристигната претставка на оваа тема“, се вели во одговорот на ЗНМ на прашањето како го оценуваат известувањето на медиумите за предложените уставни измени.

Во однос на содржините за уставните измени на страниците на македонските медиуми на социјалните мрежи, и коментарите на читателите со жестока реторика, навреди и говор на омраза, кои придонесуваат за продлабочување на поларизацијата, од ЗНМ велат дека е важно да се запази основната улога на медиумите, а тоа е да ја информираат јавноста за уставните измени, што вклучува објаснување на содржината на амандманите, нивното значење и како тие се поврзани со процесот на преговори со ЕУ.

„Објективноста при известување како и секогаш е важна, причина заради која медиумите треба да презентираат балансиран пристап во поглед на измените, односно потребно е да се вклучат сите страни во информирањето, вклучувајќи ги и тие за, но и тие кои што се против уставните измени. Ова е со цел гледачите да можат да формираат свој став во врска со темата“, укажуваат од ЗНМ.

Од најстарото новинарско здружение во земјава посочуваат дека е важно да се избегне сензационализмот, да се избегнуваат провокативни наслови кои може да го поларизираат јавното мислење. Како посебна опасност го истакнуваат говорот на омраза, за чие адресирање е потребен координиран институционален одговор.

„Посебна опасност, како што и сами наведувате е појава на говор на омраза. Во случајот со третирањето на говорот на омраза во контекст на преговорите со ЕУ и исполнувањето на Договорот за пријателство со Бугарија, ставот на ЗНМ е дека говорот на омраза претставува кривично дело без разлика за каков контекст станува збор кога има експлицитни примери за говор на омраза и институциите треба да покажат проактивност без разлика дали е пласиран на традиционални, дигитални или социјални медиуми. Само преку координиран и институционален одговор кон сторителите од страна на Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи ќе може да се води ефикасна и ефективна битка со говорот на омраза. Ние од новинарите и медиумите очекуваме строго да го почитуваат Кодексот на новинари односно во секоја новонастаната општествено – политичка состојба во земјава да информираат со максимална одговорност и професионалност“, се вели во одговорот на ЗНМ.

Георгиевска, СЕММ: Поларизираноста на медиумите јасно се исцртува во известувањето за уставните измени

Поларизираноста на медиумите во Македонија по политичка линија, особено на онлајн порталите, јасно се исцртува и кога станува збор за известувањето околу уставните измени, вели Билјана Георгиевска, извршна директорка на Советот за етика на медиумите во Македонија (СЕММ) во нејзините одговори на поставените прашања од ИМА за известувањето на медиумите за уставните измени, како и за поларизацијата, дезинформациите и говорот на омраза кои се особено видливи на социјалните мрежи.

„Наспроти медиумите блиски до владејачката левица во македонскиот политички блок, кои постојано ги нагласуваат политичките изјави, препораки и коментари дека «без уставни измени нема продолжување на европскиот пат на Северна Македонија, ќе следи демократско назадување, ќе останат блокирани значајни европски фондови за развој и реформи на земјата, ќе продолжи иселувањето...», медиумите наклонети кон опозициската десница во македонскиот политички блок се фокусираат на обратното - дека «по уставните измени ќе следат нови услови од Бугарија, дека тоа води кон обезличување на македонскиот народ по диктат на Бугарија и целосно национално предавство». Ваквото фокусирање пренесено на социјалните мрежи многу често е основа за ширење дезинформации, навреди и говор на омраза меѓу читателите, што уште повеќе придонесува за «закопување во своите ровови» на политичките групации“, смета Георгиевска од СЕММ.

Таа посочи дека статистиката на Советот за етика за поднесените пријави до Комисијата за жалби, до средината на август 2023 година (83 примени жалби, за 60 од нив е донесена одлука/мислење) покажува дека и натаму најпрекршуван (во 38% одлуки/мислења) е член бр. 1 од Кодексот на новинарите (1. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци...).

„Тоа значи дека кај новинарите, особено во онлајн медиумите, недостасува професионализам и одговорност, со што во голема мера самите придонесуваат за ширење неточни информации, а со тоа и за пад на довербата во медиумите генерално“, оцени Георгиевска.

Понатаму, извршната директорка на СЕММ вели дека една четвртина или 25% од прекршувањата на Кодексот на новинарите, според одлуките на Комисијата за жалби, се однесуваат на член 10 (10. Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација...). Ова особено се однесува на коментарите што следат по објавен новинарски текст на веб-страната на медиумите или на профилот на медиумите на социјалните мрежи.

„Занемарувањето на обврската на редакцијата да ги отстранува коментарите кои се дискриминирачки, кои повикуваат на омраза или насилство најчесто се објаснува од редакциите со недостиг од кадар и средства за редовно «чистење» на навредливите и злонамерни коментари. На овој начин медиумите не само што придонесуваат за ширење на неточни информации и говор на омраза туку воопшто

не се трудат да ја зголемат свесноста за негативните последици од говорот на омраза, да го идентификуваат и разобличуваат таквиот говор и да ги посочат актерите што го продуцираат, како што налага член 10.3 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, на кои се имаат обврзано членките на СЕММ", посочува Билјана Георгиевска од СЕММ.

Трпевска, Институт РЕСИС: Мал број онлајн медиуми ги почитуваат Насоките за етичко известување за модерирање на коментарите на социјалните мрежи

За да можеме да дадеме релевантни одговори на овие две прашања потребно е да се спроведе внимателно дизајнирано истражување. Тоа е комплексен потфат, но само така може да извлекуваме некакви воопштувања. Сè друго се чини се сведува на здраворазумско размислување кое се потпира на тоа што сме го стекнале како впечаток од изворите од кои ние лично се информираме – смета д-р Снежана Трпевска од Институтот РЕСИС.

„За да се одговори на првото прашање потребно е да се направи и квантитативна и квалитативна анализа на содржината на известувањето на медиумите. Но, претходно, за да ја поставите методологијата на анализата треба да дефинирате повеќе важни аспекти на истражувањето, меѓу кои и следново: За кои медиуми сакате да извлекувате заклучоци, дали за онлајн или за традиционалните медиуми кои имаат најголемо влијание врз формирањето на јавното мислење? Ако сакате да добиете сознанија само за онлајн медиумите, тогаш кои медиуми ќе ги земете предвид, бидејќи постојат над 100-тина во земјава? Следно, треба да ја дефинирате концептуалната рамка на известувањето за уставните измени, односно тоа што ќе го анализирате во медиумските текстови или прилози?", укажува Трпевска.

Таа вели дека како истражувачка организација за ова прашање немаат спроведено систематска анализа на содржина, така што не би можела да сподели никакви релевантни сознанија, а не може да сподели ниту лични впечатоци, врз основа на медиумите од кои се информира, бидејќи тоа би било анегдотално знаење, кое се потпира само на еден или два случаи.

„За второто прашање, говорот на омраза и навредливите коментари на читателите постирани под медиумските текстови на социјалните мрежи, повторно е тешко да генерализирате, иако сите знаеме дека такви коментари има. Она што јас го знам од личното искуство како членка на Комисијата за жалби при Советот за етика, е дека само мал број онлајн медиуми ги почитуваат Насоките за етичко известување на онлајн медиумите – да интервенираат кога има експлицитен говор на омраза кон припадници на одредена група. Дури мислам и дека самите медиуми не ги прочитале овие Насоки, иако им беа испратени уште во фазата на јавна расправа, пред три години", смета Трпевска, посочувајќи дека Станува збор за членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија – кој во Насоките е разработен во неколку точки, од кои точката 10.4 се однесува токму на коментарите на читателите:

Член 10 – Кодекс на новинарите на Македонија

Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка припадност…).

Точка 10.4. – Насоки за етичко известување на онлајн медиумите

Онлајн медиумите се одговорни за редовно прегледување и брзо отстранување на коментарите на корисниците што се објавуваат под новинарските содржини на веб-страниците или на социјалните мрежи, а коишто содржат говор на омраза и имаат потенцијал да предизвикаат штетни последици во општеството.

Трпевска исто така посочи дека одговорноста на онлајн медиумите за содржините кои се постирани од корисниците е прашање што е посебно обработено во членот 20 од Насоките, и тоа не само во однос на говорот на омраза.

„Важно е да се сфати дека во дигитализираниот екосистем се менува концептот за уредувачката одговорност – медиумот е одговорен за корисничките коментари што самиот ги поттикнал, наместо да ги разобличи, критикува или отстрани, како што стои во Насоките. За таа цел, секој медиум мора да воспостави и свои правила кои ќе ги објави и на своите страници на социјалните мрежи. Читателите кои го следат медиумот треба да се свесни дека е ова јавна сфера и дека постојат граници на слободата на изразување“, вели Трпевска.

Член 20 – Одговорност за објавувањето коментари од читатели

20.1. Онлајн медиумот е одговорен и за содржината на објавените коментари од своите читатели, објавени на веб-страницата на онлајн медиумот во просторот за коментари, под новинарските содржини.

20.2. Онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него.

20.3. Онлајн медиумот ќе дефинира правила за уредување на коментарите на читателите во просторот за слободно коментирање под објавените текстови и содржини. Тие правила ќе бидат објавени на платформите на кои содржината се објавува и ќе содржат: информации за регистрирањето на коментарите, почитувањето на правилата на коментирање, недозволени содржини во коментарите, причина за отстранување на коментарите и др.

Трпевска вели дека Комисијата за жалби при Советот за етика и оваа година има добиено голем број жалби токму за коментари на читатели кои содржат говор на омраза, но мал број се однесувале на текстови поврзани со уставните измени. „Најбројни беа оние поврзани со одржувањето на Парадата на гордоста. Комисијата во сите такви случаи носеше одлука дека е прекршен членот 20 од Насоките и одредбата 10.4, односно членот 10 од Кодексот на новинарите“, се вели во одговорот на д-р Трпевска на прашањата на ИМА.

Метаморфозис: За уставните измени се шириа дезинформации, за борба против говорот на омраза е потребна поефикасна реакција на органите и зголемена свесност кај медиумите

И од Фондацијата Метаморфозис велат дека на прашањето за оценување на известувањето на медиумите за предложените уставни измени не можат да дадат едноставен одговор, бидејќи немаат направено истражување што би дало јасна слика од сите аспекти покренати од прашањето. „Она што е јасно е дека на теми поврзани со уставните измени се шириа различни дезинформации, особено во врска со содржината на документите како Протоколот со Бугарија, како и низа манипулации засновани на различни интерпретации или полувистини. Впрочем во јуни, на конференција „Градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформации во Република Северна Македонија", директорот на Агенцијата за разузнавање предупреди дека уставните измени ќе бидат една од главните теми на дезинформациски кампањи. За жал подгревањето на политичката атмосфера со дезинформации е проследено и со ширење говор на омраза, особено со цел да се поттикне меѓуетничка нетрпеливост", велат од Метаморфозис.

Во однос на второто прашање - за тоа колку медиумите ги следат етичките насоки за модерирање на коментарите на социјалните мрежи и оневозможување говорот на омраза да биде ширен од нивните профили на социјалните мрежи кои служат како платформи за што поголем број читатели, важно да се укаже дека таа појава е сериозно присутна и не е нова, туку може да се каже дека е ендемска – се вели во одговорот на оваа организација. „Уште повеќе што говорот на омраза на социјалните мрежи не е поврзан само со прашањето на уставните измени, туку според сите искуства и од професионалните организации кои го следат говорот на омраза и од професионалните новинарски организации и од Советот за етика, утврдено е дека тој е присутен најчесто по прашањата за родовата политика, насочен е посебно кон поединци кои се припадници на ЛГБТИК заедницата, припадници на разни етнички/расни групи, членови или симпатизери на политички партии и опции, итн.", посочуваат од Метаморфозис.

Од оваа медиумска организација велат дека според законските норми што го регулираат медиумскиот простор и (Законот за медиуми и Законот за аудио и аудио визуелни медиумски услуги), медиумите се слободни во својата уредувачка политика и содржината на новинарските производи, но и во двата закона постои по еден член кој забранува ширење на омраза по неколку основи, но за жал, во овие одредби говор на омраза по политичка основа не е препознаен.

„Исто така, во неколку членови Кривичниот законик го третира говорот на омраза како кривично дело, а и во Законот за спречување и заштита од дискриминација е прецизно наведено на што се однесува дискриминацијата и кој е должен да се справува со нејзе, а тука се споменати и медиумите. Оттаму, кога се зборува за говорот на омраза, треба да се има на ум дека е регулиран, односно забранет како кривично дело во Кривичниот законик и тоа посебно негово ширење по пат на компјутерски мрежи, т.е. и преку социјалните мрежи", укажуваат од Метаморфозис.

Според оваа организација, затворениот круг во медиумскиот простор во Македонија се создава со тоа што медиумите на своите веб-страници не дозволуваат коментари, но коментарите се добредојдени и дозволени на сметките

на медиумите на социјалните мрежи, посебно на Фејсбук, бидејќи со тоа се зголемува видливоста на написите во рамки на алгоритамот на платформата, а со тоа и рекламниот капацитет на медиумот.

И Метаморфозис посочуваат дека од аспект на саморегулација, медиумите имаат етички насоки да ги модерираат коментарите на своите портали, но и на социјалните мрежи, како што е наведено и во Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, документ кој претставува пример за примена на Кодексот на новинарите во онлајн сферата, изработен и промовиран во 2021 од СЕММ со поддршка на ОБСЕ.

„Но, проблемот е во тоа што медиумите не сакаат да се откажат од коментарите, од веќе погоре кажани причини, а во исто време, според искуството на СЕММ, најчесто велат дека немаат доволно кадровски потенцијал да вршат модерирања на коментарите. Од тука, саморегулацијата преку Насоките не може краткорочно многу да помогне за да се спречат или отстранат коментарите на социјалните мрежи, иако има примери на портали со голема посетеност кои веднаш штом дознале дека има жалба против нивната објава на социјалните мрежи за говор на омраза, било во текстот било во коментарите, ја отстрануваат содржината во целост“, посочуваат од Метаморфозис.

Според оваа организација, долгорочно гледано, преку подигање на свеста кај сопствениците и уредниците и новинарите во онлајн медиумите и воведување интерни процедури во редакциите според Насоките и другите професионални етички принципи, може да се делува преку подигање на јавната свест за потребата да ги модерираат коментарите или за оние содржини за кои е лесно да се претпостави дека се многу ризични за коментари за говор на омраза да не ја споделуваат на социјални мрежи или да забранат/модерираат нејзино коментирање.

„При тоа треба да се напомене дека, во рамки на претходно преземените обврски во односите со Европската Унија (EU Code of Conduct against online hate speech), како и според новата ЕУ регулатива која неодамна стапи на сила, платформите треба да имаат сопствени механизми за отстранување на нелегални содржини, во кои спаѓаат и содржини поврзани со кривични дела како говор на омраза. Попрецизно, обврски против говорот на омраза се опфатени со Законот за дигитални услуги (Digital Services Act) кој нашата земја како кандидатка за членство во ЕУ треба да го усвои и применува во најскоро можно време“, укажуваат од Метаморфозис. Воедно, тие објаснуваат дека овие механизми се различни од оние поврзани со проверка на факти. Така на пример, методологијата на Партнерството за проверка на факти од трети страни на Фејсбук, во кое учествува и Вистиномер, не опфаќа и маркирање случаи на говор на омраза.

Во однос на спречување говорот на омраза на присуствата на медиумите на социјалните мрежи, во Метаморфозис велат дека е неопходна константна работа на терен со сопственици/ уредници/ новинари во онлајн медиуми за подигање на нивната свест за опасноста од говор на омраза и дискриминација по која било основа на социјалните мрежи во коментарите на нивните објави, но и на посебно внимание кон креирање на текстови што се потенцијален ризик за говор на омраза и дискриминација.

„Исто така, неопходно е прекинување на културата на неказнивост, преку засилен надзор од државата во соработка со граѓанскиот сектор и со

специјализирани новинарски организации во мониторинг и пријавување на говорот на омраза и дискриминација на социјалните мрежи и се разбира, многу поефикасна и побрза реакција на истражните и правосудните органи во делот на санкционирањето на ширењето на таков говор“, се вели во одговорот на Метаморфозис до ИМА.

Заклучоци и препораки: Како да се делува за намалување на поларизацијата, дезинформациите и говорот на омраза во медиумите и на социјалните мрежи?

Од ставовите, перцепциите и информациите изнесени во оваа анализа од професионалните медиумски организации, саморегулаторните тела и медиумските истражувачки организации, може да се заклучат неколку работи.

Прво, преовладува впечатокот дека јавната дебата за уставните измени е мошне поларизирана, а во тоа придонесуваат и дел од медиумите, при што тоа е највидливо кај оние медиуми што се блиски до политичките опции што се спротивставени по ова прашање, и се рефлектира најмногу на социјалните мрежи.

Поларизацијата по ова прашање е само дел од „битката“ за речиси сите теми, што се наметнува главно од политичките актери.

Воедно, како што укажаа и Репортери без граници во последниот извештај за земјава, политичката поларизација се засилува преку паралелните медиумски системи создадени од партиите и од власта и од опозицијата, а за влошување на медиумските состојби придонесуваат и економските притисоци врз медиумите, како и социјалните мрежи кои генерално го фаворизираат ширењето на дезинформации, што во комбинација со ниските професионални стандарди резултира со пад на јавната доверба во медиумите и засилување на нападите врз медиумите и новинарите. За да се адресираат овие комплексни проблеми очигледно е дека се потребни многу напори од страна на сите актери, и во политиката и во медиумите, како и соработка во добра волја меѓу нив, нешто што за сега недостасува.

Но, индикативно е тоа што за медиумското известување за уставните измени, како што укажаа ЗНМ и СЕММ, има малку претставки до медиумските саморегулаторни тела, што покажува дека засегнатите страни ги користат малку саморегулаторните механизми за да ги адресираат можните етички прекршувања на медиумите во известувањето за ова прашање.

Освен тоа, видливо е дека недостасуваат и посеопфатни квантитативни и квалитативни истражувања за известувањето на медиумите за оваа важна тема, која е предмет на врвен интерес на јавноста подолг период. Дел од организациите со кои контактираше ИМА посочија дека немаат попрецизни истражувања насочени кон оваа тема па затоа се воздржаа од одговори за оценување на известувањето на медиумите за уставните измени.

Можеби причина за тоа е недостатокот на средства – имено, општопознато е дека со години недостасува поддршка од државниот буџет за истражувачки проекти на научно-образовните установи. Но, прашањата поврзани со преговорите на

земјава за членство во Европската унија, вклучувајќи го и прашањето на уставните измени кое влијае и на поддршката за самата ЕУ во земјава, а и на поларизацијата, засилувањето на дезинформациите и говорот на омраза, заслужува посериозен третман и од аспект на медиумските истражувања.

Можеби средства за вакви зафати повторно треба да се бараат и очекуваат од меѓународните и од фондовите на ЕУ, вклучувајќи ги оние за прекугранична соработка – бидејќи прашањето на говорот на омраза е посебно поглавје во Протоколот од вториот состанок на Заедничката меѓувладина комисија со Бугарија, во кој двете држави се обврзуваат дека ќе преземат ефикасни мерки за превенирање на недобронамерна пропаганда од страна на институции и агенции и ќе обесхрабруваат активности на приватни субјекти, насочени кон поттикнување на насилство, омраза или други слични активности, кои би наштетиле на нивните односи.

Од одговорите, исто така, се воочува согласност на експертите дека голем дел од онлајн медиумите не ги почитуваат Насоките за етичко известување, кои упатуваат на одговорност и за содржината на коментарите на читателите. Медиумите треба да ги модерираат дискусиите на нивните страници на социјалните мрежи, и да ги отстрануваат коментарите кои содржат говор на омраза, дискриминација, повици на насилство или други кривични дела, закани други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со објавениот текст или темата што се обработува.

Иако дел од медиумите се правдаат дека немаат човечки ресурси или финансиски средства за таква операција, оправдувањето се чини дека има тенка основа, особено ако се има предвид дека во земјата има и примери на онлајн медиуми кои сепак успеваат да ги модерираат дискусиите на нивните читатели на социјалните мрежи. Ова води и до друг веројатен заклучок, дека дел од медиумите намерно користат сензационализам, провокативни наслови или кликбејтови и дозволуваат секакви коментари со цел да ја подигнат читаноста на нивните постови и веб-страници. Во иднина, треба да продолжи и работата на подигање на свесноста кај медиумите дека овие прашања само придонесуваат за намалување на довербата во нив и за бегство на публиката од медиумите што е и светски тренд, како што укажуваат истражувањата на Ројтерс институтот од Универзитетот во Оксфорд.

Во однос на говорот на омраза, медиумските организации постојано укажуваат дека за негово минимизирање и сузбивање е потребно конзистентно дејствување и координиран одговор од надлежните институции – пред сè МВР и Обвинителството. Години наназад, во земјата преовладува пракса на неказнивост на говорот на омраза. Иако се чини дека таа слика се менува во последно време, ситуацијата на терен, и во реалниот и во виртуелниот свет, вклучувајќи ја и жестоко поларизираната дебата за уставните измени, укажува на потребата од далеку поголеми институционални напори во оваа насока. Секако, во оваа насока, важна е и улогата на медиумите, кои треба да се вклучат поактивно во справувањето со овој негативен феномен и да се воздржуваат од содржини кои шират или предизвикуваат говор на омраза.

(Авторот е претседател на Институтот за медиуми и аналитика ИМА и медиумски истражувач)

Референци

1 Кодекс на новинарите на Македонија, достапен на https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

2 Насоки за етичко известување на онлајн медиумите, СЕММ, достапни на: https://semm.mk/dokumenti/korisni-resursi/kodeks/850-nasoki-za-etichko-izvestuvanje-na-onlajn-mediumite

3 „Со невистини за Протоколот со Бугарија се подгрева атмосферата пред уставните измени“, Вистиномер.мк, 07.08.2023, достапно на: https://vistinomer.mk/so-nevistini-za-protokolot-so-bugarija-se-podgreva-atmosferata-pred-ustavnite-izmeni/

4 „Агенција за разузнавање: Ќе бидеме мета на дезинформации за уставните измени, црковното прашање и изборите во 2024“, Вистиномер.мк, 21.06.2023, достапно на: https://vistinomer.mk/agencija-za-razuznavanje-kje-bideme-meta-na-dezinformacii-za-ustavnite-izmeni-crkovnoto-prashanje-i-izborite-vo-2024/

5 Репортери без граници, Северна Македонија, достапно на https://rsf.org/en/country/north-macedonia

6 Протокол од вториот состанок на Заедничката меѓувладина комисија со Бугарија, објавен од Министерството за надворешни работи на Р.Северна Македонија, достапен на https://www.mfa.gov.mk/mk/page/13/post/3040/protokol-od-vtoriot-sostanok-na-zaednichkata-megjuvladina-komisija-so-bugarija-sken-od-oficijalnata-potpishana-verzija

7 Ројтерс институт, Универзитет Оксфорд, Проект Доверба во вестите, достапно на: https://reutersinstitute.politics.ox.ac.uk/trust-news-project

